



# Јас Птоломеј МКД
# &
# Н.В. Ништото

СТАНКО ПАВЛЕСКИ
**2009**



## Biljana-Novi Sad

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Wed, Aug 13, 2008 at 8:43 AM

Poshtovani,

Nisam mogla da odolim da Vam ne napishem mail, kada sam naishla na adresu i naravno veliko razocharenje da ste imali izlozbu u Novom Sadu proshle godine, a ja nisam znala.

Ja sam Biljana (Popovic), sada Kljajic, vash nekadashnji student i sada zhivim u Novom Sadu, molim Vas ako je ikako moguche, da me nekako obavestite kada sledechi put bude bila izlozhba.

Ujedno shaljem puno pozdrava i nadam se da sam bila dovoljno dosadna, ali volela bi da znam shta se deshava... josh uvek sam Vash veliki fun.

—
Biljana Kljajic

## Draga moja...

**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana
Show details Aug 16, 2008

... пријатно ме изненади твоето јавување, посебно што емоциите кон мојата прва дипломка се повеќеслојни.

За мојата изложба „Бротче од тврдо писмо“ во рамките на Балкан Арт 2007, не бев во можност да те известам, но во Нови Сад се распрашував за тебе кај Сава Степанов - историчар на уметноста - директор на Центарот за култура Златно Око и арт директор на Балкан Арт.

Тоа сега и не е важно, но секако би сакал да знам нешто повеќе затебе: за твоите животни патишта (кон тие нешта, ти го честитам бракот и ти посакувам од убавини глава да неможеш да кренеш) и професионалните ангажмани.

Ќе ми допуштиш да ти пренесам нешто за мене: ... синот Бојан има 24 г., од Октомври ќе биде IV година на катедрата за Мировни студии во Скопје и интензивно се ангажира со изучување на јазици и понешто во партиски активности; сопругата Билјана е транзициска жртва што сега води малски маркет за прехрана; мајка ми Богдана на која домот и децата секогаш и беа светиња, сега се бори со годините и со телевизиите, а пак јас кому уметноста му е светиња и натаму не научив друго да работам па правам некаква уметност за која некои дури сметаат дека е и добра, а и оној Редовниот професор Павлески сеуште се труди на студентите да им ја пренесе љубовта кон онаа занесна и болно сериозна заебанција што се нарекува уметност. Пишувајќи ти го ова (за човечкото големо обично) се потсетив на едно писмо што Маларме и го испраќа на неговата пријателка Жорж Санд (незнам од каде влета), во кое наведува дека безмерно и завидува што таа секогаш имала и многу чиста љубов што видно ја расевала околу себе, а пак тој себичниот заробеник во загатките на белината неможел полно да ја доживее и почувствува убавината на живиот живот. Натаму продолжува со: ... Колку само драга моја, колку ќе бев среќен да имав само едно дете, но и љубов како твојата.

А јас Биљана, сакам само да ти го пренесам чувството дека овој Маларме е врашки во право, ... во ред, во право е човекот, но што тоа го допира универзумот, нели и ти драга моја токму за тоа се прашуваш?

Имам повеќе нешта за кои би сакал да разговараме, но пишувањето мејл е како доброто црно што не е кафе и затоа те молам јави се кога ќе бидеш во Скопје (се надевам не си фрлила камен), бидејќи незнам кога јас ќе можам да бидам во Нови Сад во кој сум вљубен.

Не би личел на себе доколку не испратам и некоја слика, овој пат ќе ти додевам со неколку фотки од изложбата во Нови Сад, а следното јавување нема да пропуштам дополнително да ти додевам низ слики.

Поздрав до тебе, до твоите (мајка ти и брат ти нели ги запознав...но со таткоти сум ја немал таа среќна прилика) и секако до твојот среќник.

... PS. Те очекувам ... Станко Павлески










vip

# ПРОЕКТ ПРЕДГОВОР 2[1]

**Александра КРАЈИНОВИЌ** [2]

***Мојот привид, доколку постои видување како вовистинување на уметничкото дело***
***За проектот "Бротче од тврдо писмо" на скулпторот Станко Павлески***

На една изложба (април 2002), гледам една окераста книга поставена на поличка од плексиглас (како да треба да гледам низ неа за да дојдам до содржината), а на ѕидот до неа проектирано е името на авторот исклесано во камен. Возбудливи релации: името онака поставено, како авторот да го става на преиспитување своето дело и суштините кои стојат зад него, а пак од другастрана изработено во материјал со кој неможеш да манипулираш! Во самата книга полна со прашања до "Посредувачот" еден дел ми одзема внимание: Да не се биде без работа е основна животна филозофија – дајте да правиме уметност. Што со тоа? Дали се гушат авторите со задавање на туѓи задачи искажани од Посредувачите: наслови, начини на работа, материјали, и други иницијалности од секаков вид, за по сето тоа да му се даде на уметникот одврзани раце за неговите идеи?!
Книгата "Ненапишана книга до посредувачот" ме исправа пред нов прашалник - има ли такво нешто што не е напишано а всушност можеш да го прочиташ? Но всушност кој е "Посредувачот"? Барајќи го одговорот морав да ја разгледам книгата. Онака однадвор едноставна но со малку чудна содржина: прашања и констатации до Посредувачите – Ликовните критичари и теоретичарите и нивните окружувања. Така тие стануваат предмет на авторовиот креативен интерес, бидејќи станува очигледно дека се е рамноправно во неговото поле на дразби и проективен поглед. Дали "некој" овде сака да ги "научи" луѓето како да си ја вршат својата работа или уметникот сака да постави "граници" на простирање на уметноста наспроти "коментарите" испишани од страна на ... сите оние кои попат се и условени и засегнати од насоките на самото тоа простирање на уметноста. Со насловот на проектот "Широко отворени очи" увидувам дека давање објектност на една книшковна форма неможе да ја постигне посредувачот и ... повторно се враќаме на границите и растегливоста на рамките што ги тестира авторот.
На друга изложба (ноември 2004), јас веќе запознаена со претходната работа на уметникот; кога дојдов во допир со делото прв впечаток ми беше: Што бараат оние дебели книги над постаментот? Зошто скулптор би напишал книга? Белки за да има

---

1 Јас ја сакам уметноста, но повеќе ги сакам децата. Само накратко го отсликувам она што можев да го видам, насетам и доживеам. Првпат пишувам со цел да опфатам и „протолкувам" нешто така сериозно: гранично и лизгаво во својата ликовно уметничка структура, а над тоа, моиве писанија прекршени низ проекциите на авторот со самото тоа да би станале уметност?! Без оглед на моите компетенции, ова ми се допаѓа!

2 Дипломиран професор по предучилишно воспитание

2 кг. предмет и суштина во рацете, но и во делото. Која е категоријата за која има толку да се пишува? На еден портокалов постамент поставени три книги а преку нив стакло, а над секоја книга поставена иста таква. Добиваме уметничко дело од книгата со нејзино вградување во скулптурално тело на делото. Нејзината достапност за разгледување повторно не враќа во нејзината книшковна суштина. Авторот си поигрува со овие две димензии на книгата. Секако си поигрува и сонас, всушност со нашата желба да допреме до оската на делото, а таа всушност има повеќе оски; Во што е овде работата? Да читам одозгора, да претпоставувам што пишува одоздола? Можните одговори можев да ги насетам од самиот наслов "Книга над кориците – Моја антологија, македонска уметност и критика 1954-2004". Изборот го направил самиот уметник – авторот имал макотрпна работа таа количина на живот и труд да ги собере во една книга која дава приказ но и насоки дека кај секој уметник (100-тина избрани) постојат и повеќе нешта кои не ги гледаме или читаме.
На трета изложба (декември 2005) спакувано во еден здиплен облик како некој да сакал од хартија да направи обвивка за ЦД се најде каталогот на уметникот Спасе Перовски, а во него завршетокот на ова патешествие од три проекти "Проект Педговор – како да напишам добра критика како што пишуваат ликовните критичари" спакувано во една книшковна форма која претставува целина сама за себе. Предлогот за оваа критика авторот го искористил за "целосно превземање" на улогата на "Посредувач" бидејќи во збунетост од нивните пера почнал да ги доживува како импресија или поезија. Од гледна точка на автор и уметник го "коментира" делото на Спасе кое е предизвик за неговите "критичарски" иронии. Иронијата е очигледна во "желбата" на авторот да пишува како критичарите бидејќи во претходните два проекта ни демонстрира незадоволство од вкупната историчарска и критичарска пракса. Тој всушност пишува така како што чувствува дека би сакале да бидат толкувани уметниците: малку опис, малку поводи, малку историски контекст, малку другости над делото. Имам впечаток дека така пристапуваат и самите критичари, па каде е тука проблемот? А ха, се сетив: мрзеливи се и летаргични за да имаат перманентен толкувачки интерес и перманентен тесен контакт со субјектот и предметот на нивно толкување.
Во "Бродче од тврдо писмо" авторот ќе ја изложи и полемиката објавена во списанието Арт Република бр. 6 и 7 од 2006 г. , помеѓу историчарката на уметноста Ана Франговска и уметниците Станко Павлески и Томе Аџиевски (неговиот самостоен дел од одговорот нема да биде изложен ), автори на проектот " Трилогија Провинција 1 - 2 - 3 ". Полемиката завршува со одговорот на авторите ( каква е тоа полемика ? ). Повиканата во "играта " не ја користи шансата да се одрази, а јас секако тоа нема да го направам. Добивајќи на уметничкост страниците од списанието одново стануваат актуелни, па повелете, доколку имате ( очекувано да имате ) потреба од јавност на вашето стручно мислење, бидејќи вие не сум јас .
Денес 2007, овие проекти од 2002, 2004, 2005,2006 (но и неколку други од 2002, 2003, 2005 и 2006, што не влегоа во „Бротче од тврдо писмо"), дефинитивно и овој мој текст за нив, го заокружуваат тој тврд текст од кој авторот го обликува тоа свое имагинарно бротче со кое како да надпловува и наджива.

# Za uz crnu kafu

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Wed, Aug 27, 2008 at 1:08 PM

Svidja mi se ime Tvoje izlozhbe i puno hvala za slike...

Chula sam za Savu Stepanova i mislim da smo se jednom i upoznali, ali kad sam doshla u Novi Sad ushla sam u jedan sasvim drugi i manje oficijalan krug ljudi.

Upoznala sam Ivanu Indjin koja je tada vodila, a mislim da i sada vodi Kamerno pozorishte muzike -Ogledalo-, to je nevladina organizacija koja organizuje najrazlichitije umetnichke dogadjaje, u to vreme bila je aktuelna drama u edukaciji, rad sa decom sa nedostatkom u razvoju, a sada to radi pri novoj NVO Sasa Asentich koji je osnovao -Per. Art-, on je bio Ivanina desna ruka, ja sam radila u ofisu i scenu sa decom sa daunovim sindromom, u principu tamo su svi radili sve. Isto tako i muzichki festival -Interzone-festival nove muzike, ovaj festival inicirao je Boris Kovac, on je otac Ivaninog deteta, ne mogu da kazhem muzh, jer joj nikada nije bio muzh...komplikovano. Ali svaki njegov nastup, bash kao i njegov zhivot je umetnost. Ivana je drama sama po sebi i u potpunosti je posvechena svom radu.

Cela pricha oko -Ogledala- je svedochenje o tome da umetnost mozhe da se zhivi, ali se zbog toga jako teshko opstaje. Sa njima sam ostala godinu dana, bilo mi je jako lepo i pri njihovom jednom festivalu imala sam izlozhbu -Zrno i kisha-.

Onda sam morala da se osvestim i nadjem posao od kojeg mogu da placham rachune.

Zaposlila sam se u Studentskom centru, drzavna firma koja se bavi studentskim smeshtajem, radila sam na unosu podataka i tu i tamo odradjivala neka grafichka reshenja za njih, kod njih sam ostala vishe od 4 godine.

Kada sam imala 26 godina «odluchila» sam da chu da rodim dete do 27 godina...htela sam da budem Kisha, jednom novom zrnu... Sa punih 27, rodila sam sina Milana, uz to sam se i udala, a Milanov otac i moj muzh Borislav bio je moj najbolji prijatelj. On je eto sasvim normalan i dobar, ugodan kao omiljena odecha koju nosish kada dodjesh kuchi, ali ovaj sistem u kojem zivimo pretvara ga u roba posla, gde mu je jedina porodica direktor i pretpostavljeni...da li treba da kazhem da radi u banci?

Ja sam napokon dala otkaz u Studentskom centru i evo pre par meseci otvorila sam likovnu shkolicu za decu. Da bi izbegla birokratske gluposti u nazivu nema imena skola ili sl. pa se zovemo, -mali kreativni centar HeArt-, josh o ovome govorim sa strahom, ne znam kako che biti, ali kad bi znala ne bi bilo zabavno! Do sada imam decu do 10 godina i zahvalna sam shto imam toliko toga od njih da nauchim, ove dane spremamo

prvu njihovu izlozhbu. Nadam se da chu im biti dobra, kao shto si Ti meni i nemogu da kazhem bio, zato jer u mom srcu chuchi jedan Stanko koji pricha prichu dalje...

Drago mi je za Bojana, mirovne studije… to bash lepo zvuchi, valjda che nasha deca biti nashi svetionici na ovom uzburkanom moru, zhelim im da imaju ochi za lepotu i sve shto ona stvara, ali i puno snage da se izbore sa smechem koje nikako da sagori. Shto se tiche Biljane, zhene, ipak mislim da je jaka shto je uspela da se izbori i ima svoj posao, to je uspeh, neuspeh bi bio da je postala anksiozna i slaba, a vidim da to nije. A shto se tiche Tebe, u to verujem i znam da uvek radish pravu stvar, zapravo edu care, cilj je educirati i brinuti se o onima koji su nam dati da ih poduchavamo, ogromna odgovornost, a mudri ljudi imaju vishe obaveza nego privilegija. Hvala Ti shto si se nashao u mom zhivotu i shto ponovo imam priliku da prichamo. Sada kad znamo detalje :), mozhemo da prichamo i o velikim stvarima „Бродче од тврдо писмо“ , izgleda mi odlichno, zhao mi je da to nisam pomirisala uzhivo.

PS. Ja chu poslati slike posle izlozhbe,

pozdravljaju Stefan i mama, a ja se ne pozdravljam...... :) B.

## Од каде да почнам?

**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana
show details Aug 31, 2008

Почниси од почеток Станко, си велам (разврзиси...), дури и тогаш кога тргнуваш од крајот, тоа често нели, како да се однесува на почетокот, а и Биљана ќе има разбирање за твоите тешки дилеми, нели чувствуваш, насетува дека имаш повеќе нешта што сакаш да и ги пренесеш за себе, та за тоа те бидува, ти знаеш дека не те бидува за други штогоде нешта!?

По ова почетно вежбање на перото да ти кажам дека вистински уживав во твојата животна приказна, дури и во твојот нормален страв (ах тие стравови) дали HeArt-от ќе успее да фати корен, а она слатко Зрно верувам го наследило талентот и убавината на мама, а врлините и преданоста на тато. Инаку, Зрно и Киша убаво ми звучи, колку ли прекрасни замки лежат во тие две суштествености?

Ме навраќаш на Бродче од тврдо писмо, ти благодарам, бидејќи во тоа Бродче... и во Јавност на Полубратска б.б. (Скопје, февруари-март 2008, Мала Галерија) е вграден фин дел од моите уметнички настојувања од 2002 г. наваму, низ кои влегов во друг-видоизменет уметнички филм, доколку е возможно излегување од сопствената кожа. Еве и некои генералии за Мала Галерија, таа е личен проект на историчарот на уметност Бојан Иванов (негов простор и финансиска

покриеност), сметам едно од малкуте вистински концентрирани историчарски и критичарски пера во Македонија. Јас само би сакал Бојан да посака да биде по продуктивен во толкувањето на нашата уметничка сегашност. Неговите настојувања да даде вистински комплетен личен придонес на уметничката сцена се раритетни не само за Македонија туку и за поширокиот ни простор. Јас му посакувам да трае (до сега реализира 5 самостојни изложби), всушност да трае таа незагадена убавина, бидејќи има професионална и финансиска можност, народски - да си го прави кејфот, бивајќи покрај другото и контрапункт на оние што практикуваат на авторот да му ги диктираат иницијалностите со кои тој би требало да се бави.

Да се вратам на моиве последни проекти (сепак последен е Marcus Garvey & Man Ray Theatre 1913: presents - New York via Dar es Salaam: Black - White trans perversions, јуни 2008, реализиран во Македонскиот Културен Центар во Њујорк како дел од заедничкиот трипартитен проект Проекција Балкон: Париз - Њујорк – Дар ес Салам, со колегите Т. Аџијевски и Ј. Шумковски) кои сакам подетално да ти ги доближам и преку двата текста што беа објавени во каталозите за нив, бидејќи сметам дека пристојно ги растајнуваат нивните суштини. Ти испраќам и неколку фотографии од Јавност на Полубратска 6.6.

Еј Станко! Ти вистински се развrза/разлеа нашироко. Прости што одеднаш премногу ти додевам со мојата работа, како да сакам да соберам се во една капка.

Станко

# Јавност на Полубратска б.б.

Со *Јавност на Полубратска б.б.* ја затворам продукцијата поттикната од односите околу делото и создавањето. *Полубратска б.б.* е метафора за односното и состојбите произлезени однего.

*Јавност на Полубратска б.б.* обединува неколку проекти (2005 - 2007) што не добија на потребна Јавност (за мирно да завршам со ова...), бидејќи: дел се проекти реализирани in situ и изложбено не се третирани; дел не се реализирани и презентирани во Скопје (центарот); дел не се изложувани во Македонија; дел се проекти во списание (јавен, но медиум што не определува уметничкост), а сите заедно, бидејќи уметничката продукција не се следи доволно и занеа не се пишува доволно.

Во проектите проблематизирам и иронизирам со околностите на делото и создавањето и со субјектите на таа околна пракса, најдени во зоната на интереси, зависност и условеност. *Полубратска б.б.* е локација - седиште на сојузи врз филозофијата на нужното. Таквото нужно е димензија на мојот интерес – место во кое се вкрстуваат авторот и институциите; авторот и критиката; авторите; авторот и уметничката стварност; авторот и творечкиот амбиент; авторот и релативизациите и на нив слични состојби.

Во проектите се занимавам со сакањето/посакувањето. Сакам да ја опитомам суетата. Сакам повеќе волја за слобода. Сакам професионалност, и сакам многу друго што ми/ни недостасува. Сакам за уметноста да се пишува барем онолку колку што се создава уметност, и тоа: заради толкувањето и посредувањето - заради заробеното парче време и придонесот во надживувањето на најличното од она што е создадено, и заради себесамите (тие по перото), надживувајќи во личното од она што е напишано во времево - тренд на грда релативизација на вредностите. За уметничката продукција кај нас премалку се пишува, но затоа пак премногу се зборува занеа. Како да се објасни овој квалитет на нашето традиционално необврзно ташкарање по материјата, без притоа (од другастрана) да не се нагрди со она, к'о - попат искажувано од повиканите на пишување, дека: доколку за делото не пишувале, тоа како да непостоело. Има во исказов и дел врашка вистина што ме турка во прашалници. Што би било доколку би пишувале (а и пишуваат) вака оптоварени со споредности (отрови ли се, дали немоќ, што враг е?) - тоа би ја запечатило „вистината" за уметничкото дело? Другоста пак во ова, сé поприсутно, за пишувањето (пострана театарот на зборовите/зборувањето) наликува на волшебствата од театарот на сенки, градени од нужностите (што да се чини за да се биде) на веќе медиумот – толкување на уметничкото дело, трансформирани во лажна/

превртена слика за некаквата потреба од надредување или  прередување.

Мене ми е нужна убавината во отсликовноста на зборовите.

*Станко Павлески, 07.01.2008*

## ***Нови станари на старите адреси и... обратно***

Некогаш (порано), уметниците минуваа низ фазите на своето творештво, речиси, како да се небески тела коишто ја следат својата судбина на промени. Денес, пак, наместо еднонасочното движење по разновидните теми, ликовни изрази и знаковни системи, творечкиот интерес мигрира од еден медиум во друг.

За скулпторот Станко Павлески (1959, Ерековци, Прилеп), просторот на Мала Галерија е попатна адреса на овие миграции, а изложените објекти се новиот живот на неговите сеќавања и сведоштва за минливиот творечки миг. Местото за средба со јавноста е всушност една лажна адреса, една двосмислена игра со зборови.

Темите на Павлески се во тек на постојана преизградба - во секое соочување со другиот. Тековниот објаснувачки контекст на авторот е темата на недоразбирањата помеѓу кревкото дело и општествените очекувања. Тоа ќе рече, сѐ додека ликовите и настаните од неговата драма на страсти не заминат на некое друго место.

*Бојан Иванов*

Уметничка кота 615 (во рамките на проектот Ораовдол 2), 2005,
знаме и фото - објект од перформансот и престојот со група колеги
во манастирот св. Арх. Михаил, с. Теово - Велес






УМЕТНИЧКА
615











Иницијална дебата УК 615
(во рамките на проектот Ораовдол
2), 2005, округла маса, 10 столни
знаменца и папка со фотографии од
перформансот и престојот со група
колеги во манастирот
св. арх. Михаил, с. Теово - Велес












Наградата „Нај Легач“ доделена на колегата Т. Аџиевски







Со Аџиевски на теренска работа, 2005, фото - објект од престојот во манастирот св. Илија, с. Витолишта - Мариово









Проект Предговор, 2005, спакуван плакат - каталог, 2 плакати и книжуле - предговор (Како да напишам добра критика како што пишуваат ликовните критичари) во А6 - 35 стр., во/од каталогот за проектот „Кинетичка слика“ на Спасе Перовски, Велес - Ликовна галерија




Комерцијална полемика, 2006, 3 фотографии А3,
проект во списанието Арт Република бр. 6 и 7



Authors

1. За македонската уметност денес, сегашност и перспектива...

2. Државните и индивидуалните галерии и институции. Проблеми и решенија. Што предлагате?

3. Влијанија...

4. За дигиталното доба и авторските права...

5. За мекедонскиот пазар на уметност и уметничкиот менаџмент. Постои или не постои?

6. Државната политика за уметност

1. Macedonian art today. It's present and the perspectives...

2. State and individual galleries and institutions. Problems and solutions. What do you suggest?

3. Influences...

4. Digital age and copyrights...

5. About the Macedonian art market and art management. Does it exist or not?

6. The State policy in regard to Art.

Stanko Pavleski,
Означено за акција, 2006
Marked for action, 2006

Интервју - Означено за акција, 2006, фотографија А3 ,
проект во списанието Арт Република бр. 7 - CD Галерија

# (no subject)

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Thu, Sep 4, 2008 at 11:12 PM

O da... sad malo jasnije vidim,

Uspela sam da ipak ulovim nit koja se provlachi i ono shto sam pomalo razumela je da se definitivno deshava neshto jako vazhno.

Kod onog dela gde se opisuje "postavka knjiga", to mi je razigralo srce prepoznala sam Stanka, ali i ono dalje... komentari drugih o Tebi i nachin na koji dalje dajesh sebe i shirish dojam o sebi... koliko je to vazhno... i priznajem nije se bash lako baviti tom problematikom, autor-institucija, autor-kritika, autor i umetnichka stvarnost... to mogu samo superheroji.

Ali josh uvek verujem da jedino onaj koji poradja sebe u svoju ideju, zna koliko je vazhno razumeti, (mozda to nije prava rech razumeti to je vishe i pre razumevanja) ono shto je i pre samog uma i razmishljanja, mesto gde nas kreacija cheka da odaberemo pravi jezik i nachin na koji chemo isprichati svoju prichu o stvarnosti, dok drugi vide izvrnutu sliku i obrnuti poredak, a vidim da bash to i pishe u tvom tekstu...

I sve shto sam videla podsecha na ciklus, nishta nije prestalo i nishta nije zatvoreno i kao da josh uvek traje ili traje sada za mene...chak nemogu nishta da kazhem, jer je toliko bolno ozbiljno...

Stvarnost me prvo protresla, pa me je potresla...i to je valjda dobro. Inache oko onog "izlazhenja iz sopstvene kozhe"...mozhe to da bude dobro...iako tvojoj kozhi bash nishta ne fali.

Ja se vech dugo pitam zashto me likovan izraz uopshte privlachi, kako to da mi se to desilo u zhivotu, zashto jednostavno ne odem kod frizera i reshim sve svoje probleme... i eto uvek zacvilim pod sopstvenim zubima...nishta na ovom svetu nije toliko jednostavno i jasno i nishta nemozhe da nas uchini toliko potpunima, kao ta luda igra od stvaranja, kada kap padne sve opet pocinje...

Mene proganja nekoliko misli, stala sam na jednom mestu gde se pitam shto je koliko stvarno! Fantastichna zamka za moj um. Fascinirao me Masaru Emoto sa vodenim kristalima, gde opisuje kako nasha namera deluje na okolinu, kakav oblik poprima voda kada joj poshaljesh odredjenu poruku, a oblik mozhe da se vidi kada tu vodu zamrznemo i vidimo formirani kristal. Dao je primer sa vodom kojoj je izgovarano «budalo» i «hvala» i josh mnogo razlicitih pokusa. Kao i «Chladni patterns» eksperiment u kojem zvuchni talasi formiraju geometrijeske slike, koje jako podsechaju na mandale tzv. slike sveukupnosti.

I nishta mi posebno nije palo na pamet, nego da pre svega moram da dozvolim sebi sebe, pa makar moj sledechi korak i ne bude neshto izuzetno pametno, da bar onda bude iz ljubavi ili zelje :) uostalom shta nas i pokreche dalje.

I da...volim da mi pishesh puno...Ti uvek lepo prichash..



Masaru Emoto & Ernst Chladni

**... Sep 6, 2008**

## Bistra Voda...

**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana
show details 4:52 AM

За момент ми го врати доживувањето на веројатно најубавата инструменталка на Леб и Сол, одамна не сум ја преслушал таа прекрасно отсвирена природа, а ме потсети и на неколкуте фотографии што сум ги видел од Емото (уживам кога латиничното ќе се поклопи со кириличното), но бидејќи недоволно сум запознат со целоста и суштините, го отворив на интернет... фасцинантни се неговите истражувања за Недопрената Вода (моја конструкција) и сликите за нејзината чувствителност, наспроти моиве првични просточовечки дилеми: дали водата замрзнува/кристализира физичкост предизвикана од звучните/говорните бранови (би бил разочаран да е само тоа) или е она по лудото, дали можеби го заробува сопственото чувствување во смисла на нашето човечко димензионирање на чувствителноста. Но, нели човекот секако не е мерката за се во космосот. Веројатно овој силен алтернативец ја растајнува оваа моја запрашаност во неговите студии и семинари, но јас за жал за тоа имам само бегла слика.

Она што ми е посебно возбудливо е длабокиот поглед на Емото, неговата иницијалност во помислата дека Водата е недоволно истражена материја (а нели е извор на животот) и другото, неговото барање на одговорите во музичките и говорните вибраци (можеби и нивното значење и предизвикуваната чувственост) како агенси упатени кон нејзините две агрегатни состојби. Незнам дали правел истражувања и со пареата и што во неа би можело да биде заробено или пак ослободено, доколку таму не престанува животот и ако е тоа некој претпоставлив услов. Пријатно ми е што се бавам со овие претпоставки бидејќи е блесаво да помислам (но сепак...) дека Типот би можел овие нешта да ги пропушти, ако заради ништо друго заради комплетноста на опитот.

Појдовната точка - претпоставката на Емото ги содржи основните предуслови (скоро училишни) а тие се доволно појмливи за проектноста: иницијација и причинско -последичен процес доведен до материјалност, слика за она што постои/постоело, но требало да биде откриено.

Во овој контекст ми се наметнува една реченица на Мишел Уелбек што парафразирано (да не ја барам) гласи вака: Да се пишува за она за што верувате дека другите не помислуваат е доволно за книжевност.

Но добро легнува и една друга, ама на Лудвиг Вигденштајн од неговите Филозофските истражувања: За она за што неможе да се зборува, најдобро е да се молчи.

Јас пак секоја работа си ја вртам на уметност, бидејќи работам со можностите на растегливоста на ликовно-уметничките рамки, како што ти си всредоточена на она „Што е колку вистинито". Ми се допаѓа тоа каде ти забегува мислата и на тоа вреди да се посвети време, всушност дозволи се себеси (во духот на твојата конструкција), тоа секако ќе те фрли на некоја обала во форма на некаква уметничкост. Насетувам дека зафаќањето со сомнежите во нашиот поглед и стереотипите во поимањето, доколку ловам барем дел од твојот поширок комплекс на себепоставеност кон оваа игра на можни дуалитети, може да биде возбудливо искуство. Има тука широк простор за доволно слободна волја и максимални лудости во делкањето на материјалната исказност и конечната изразност.

Ти должам и за откривањето на Chladni, го отворив, типот во она време се бавел со влијанието на звучните бранови врз структурирањето на одредени физички состојби - распоред на честици врз вибрирачки метални плочи... впечатливо...

Ти и овие Двајцава ме фрливте во прекрасна ментална гимнастика, но мора и да се спие...

## (no subject)

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Sat, Sep 6, 2008 at 12:19 PM

Setila sam se jedne priche koju mi je isprichao jedan prijatelj, kada smo prichali o nekim obichnim domachinskim stvarima, vecherali smo i njegova zena (moja kuma) kazhe, "neznam shta je, ali danas mi nije uspeo hleb", a ona je kupila neku mashinicu u koju ubacish sve sastojke i eto hleba, a on kazhe "materija pamti" i ispricha prichu o nekoj laboratoriji gde se pripremao neki reagens, ruchno ga je spremao jedan laborant, vremenom se uspostavilo da je taj reagens veoma dobar i pocheli su svi da ga trazhe, chovek iz laboratorije dao je sve tochne omere i recepturu, reagens se pripremao i na kompjuterizovanim mashinama, uvek u istom omeru, probali su drugi da ga prave ruchno i nikom nije poshlo za rukom da napravi isti takav reagens. Kada bi dali tom choveku koji ga je i ranije pravio, reagens bi uvek ispao kako treba.

Materija pamti, to mi je tako stalo pred lice i nasmejalo mi se, nije li bash to toliko vazhno kada stvaramo taj tzv. umetnichki govor, sve vishe verujem da zapravo izmedju umetnosti i zivota nema nikakve granice, ali svakako postoji tok kroz vreme.

70% vode u nama, chezne za bistrinom i eto koliko je vazhno kakvim mislima je hranimo, kako sebe oblikujemo.

Nekako se umetnost (Art-*veshtina*), sve vishe priblizava *sushtini.*

Mislim da je slichan sluchaj sa rechima kod Emota, odredjena rec, kao npr. "HVALA", sa sobom prenosi neshto jako vazhno za komunikaciju izmedju ljudi, ova rech je otvorena prema drugome i priznaje mu njegov znachaj, njegovo poshtojanje i potvrdjuje osobu kojoj je upuchena.

Tako me zapravo ovo podsetilo... kada si se koristio tekstovima u svojem izlaganju, izgledalo je bash kao da se RECH "stvrdnula", sa njenom osnovnom namerom da prenese misli i stav, pretvorio si je gotovo u izlozhen predmet, koji ponovo pricha o sushtini i vazhnosti komunikacije i kao da se talas ponovo otisnuo dalje, ali ovaj put na jednom vishem nivou, tvoja namera (svesna akcija) je definitivno podigla svest na nivo likovnog razmishljanja.

Napisala sam brdo toga pa sam morala pola da obrishem...sad neznam kako da zavrshim...pa nechu ni da zavrshim, ali mogu da kazhem Hvala!

**... Sep 8, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)

**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

Во една од 70-те страници од мојот А5 Календар: Thomas Harlan Theatre: 10 September 1901 - Warhol Tauers Calendar 2007, всушност делото со тој наслов (три исти Календари изложени на постаменти 40х120х40 см.) презентирано во Њујорк 2007, на заднина од Google Earth фокусиран на мојата куќа „плови" мојата скулптура Жртвеник и стои испис: Гробот на Александар III Македонски се наоѓа во мојот двор на Македонска преродба 100, Ѓорче Петров - Скопје, Македонија. Страницата е потикната од едно „откритие" на американски археолози кои наводно го откриле гробот на Александар некаде во Илиноис.

Thomas Harlan е Американски писател на научна-фантастика и креатор на интернет играта Господари на Земјата во чии кампањи учесниците предлагаат подобар свет. Во тие кампањи Македонија е повеќепати споменувана и тоа во раритетни контексти, низ вистини, полувистини или тотални фикции.

Во Харланова смисла и јас го градам делото, а формата на календар ми овозможи во него да истурам се. Сосема накратко, во Календарот се шегувам со „историските вистини" (толку тешки вистини сум се изначитал последниве години) дотаму што Бојан V Павлески IV Македонски со декрет ќе ја укине Историјата во уште една од страниците во Календарот.

Оваа почетна дигресија зафаќа по линиите на перцепцијата - нашите погледи и агли - а всушност се е привид, се е парче и се е транспарентно - се плашам дека воопшто гледаме.

Ми пишуваш со посебна заљубеност во трите битни поенти што се основата во твоето искажување: Материјалот Памети; Живот-Уметност-Живот; Арт-Вештина / Арт-Суштина и Збор-Збирност-Трансвер. Ми се допаѓа што стекнувам впечаток за звук во исказот што како да допира/произлегува од категориите на надумното, не од заумното. Тоа се отворени чакри за секаков почеток, па нека е и уметнички.

Материјалот Памети... после она твоето нема што да додадам но, тоа ме врати на деновите кога се скротувавме со металот во кој, а ти знаеш, најчесто се изразував. Како млад и силен, како да верував дека ми е доволна убедливоста на идејата и силата со која таа ќе биде реализирана/опредметена, но подоцна како да сфатив дека таа-силата е недугава и недоволна, па влегував молитвено, со почит и некој вид магија и трикови, дали можеби Зеновски - кој да го знае, но ги допуштав отпорите, офкањата и превиткувањата под моите раце, а со резултатите можев живо да комуницирам - со нивната природност/вистинитост и естетска впечатливост. А колку само се мачев со чеканот во раката, до изнемоштеност, за да од некаде светне дека треба да и допуштам повеќе простор на љубовта. Благодарен сум на бога (... и не го изговарајте често...) што и допушти место на мојата чувствителност... и уште нешто за мојот однос кон работата и посакувањето (за ова можеби и сум ти зборувал за време на студиите, веќе и незнам што се сум ти зборувал), види, во почетокот работејќи во неадекватни, да неречам ненормални услови и со скромни средства за работа, верував дека сета фактичка и можна негативна енергија можам да ја преточам/претворам во позитивна и сето тоа само со мојата верба во творечките намери... дотаму беше тоа вистинито, до нестварно. Од ова честопати излегував изгорен во лицето и црвен во очите, за подлабоки последици дајбоже да немам репери, но сеуште верувам дека има нешто и од она погоре искажаното.

Перово малку ми забега, како да се растргна по повеќе линии... и еве сум во оваа Зен приказна - Гуската е надвор. Еден Зен учител им покажува на учениците прекрасна кинеска вазна во која е заробена мала гуска. Им ја раскажува случката и ги става пред дилема, што треба да се стори: дали да ја скршат оваа исклучително раритетна вазна наследена од генерациите, или да допуштат гуската да умре. Учениците исправени пред конфликт се обидуваат да изнајдат оправдан одговор, притоа нудат нај различни решенија на кои учителот останува без коментар. Се создава мачна атмосфера во која загосподарува немоќниот пасивен ум. Тишината ја нарушува едно притаено момче и вели: Но учителе гуската е надвор... О, колку е непотребен било каков коментар...

Ајде уште една..., но Танзаниска легенда - Кошулата на Циха. Инаку оваа година на Африка интензивно и се посветив во потрагата по материјал за проектот во Њујорк, што го реализирав годинава, но и за оној што следи на почетокот на следната г. во Дар ес Салам, за кои нешто ќе ти раскажам во друга прилика.

...Циха е сиромашно момче што живее со својата мајка во една трошна колиба од прачки и кал. Кутрото момче се мачи како да обезбеди храна за да можат да се прехранат, но размислува и за тоа како да ја подобри ситуацијата и нивниот живот. Тој сиромавиот, гладен и необлечен, има само една кошула и еден ден пред да тргне на лов решава да ја остави на мајка му да ја испере. Тргнува како и обично, заминува, а мајка му веќе наведната над дрвеното корито липајќи низ солзи ја трие кошулата, милно како да го милува својот единец и единствена нејзина надеж. Испраната кошула ја протресува неколкупати и ја закачува да се суши. Од нигде никаде наеднаш фаќа силно невреме, силни ветришта што покрај другиот неред и пакости ќе ја оддуваат и кошулата, единствената кошула на Циха. Тој пак, некаде далеку заталкан, успева да се засолни од невремето и жив и здрав се враќа дома, притоа целиот среќен што ја гледа својата колипка сеуште таму и цврста на своето место. Мајка му го дочекува вознемирена и загрижена и веднаш, без да го подготви со никаков околен муабет (како онаа... мачка се попела на кров...), нечекајќи му ја соопштува несреќата со кошулата. А Циха одмавнува и низ некаква чудна насмевка клекнува на колена, ги допира дланките полека како да сака да ги измери дали се исти и почнува да му благодари на бога што кошулата небила нанего, та ветриштата да го оддувале заедно сонеа.

Многу ми се допаѓаат ваквите изместени точки и пермутирани значења, а знам дека и тебе ти се при срце.

... веројатно сум конфузен драга моја, но јас и неможам да сум дотаму конфузен (а сакам да можам), тоа сепак има некоја чудна смисла, можеби и структура...

П.С. Ќе можеш да погледаш доволно фотографии од најгоре споменатиот проект, што всушност е пристојната слика за она што тој проект вистински е.










Andy Warhol + Alexander Macedonian the Great
+ Rojan V Pavlovski IV Macedonian


My English Story and Kate Moss




The American archaeologists from Illinois have confirmed:
Alexander III the Macedonian's tomb is in my yard at:
Makedonska Prerodba 100, 1060 Gjorče Petrov, Skopje,
Republic of Macedonia
Image © 2007 DigitalGlobe
© 2007 Europa Technologies
Google
Pointer 42°00'34.12" N 21°20'53.14" E elev 869 ft
Streaming 100%
Eye alt 1434 ft


600 000 000 ∋€ Alexandroses
The most expensive funeral in the future was the ceremonial for
Alexander VI Bojan V Pavleski IV Macedonian,
in Salonica the Capital of PLANETMACEDONIA.


12 September 2001 Post Christ


Stanko Pavleski, Barking at the stars, 2007, print 21 x 14,85 cm


Macedonian Hand


Me on Ellis Island, 1916


We are all relatives and
you are all Macedonians too


From this place Justinian was watching the world,
today arm in arm with the American ambassador.


Milco Mancevski
had nothing to do with Bogomila
BUT
Innovation
Travel
If there hadn't been for
Bogomil from Bogomila,
the Protestants wouldn't have been
in America either.


WINCHESTER
Tobacco and Opium
for Pratt and
Winchester Repeting
GUN SAFE
CATALOG

# :) Mmmmm Fantastichno!

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Tue, Sep 9, 2008 at 9:17 PM

Prvo Tvoje pismo me rasplakalo... od ovog se smejem ceo dan!

Jako mi se svidja “Kalendar” i eto bash sluchajno mail se poklopio sa najnovijim vestima iz sveta na BBC-u i stvarno neznam zashto se brinuti uskoro chemo sve znati... sutra che atomski fizichari da naprave eksperiment na -271.25 C i zarokaju protone u LHC-u (Large Hadron Collider), velikom hadronskom sudarcu, koji se nalazi ispod Zheneve, a za otprilike godinu dana znachemo kazhu, kako je NASTAO SVEMIR!

Kazhu nastache male crne rupe, ali to je bash beznachajno jer nemogu nishta da progutaju, kazhu premale su rupice za bilo koju uzbunu.

http://www.boston.com/bigpicture/2008/08/the_large_hadron_collider.html

Ja sam kao roba sa greshkom, oduvek sam volela nespojive stvari, ali stvarno lepo izgleda taj LHC! Podsetio me na Kapoor-ovu instalaciju u Tate-u iz 2002.

Nikada nisam mogla da sagledam odvojeno ni nauku ni duhovnost, i josh manje umetnost.

Um odvaja takva mu je priroda, razluchuje-to mu je posao, ali samo sagledavanje bez zauzimanja stava dovodi do saznanja, to nam daje dovoljnu distancu gde mozhemo nesmetano da razgledavamo ovo nashe putovanje, lako i bez puno prtljage.

Guska me podsetila na:

Forma je prostor / prostor je forma (budizam) i samo ilustracije radi

*Pozitivna forma je onaj prostor koji skulptura zauzima od cjeline prostora, a negativna forma je okolni prostor, zrak koji se uvlači u skulpturu (skulptura u prostor, prostor u skulpturu). (Wikipedija)*

Sve shto se vidi (razume) kao-neshto drugo-to je konacno, kao i stavovi koje donosi um, zauzmemo stav i kroz manji okrshaj, ako smo te sreche sa samim sobom (da se nebi blamirali) napustimo ga.

Ako sagledamo da je prostor forma i forma prostor, ne dvojimo, vech sublimiramo i dobijamo beskonachno.

Jedina nesrecha je shto to beskonachno ne mozhe da se shvati (umom), ali sagledavanje na ovaj nachin kao i pricha o Guski nas uchi da bar malo priviknemo na shirenje, razumevanje, ljubav, ekspanziju... dok od uma dobijamo eksploziju, pa odoh malo da ga pustim na pashu....

Ako nas LHC ne oduva, sve che nam ubrzo biti jasno!



LHC – Large Hadron Collider

**... Sep 11, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

## LHC - SPS - LEP Календар

* **10.09.2008 Постхристово време**
* **Боже запамти го сево ова**
* **Несакам ново Сонце**
* **Или мојот Тостер! Или 75 % HCL!**
* **Крајот ми се допаѓа**
* **Сакам да умрам како Црнец бар три дена подоцна**
*

Ден по Големата Експлозија, на денот на онаа Првата од која Америте почнаа да го сметаат времето, а и сите ние блесави со нив, јас сум несреќен што сеуште сум тука...

Ги погледав фотографиите, тоа навистина изгледа фасцинирачки - човекот дефинитивно одново ќе се направи себе. Посакав да бидам само мала честичка од сето тоа за да можам потоа да раскажувам на следните мајмуни, или на мојата убава Ева... Афродита, Elhacea, Eldzisiana, Билјана или можеби Спасена.

Колку само ми е драго што и јас - мрачен како ноќ сум успеал да те насмејам...

Инаку Ставовите за кои ми пишуваш и не се така погубни како што најчесто се навиките кои се ужасно пасивни, пресметливи и отповеќе здодевни како прагмата. Убавото во ставовите е токму нивната непомирливост и константа, бидејќи таа нужно се поништува. Ни еден став неоди сам, низ повеќето такви оски гравитира личноста. Треба да сме среќни доколку формираме повеќе гравитациски полиња бидејќи тие самиотсебе се амортизираат и трошат до поништување, а нивното место секако го завземаат други. Низ време, по долга растргнатост (тежак живот нас уметника) почнувам да вежбам кулирање, но до првото искушение на новоформираните ставови - можеби и имам шанси да се спасам. Сакам да се спасам, ако заради ништо друго заради Билјана или заради среќната Спасена, драга моја, нели знаеш дека не сум себичен.

Во контекст на просторот во кој зафаќаш, одлични се скулптурите на Рејчел Вајтрит (сложено и се пишува презимето, а и немие при рака некој каталог) што всушност се одливи од тој негативен простор/форма, оној негатив што визуелно го врабуваат / коконструираат предметите. Колешката од тоа што сите го знаеме, но не сме го земале за доволно значајно за да биде предмет на нашето внимание, направи кариера, а скулптурите вистински ме возбудуваат со нивната обичност на поводите. Завземањето на Рејчел за обичното како сопствено иницијално,

малку ја чини спорна онаа реченица на Уелбек (ја споменав во мејлот - Бистра вода...) ... Да се истражува она за кое верувате дека другите не помислуваат...

Дали мислиш на Kapoor-овата инсталација од скулптурите во лиен огледален инокс или пак на оние од ултрапласт, за да си направам адекватен филм. Не сум нај сигурен што точно изложил во Tate 2002, но во тие години беше концентриран (и сеуште - го видов во NYC во две самостојни изданија ) на оние истражувања во огледален инокс, всушност сензациите на високорефлексното што го впива простот за сметка на жртвуваната стабилност на позитивот со што сето тоа стануваше едно. И во неговите решенијата од ситно пескарен ултрапласт и одвнатре осветлените форми суштината е некако иста, само што е по тивок и според мене по суптилен впечатокот. Одличен е типот, но забележувам дека машинеријата го исцрпува (колку ли е страотна и слатка состојбата...) затоа што поскоро таа Индиска душа треба одново да се врати на медитација, а очигледно ќе му е неопходна одповеќе волја за сето тоа, секако желба, а понешто и време за Полно Враќање. Со Господ напред Генерацијо, белки во твоите медитации ќе допреш и до суштините на еден роб на надпогледот од Македонија и до суштините на една убавица од Војводина што несака да оди на фризер.

Зошто сакам да умрам како Црнец - Marcus Garvey & …(го имаш насловот и контекстот на делото во mail-от - Од каде да почнам?) те молам погледај ги фотографиите - резултат од прекрасната фото сесија со модели и шминкер, во студиото на Роберт Јанкуловски.





















# Neshto mi je palo na pamet

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Thu, Sep 11, 2008 at 12:54 PM

Stavila sam jedan koncept u atachment, ako zhelish da vidish!

Biljana. Stojim 10 minuta na onome send/posalji...123

## *Landescape*

**1**

**Landscape:**

Postavljene crno-bele slike (mene) horizontalno (Landscape), opisuju potpuno vertikalni smisao razumevanja, kao i Landscape koji opisuje moj autoportret. Ni jedno ni drugo ili i jedno i drugo.

Preko mojih slika piše velikim slovima Landscape na mestu slova je ogledalo koje reflektuje posmatrače, dok su slova napisana u predelu mojih grudi, (visina postavke u prostoru).To si ti ili ti si ono koliko ljubavi imam za tebe, a opet u slovima imamo samo svoj odraz, ništa drugo.




**2**

**Igra:**

Igra predstavlja dualnost uma, staklo predstavlja um.

Staklo za pisanje i dva flomastera na sredini prostora tako da i leva i desna strana mogu da vide isti prizor?

Svako mozhe da se igra...nacrta ili napishe neshto...

**3**

**Tu:**

Crna tačka na podu i tekst ispred na zidu.

Tekst da bude napisan tako da samo ako stojish u tački možesh da ga vidiš ispravno (još moram da vidim kako ću to da izvedem..)

Text:

**TU**

***U jednoj tački,***
***stojiš samo ti***
***i samo Ja.***
***U samo jednoj tački od stajanja,***
***na mestu nepokreta.***
***Istina je od okreta zaustavljena,***
***u samo jednoj tački.***

***Zaustavljam vreme za nas da mogu da ti ispričam sve o nama dvoma,***
***pa rastežem svakom trenu trajanje,***
***da ti pokažem sliku o nama dvoma..***

***I želela sam ti reći, pa sam zastala.***
***Želela sam ti pokazati i odustala.***
***Svaki put kada iz tačke iskoračim, slika se pokvari i zasivi.***
***Svaki put kada ti zaustim, ljubav mi pod zubima zacvili.***

***Zaboravila sam trenu trajanje i pocepala sliku o nama dvoma.***

***Negde nestalo je sve tvoje,***
***negde nestalo je i sve moje,***
***negde stopile su se sve boje u jednu i svi zvuci u jedan ton.***
***U jednoj tački,***
***stojimo.***

***Na samo jednom mestu od ostajanja,***
***Na zrnu nastajanja i na mestu od nepokreta,***
***U samo jednoj tački, na mestu postojanja,***
***tu.***



1 Lanscape bila bi postavljena sa leve strane, poput „ženske strane“ kao u crkvi,

2 igra/staklo.. u sredini

3 Tu- frontalno, desnu stranu ostavljam praznu, hoću da kazem da nisam cela (savršena).

## (no subject)

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Thu, Sep 11, 2008 at 9:04 PM

... mislila sam na 3 metalna prstena povezana pvc-om (ubacila sam ti sliku), no to je bila vishe asocijacija nego shto je realno bitno, kada sam ugledala onaj LHC prvo shto mi je palo na pamet

bila je ta gigantska instalacija.

... Ono shto si mi sada poslao videla sam negde na internetu no samo delich, pokushavala sam da nadjem vishe, ali nashla sam Tebe, pa te sada muchim,

ali znam da nisi sebichan... pa mi se mozhe :), HVALA!

pishemo si kada se iskupash... lepo se provedi









Rachel Whiteread and Anish Kapoor

**... Sep 14, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)

**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

# ВИСОКОТО НИСКО...

можеби: Ниското Високо; Високата Хоризонтала; Високата Земја; Високата Ниска Точка; Ниската Висока Точка или други можни и доволно звучни пермутации... не користам сврзник и тоа ми создава дилеми бидејќи мислам дека кај тебе тоа станува битно... но користам член во првиот збор кој го прави исказот толку близок и логичен, а всушност е конструкција од дуалитети... незнам дали сум на добар траг...

Не го земај претходново како мој предлог за наслов (би бил лош колега) туку како моја потреба да си ги проверам насетувањата за можните суштини и над-содржини што се кријат во твојата замисла.

Го погледав проектот - навикнат сум да гледам од почеток или најпрво гледам она што се гледа, потоа влегувам внатре, а внатре постои (елементарноста постои во секое дело, но во некои толку е неконтролирана таа структура што незавредува внимателен поглед) и на крајот се трудам да видам она што не се гледа: добро стои она издвоено сиво **е/и** во насловот (доколку добро ја капирам врската бидејќи англискиот ми е недоволен) што посочува на дополнителните другости кои ги зрачи делото во контекстот и во духот на твоите основни поводи - во таа смисла можат нешто да растајнат и моите први реченици; за општиот просторен поглед - поставеноста на трите сегменти во делото ќе го поделат изложбениот простор на локации во кои опстојуваат двете своевидни присутности - ПОЛНО и ПРАЗНО (празното што ја предизвикува или ја мисли својата спротивност со што тоа станува присутност дури и со поголема тежина од полното) што е загатливо решение во кое неизоставно гледачот е исправен пред промислување на контролирано присутната празнина. Во мојата слика за вистинската слика што јас си ја создавам пред себе, сметам ќе стои добро централното последователно преклопување на 2-та и 3-та во низа - напред го имаме СТАКЛОТО - ИГРА (претпоставувам ќе биде на носач или можеби ќе виси во простор и зависно од тоа бара дообмислување на поставеноста на фломастерите - нели се е докрај битно...), а потаму во заднина следи ТОЧКАТА - ПИЕДЕСТАЛ (подолу ќе го објаснам вака именуваното), а уште потаму имаме ПРОСТОРНА ПАУЗА, но видна релација со третираниот ТЕКСТ НА ЅИДОТ со што се затвора централната линија во просторот. Левата страна, всушност десната од позиција на самиот елемент кон влезот во делото е резервирана за 1-та, со што се создава целоста во оној позитив или активното, наспроти целоста на „пасивниот“ негатив Празното, одспротива лево, гледано повторно од внатре кон надвор, а тие двете просторни присутности

заедно, ја затвораат севкупната опростореност на елементите во делото. Во однос на димензионирањето на елементите помеѓу себе и во однос на просторот се разбира ќе следат дополнителни промислувања и проверки, бидејќи големините и сензациите што произлегуваат од нив секако влијаат на возбудата во примањето и доживувањето на визуелноста, суштините на самиот исказ и естетската изразност, што се само видови патеки до надсодржините во делото; за самите елементи или сегментите **1, 2 и 3 - во LANDSCAPE-от**, помислувам што би се случило доколку третираш полна фигура и логично во вертикала, па дури и во хоризонтала како да се кријат занимливи решенија. Секогаш сакам работите да ги гледам отворени се дотогаш додека има реалности за можна помисла и истражување и во таа смисла те молам сфати ги моиве чепкања по твојата материја и секаде каде што низ текстот се стекнува таков императивен призвук или впечаток. Сосема ми легнува твоето решение, но зошто да останат непроверени иницијалните можности на фигурата, кој да го знае, можеби ќе допреш доволно откачени и исчашени решенија од кои не ќе можеш така лесно да се ослободиш... на крајот на краиштата, непомирливоста со крајностите се до самиот крај (кога немаме други одговори) е дел од нашава уметничка игра. Во **Игра-та**, останува одлуката за големината и поставеноста на стаклото (можеби и можноста да се пишува од двете страни) но и елементот/елементите на кои ќе бидат поставени фломастерите. **Точка-та** сметам дека треба да се доживее како низок пиедестал, не како дамка на подот. Во скицата, она заоблено прстенче што ја вооквирува точката одлично стои, тоа ја опредметува и го прави по значајно нејзиното присуство во поставката. Со добивање на пиедесталност се нагласува потребата дека во точката треба да се застане, треба да се биде за да... ТЕКСТОТ звучи убедливо и ги димензионира твоите поводи и нужноста во релацијата Точка - Текст. Тргнувајќи од тоа дека самиот Текст има доволно набиена соджина, веројатно постои можност за негово рационално скратување до кристал - чист повеќеслоен исказ.

Се обидов да си создадам дополнителена слика (покрај она што ми го отсликуваш и опишуваш) и низ описот на мојот поглед се надевам допрев дел од ликовностите во проектот, а веројатно и некои од содржините/надсодржините, можеби и дилемите, несигурностите и треперливото, а нема уметничко дело што не поминало низ силна возбуда и треперење, дури и во нај рационалните авторски пристапи... ова е сепак само еден поглед и секако не и најбистриот...

Ти посакувам многу волја, трпение и ветер во едрата...

П.С. Ти испраќам покана за еден уметнички настан што ќе се случи во Нови Сад, во кој ќе биде претставен и дел од македонската понова продукција. Меѓу тројцата автори е и Славчо Спировски кој дипломираше кај мене, но знае понешто и за тебе па може да биде фина прилика за уметничка дружба со колегите.

THE MUSEUM OF CONTEMPORARY ART VOJVODINA

20TH SEPTEMBER - 4TH OCTOBER 2008

# SPACE FOR NEW DIALOGUE

(residence/presentations/international exhibition/publication)

The project author: Sanja **Kojić Mladenov**, MoCAV curator

SATURDAY, **20TH SEPTEMBER 2008**

**19:00** opening

The Museum of Contemporary Art of Vojvodina, Dunavska 37, Novi Sad

**20:00** artistic happening

The Manual Forgotten Arts Museum and the *Chinese Quarters*

Bulevar despota Stefana 5, Novi Sad

Dan **Mihălţianu** (Berlin), Dan **Perjovschi** (Bucharest), Ion **Grigorescu** (Bucharest), Lia **Perjovschi** (Bucharest), Atanas **Botev** (Skopje), Slavčo **Spirovski** (Skoplje), Aleksandar **Stankovski** (Skopje), **international project Glocal, project Picture-Text, Artgroup RGB,** Robertina **Šebjanič,** Andraž **Beguš,** Uršula **Berlot** (Ljubljana), Željko **Badurina** (Zagreb), Ivica **Malčić** (Zagreb), Mitar **Matić** (Rijeka), Ines **Matijević** (Osijek), Toni **Meštrović** (Kaštel Gomilica), **international art group OKUP-** Agnès **Bourgeois** (Strasbourg), Audrey **Cavelius** (Lausanne), Ivana **Cerović** (Strasbourg-Novi Sad), Carole **Deltenre** (Strasbourg), Natalia **Grabundžija** (Paris), Danijela **Jović** (Brussels), Marion **Rinaudo** (London-Jerusalem-Strasbourg), Jean-Grégoire **Spaeth** (Brussels-Strasbourg), Pauline **Squelbut** (Strasbourg-Paris), Marie **Storup-Canabié** (Barcelona) i Marie **Szersnovicz** (Brussels), Stevan **Kojić** (Novi Sad), Maja **Josifović** (Belgrade), Dimitrije **Tadić** (Belgrade), **Art klinika** (Novi Sad), Nenad **Mikalački** (Novi Sad), Ileana **Pintilie Teleaga** (Timişoara), Nebojša **Vilić** (Skopje), Ksenia **Orelj** (Rijeka), Vasja **Nagy** (Koper), Svetlana **Mladenov** (Novi Sad), Sarita **Vujković** (Banja Luka), Sylvia **Grace Borda** (Vancouver-Belfast) i J. Keith **Donnelly** (East Kilbride)

PROJECT SPONSORED BY:

MEDIA SUPPORT:

# (no subject)

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Mon, Sep 15, 2008 at 9:52 AM

можеби: Ниското Високо; Високата Хоризонтала; **Високата Земја**; Високата Ниска Точка; Ниската Висока Точка или други можни и доволно звучни пермутации... не користам сврзник и тоа ми создава дилеми бидејќи мислам дека кај тебе тоа станува битно... но користам член во првиот збор кој го прави исказот толку близок и логичен, а всушност е конструкција од дуалитети... незнам дали сум на **добар траг**...

Prvo moram da Ti se zahvalim za shetnju kroz moj lomljivi i osetljivi prostor, meni to mnogo znachi, a poshto znam da sam naporna napravichu ti ____________ ______________________ prostora

da se odmorish od mene, pa nechu pisati o tome...

Imala sam vremena da saberem utiske od svega shto si mi poslao, razgledala sam Rachel Whiteread http://www.youtube.com/watch?v=DzvladmKTY4 , ubacila sam je na svoju listu, ima par bash lepih videa gde se vidi mnogo vishe od informacija o autoru.

Tebe sam slozhila u dva mala filma i dve power point prezentacije, tako mi je mnogo lakshe da sve saberem, uzhivala sam i u *Black-White trans perversions...*

to me jako podsecha na pesmu tj. vishe muziku iz pesme Toma Waits-a *Jockey full of burbon* http://www.youtube.com/watch?v=7WNZ8jXKpZI za film Jim-a Jarmush-a *Down by Law*.

Probachu da ti poshaljem i link od mog naloga na You Tube-u, tu imash svoj Kalendar i isto tako filmich sa prve HeArt izlozhbe, onaj mali shta se sav izlepio na pochetku filma... je moj Milan.

http://www.youtube.com/user/kbilja

Hvala za pozivnicu, bash mi je drago!

**Black-White tp SP.wmv** 1897K Download



Резултат на мојата хипнотичка потреба за материјал низ рацете, 22.03.2009

**... Sep 19, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

## Давам камила за еден мудар збор.

Оваа африканска изрека ја имав во предвид кога ги пишував редовите за твојот проект. Јас повторно ќе пишувам за она што ти го правиш, бидејќи вистински уживам во тоа и без разлика што си напорна повторувајќи дека си напорна. Со задоволство се расшетувам по уметничката материја, а по твојата со посебна љубов, за да можам да досегнам до притаените значења и визуелни комбинаторики, притоа можеби не сум нај вичен во скротувањето на искреноста и емоциите, та тоа изгледа како „мудрување или аналитичка онанија" - детали, раситнувања на микронот, повеќе опции, поглед од еден агол - поглед од друг - вкрстувања, предметностите и за нивната убавина до нивните суштини, поделби по повеќе линии и нивните меѓу значења... а сето тоа можеби е така едноставно како воздухот што го дишеме.
Сакав да ти напишам сосема човечко писмо, но еве одново се служам со набројувања и подредувања...
Во некоја и некаква смисла кон оваа моја аналитичност си споменувам на времето кога мојата пријателка Конча Пирковска (ја знаеш, библиотекарката на ФЛУ) ја подготвуваше книгата за македонскиот скулптор Власе Николески (1948) кој се образувал во Австралија а и живее и работи во Камбера. Конча во тоа влезе многу сериозно, а јас во голем дел бев запознат со нејината работа - честопати ми читаше парчиња од нејзиниот текст - толкувања во кои обемно и детално и често напомош се повикуваше на физиката, хемијата, етеричното, звукот - музиката, спомените, старите цивилизации, мистиката, па понешто и на кибернетиката. Низ тие читања и пошироките дискусии темелно навлегов во нејзиниот систем на мислење и структурирање на искажувањето, но некако ми беше мачно, чувствувајќи дека мислењето за предметот-скулптура станува мислење по себе што толку се оддалечува од окото и неговите просто видливи реакции на сензациите и дразбите, што неможев да одмолчам: но Конча и велам, нели првенствено треба да покажеш дека гледаш, нели? Гледај девојко и, пишувај за тоа што гледаш и низ тоа се разбира и за мирисите и зрачењата што опфаќаат во надпредметното, всушност за твоите насетувања од кои неможеш да се ослободиш без да се обидеш да им најдеш зборови, без разлика што знаеме дека зборот секаде не досега.
Во контекст или уште една моја дигресија - Демјан Хирст го продаде своето Златно Теле за 10,35 милиончиња фунти, но и другите 218 дела понудени во Сотби за вкупни 111 милиончиња... тој сега е само 10 - пати подобар од Пикасо... вредноста си има свои бројки и покрај тоа што Шпанскиот Бик се превртува во гробот и рика очајнички... На луѓето им треба заробена конкретност и сосема малку препознатлива другост, Хирст го укапирал тоа многу добро што Ворхол може вода да му носи а камоли



Jeff Koons, Damien Hirst and Olafur Eliasson

заробениците на тајните... Еден мој пријател од историчарите на уметноста (имаш можност да го запознаеш во Нови Сад...) во една прилика ми вели дека тој сака уметничкото дело да го чита/опфати на прва, бидејќи нема време/нема ситно да се растега по тоа што можеби тоа содржело и специфични другости. Го познавам доволно за да поверувам дека докрај така мисли, но колку тука вредат моите потпрашања: А што со делата што не се нудат на прва? Дали екстремно до црно - бело се доведува погледот и нема што посебно со тоа да се прави... но ние уметниците упорно бараме инвентивни, провокативни, пародични, иронични и какви се не уметнички одговори на таа недоволно возбудлива состојба сведена на црно-бело, бидејќи е невистина што не сакаме да ја прифатиме за своја. Но многу чудна е човековата природа и тогаш кога опонира ја носи опасноста да се доближи до предметот на опонирање, па дури и да стане самото тоа.

При крај, но не помалку важно (подобро од средина) ти благодарам за честа што си ме подредила/стокмила кај тебе kbilja, тоа ме чини среќен, но и тоа што ти се допаѓа Marcus Garvey… јас исто така посебно верувам во тоа дело. Ти благодарам и за листата видеа од Rachel Whiteread, а посебно за Jockey full of burbon… Down by Law и неколкуте изведби на Бистра вода.

И сосема при крај (нај важната позиција) Милан многу личи на тебе, а и срцето на усните ветува дека ќе згазне на некој уметнички камен. Прекрасно изгледа просторот и доволно просторно колку што можев да забележам, одлично катче за децата, Децата се талентирани со самото тоа што се деца, а нивната потреба и желба да изразат дел од себе и преку цртањето треба да ја стимулираме и да не ја оптоваруваме со премногу правила - нека остане „правило“ само организирањето на нивната заедничка игра, а наше е колку можеме да помогнеме да се чувстваат пријатно, делотворно и одважно во Играта низ Изразување / Изразувањето низ Игра. Одлични се резултатите од изложбата што верувам ќе го намали и твојот страв дека твојот HeArt ќе го биде.

На крајот, но не и најважно, ти испраќам повеќе фотографии од последниот мој проект (Marcus Garvey… не е последен иако во некој од претходните мејлови како таков го најавив) Секој ден парче уметност 3 што беше реализиран во рамките на Уметничкото Дружење на планината Кадиица - Велес од 29.07 - 07.08. 2008, а проектно именувано Авторски низ појавното 3. Материјалот што ти го испраќам е од делото Сонце и Месечина што е еден дел од проектот, а фотографии од другото дело Крај мојата Линија и Сондата ќе ти испратам во следниот мејл. Авторски низ појавното го организираме по трет пат - првиот 2004, вториот 2005 и по пауза од неколку години, од ред причини, се случи годинава. Убавото во овие дружења е што учествуваат автори и од другите уметности, а покрај нив сме имале дури и филолог, теолог, историчар и професор по македонски јазик. Авторите немаат обврска нешто да создадат, самото дружење е проектно димензионирано, но зачудувачки (не и замене) се создава повеќе дури и од оние случувања каде тоа е услов. Се создава на





















Самостоен проект “Секој ден парче уметност 3” – “Сонце и Месечина”, 2008,
дел од рпроектот “Авторски низ појавното 3”, Ораов Дол - Велес

самата локација но и подоцна како резултат на впечатоци од престојот или користејќи го фото, видео и аудио материјалот предвиден во проектот, се до изложбата што ја правиме при крајот на годината во Велес, а во првата половина од следната во Скопје. П.С. Убаво да си поминеш во Prostor za novi dijalog во Музејот... и околу него...

## (no subject)

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Fri, Sep 19, 2008 at 11:05 AM

Gde si?

Na vrhu ili dnu Vizantije... mozhda tamo gde istorija nije ostavila trag?

Lepo me greje to Tvoje Sunce!

U aprilu mesecu mi je preminula baka, moja omiljena baka (iz Makedonije), sanjala sam je nekoliko puta i jednom bash na ovakvom mestu (kao shto je na tvojim slikama), delich sna...

*... shetamo i prichamo o zhivotu sa one strane (obichno ja neshto filozofiram, a ona klima glavom, kao i nekada), a iza nas... na jednom takvom proplanku stajala je "osoba" u crnoj odechi, ta odecha je toliko stara da vishe nije ni crne boje, vech neshto poput braon ili prljave, baka mi je rekla da Ga ne gledam, ali On je stalno gledao u mene i mene je to jako plashilo, kada sam shvatila da me je strah za svoj zivot, zatrchala sam se prema Gospodinu Smrti i kada sam stigla do Njega poljubila sa Ga.*

*Ali to uopste nije bio nikakav Gospodin, otprilike dechak od 14 godina, sa crnom kosom pochesljanom na stranu, sa izrazom lica koje svako ima kada upravo izgubi voljenu osobu, tup i prazan pogled, bez emocija, ispunjen dubokim poshtovanjem, ne saosechanjem.*

*Nishta mi nije rekao...samo je bio tu.*

Juche je mojoj baki bio rodjendan, a tvoje slike odvukle su me u proshlost i pola moje krvi se odledilo.

Nisam Ti rekla nishta lepo, garant nechu dobiti kamilu.

## (no subject)

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Sat, Sep 20, 2008 at 10:01 AM

Mozhe pomoch prijatelja u kvizu - kamila za mudrost-?

Kada je snimljeno?

## 3+3+3+3+3+3+3+3

from Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Sun, Sep 21, 2008 at 2:07 PM

Kamila - Visoka svečenica, Svečenica srebrne zvijezde - Mjesec, num. vrednost 3
"Mudrost" obrađuje vavilonsku mitologiju, drugi deo obrađuje istoriju Mesopotamije do legendarnog potopa do vladavine Asirskog cara Pula, odnosno Tigladpalasara III, a treći deo do osvajanja Aleksandra Makedonskog. Delo nije sačuvano u orginalu, postoje delovi kod drugih pisaca, Euzebija, Aleksandra Polihistora, Josifa Flavija i Julija Afrikanca.

**... Sep 22, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

## Убавите ситни камења

Ми се провлекла грешка - Давам камила... е арапска не африканска поговорка. Сакам да знам која е твојата вистинска поврзаност со Македонија (...вака паметна и лична...) и од каде е твојата омилена бабичка која очигледно врз тебе оставила убави траги... незнам да толкувам соништа, но те молам подалеку од Ga.

Нема помош/пријатели за мудрост, драга моја... безвремена е и бесконечна како 3+3+3... и обична како булки крај шините... И без петел се разденува вели една македонска поговорка... Одлично што од Мудроста нешто сочувале оние силни антички автори што ги споменуваш, за да можеме да си прикажуваме преку нивната мудрост понешто и за нас.

Се присетив и на една прастара македонска мудрост (нај свежо слушната од нашиот извонреден пијанист Симон Трпчески кој пак ја наследил од неговиот дедо) - Нека не ве сопињаат (сопнуваат) ситните камења. Тебе очигледно НЕ... Мене? Незнам и никако да научам, но се почесто практикувам покрупно сито - на пат сум да си отворам сепарација.

Но еве, сакам да ти понудам двајца кои веќе имаат сепарација, а на кои сакам да им бидам колега: – Лудвиг Вигденштајн: Со „набљудувањето" не се произведува набљудувано-то (појмовна констатација). Или: Јас не го набљудувам она што дури настанува со набљудувањето. Предметот на набљудување е нешто друго.

Или Богомил Ѓузел: Конечно песната небеше сад, или контејнер кој може да собере се, но - возило превозно средство со кое навистина можеше да се пренесе се: од соништата или стварноста сеедно, во стихот, строфата или отаде песната во циклусот, поемата...

Ајде, во тој контекст нешто и од мојата маленкост (од тендерот за сепарација на кој сеуште не го знам исходот): Заборавете се и почнете од почеток, заради ограничувачкото во искуството и неизвесниот пат до непознатото, бидејќи извесно е дека да не се биде без работа е основна животна филозофија - дајте да правиме уметност.

Твојот сон ме поттикна да ти прераскажам и еден мој од 27.08.2001-17 часот, првично објавен во мојата книга Ненапишана книга до посредувачот..

СОН бр. 1

Се наоѓам во Белград заедно со Биле (сопругата) и некои наши пријатели. Незнам кои се тие наши пријатели (сива зона) но знам дека сме сместени во квартови ценем еден од друг. Во Белград сум по повод некоја стручна средба за „Улогата на јавните медиуми, културата и уметноста во општествениот живот".

Ме оптоварува прашањето - се сеќавам и присеќавам, но никако да исчепкам кој ме повикал и зошто токму јас. Го отфрлам тоа, го земам за неважно, таму сум и тоа го примам со значителна возбуда - страшно сум возбуден. Одеднаш сум на сцената, зборувам и имам впечаток дека тоа што го зборувам има смисла, како да сум се подготвувал - значи не сум случајно тука. Колегите (веројатно тоа беа) климаат со главите сериозно и во знак на одобрување, но имам чувство како никој да не ме следи внимателно.

Заклучувам: мачно им е на луѓето да слушаат „длабоко промислени" и изворни согледувања на кои тешко им го фаќаат крајот или за кои им требаат дополнителни сензори и не само стручни.

Задоволен сум бидејќи „ги најдов" причините за таа мачна ситуација, но она што е несфатливо, дрско и секако смешно е, дека јас на таа средба сум дошол гол, обвиткан само со една голема риза со црвени цветови. Се чувствував малку притеснето и секако непријатно бидејќи како да ми ѕиркаше задникот, а не бев сигурен и за мојот предник под онаа лесно подврзана риза, но глумев успореност и елеганција за да се прикрие она што сеуште можеше некако да се затскрие. На главата носев огромна капа како чадор, под чија сенка ми се затскриваше лицето. Си велев: чувај го Станко лицето и така гениталиите немаат име и презиме освен за интимните познавачи на нашата телесна географија. Така завиткан а гол, веројатно им бев многу чуден на другите, а покрај се и зборував штогоде. Незнам и не ги наоѓам вистинските причини зошто бев гол, како да можело да се најдат некакви причини да се бидело гол. Веројатно сум доцнел (неверојатно) па сум нагрнал нешто набрзина за да стигнам (договорено си е договорено) да го соопштам тоа толку важно прашање пред сите овие зачудени господа. Тие пак невоспитани, немаа трпение да ме дослушаат и си разврзаа муабет среде излагањето, една концула дури вклучи и телевизор - реклами за нејзиниот толку посакуван шопинг што требаше да биде капак на нејзиното стручно трошење овие неколку сати дневна доза. Малку како да ми годеше нејзиниот дрзок гест и избор на слики, но и јас си ја истерав мојата работа докрај концентрирано и имав чувство дека ги победив. Фактот дека сум ги победил ми го пренесе еден од колегите (лигавиот и периферен) со кого по завршувањето и го напуштивме тој смешен собир.

Кога излеговме бев изгубен, неможев да се ориентирам каде тоа во Белград се наоѓам, ниту пак знаев каде ми е домата. Охрабрувајќи се дека ќе ми се врати меморијата и псуејќи ги оние господа ја прифатив понудата на колегата (NN) да се дружиме, се разбира урбано - кафеански.

Му соопштив дека немам пари, покажувајќи на себе. Човекот се насмеа, некако истовремено сомене покажувајќи на својот празен паричник. Предложи да се упатиме кон неговиот дом за да земе пари за нашата дружба, а јас немошто (нели се се плаќа) му покажувам на мојата глава (мојата меморија) која сеуште беше аут, во очекување да ме разбере. Попат се кикотевме бидејќи само уште тоа задоволство ни остана. Конечно пристигнавме и по кратко тетеравење низ смеа стигнавме до едно тесно сокаче и од него во широко заедничко двориште опшиено со трошни неколкукатници. Веќе е ноќ. На еден од аглите на трошниот објект се гледаше мал светол отвор, според висината како да е прозорец, но всушност беше влез - врата. До тој отвор човекот излази по некои метални скали кои се најдоа тука како во сон и по нив се мушна внатре, во светлината. Тргнав и јас по него, но не и како него. Најпрво отворив една обична дрвена бела врата во приземјето, под оној отвор светлина. Зад вратата немаше отвор или немаше влез туку само гола цигла, а внатре во вооквирените цигли се наоѓаа вооквирени решетки кои се отвораат исто како вратата на шарки. Ја отворив и решетката, а таа како низ воздух помина низ претходно подотворената бела врата, како во фантастичните филмови... По решетката од која се прекршуваа во височина уште две исти такви кои сега служеа како скали, се искачив до истото тоа светло дупче, како и мојот скорешен пријател. Ѕирнувам и присуствувам на драма. Додека јас ја изведував онаа фантастична операција, човекот како разбеснет бик веќе се нафрлил врз мамурливата жена која ги стиснала во колена превитканите нозе како две убаво моделирани шеќерно бели и мазни парчиња мермер меѓу кои зјаеше нејзиното разбрането руменило. Сочна глетка нема што, од која тешко се оттргнав, но се соземов гледајќи дека човекот си е зафатен - си има работа. Слегувајќи по истата фантастична конструкција по која претходно се искачив, помислувам, што скулптор би можел да помисли - како од неа би можело да излезе прекрасна скулптура. Веднаш ме напушти мислата за убавата скулптура бидејќи во дворот беше се по црно и по страшно.

Од темнината ми приоѓаат неколку сенки, некои сомнителни типови на кои веројатно јас им бев уште по сомнителен. Во таа црна ноќ тие беа како смрт, но бев присебен и на нивните неразбирливи мрморења одговорив со смиреност, без страв и чаламење. На двајцата најблиску до мене смирено им ја објаснив мојата ситуација и копопатно ги упатив со погледот нагоре, кон она што се случува на небото, за да им го отргнам вниманието кон она долу - оваа страотна земна ситуација. Погледаа во парчето црно небо. За тоа време јас се соземов и некако наеднаш - изненадно ги фатив за главите и силно им ги удирав една од друга и им ги смачкував лицата. Лелекаа од болка. Се разбегаа. Од нивното врескање вреснувам и јас. Се будам.

Следат фотките што ти ги најавив во минатиот мејл.























**Самостоен проект "Секој ден парче уметност 3" – "Крај Мојата Линија и Сондата", 2008, дел од проектот "Авторски низ појавното 3", Ораов Дол - Велес**



Симон Трпчески и дедому Јон, што од поодамна имал сепарација за вредностите на животниот пат

# (no subject)

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Tue, Sep 23, 2008 at 9:21 PM

Moja prava povezanost sa Makedonijom... moja mama je chista makedonka, njen otac Stevan Davchevski i majka Persida rodjena je vodnjanka, no moj deda Stevan bio je veliki avanturista no jako vezan za familiju. Nakon nekoliko godina sezonskog posla na moru, nakon zemljotresa 63.god. povlachi zhenu i troje dece u Rijeku i nakon toga u Opatiju gde sam ja rodjena. Moj otac je Srbin koji nikada nije zhiveo u Srbiji, ali je jako drzhao do tradicije i religije, kada je pocheo rat 91. godine mama, brat i ja selimo se u Skopje... kao na par dana dok rat prestane, ha, ha...(gde je deda izgradio kuchu i vratio se u Makedoniju), a moj tata ostaje u Opatiji i pokushava da proda kuchu, nakon dve godine (horora) je uspeo i tu nashu imovinu preneo je u Novi Sad, no mi smo se zaljubili u Skopje i nismo hteli da idemo za Novi Sad. Tako smo ostali odvojeni. Ja sam najvishe dolazila za Novi Sad, ali tek nakon diplomiranja doshla sam u Novi Sad i ostala... no da se vratim na Makedoniju... mi smo bili od onih "budala" koji su leti umesto da ostanu na moru odlazili u Makedoniju po dva meseca i u Ohrid zajedno sa bakom i dedom. Neznam da li mozhesh to da vidish, ali Makedonija je jako humana i mekana, ljudi su otvoreni i uvek odushevljeni strancima. Primera radi, kada si u Makedoniji i ti si jedini stranac u drushtvu, svi se trude da prichaju tvojim jezikom, shto u obrnutom nikada nije sluchaj. Sa mojom bakom sam jako povezana, ona me nauchila svemu shto znam u vezi kuche, ona je ustajala svako jutro sa osmehom, uvek sa osmehom... prvo me izljubi, a onda mi skuva kafu i jedino me ona isprati u shkolu ili na faks. Dan kada je moja baka umrla, ja sam mesila hleb... plakala i pevala njenu omiljenu makedonsku pesmu, a u to vreme u Makedoniji neposredno negoli che moja baka preminuti od teshkog mozhdanog udara... ona se smejala i pevala isto kada i ja... Lekar koji je to gledao nije mogao da veruje, da takav pacijent peva. Proshle godine odvela sam je u Ohrid na Sv. Stefan gde je ona volela da letuje sa dedom, tada sam je videla poslednji put, no jako sam zhelela da uchinim bar mrvicu za nju, jer ona je radila sve za mene. Od mog dede rodjeni brat Blazho M. Davchevski napisao je knjigu "Trinaesettoto", to je biografija mog dede, moja prabaka Sanda imala je 15-toro dece i ona mi je prichala o arapskim kamilama u makedoniji, imala je 103 godine kada je preminula. Zbog toga sam pomislila da kamile imaju veze sa istorijom.

Shto se tiche Afrike, volim je bash kao Indiju, njihova umetnost nije odvojena od njih samih. Imala sam priliku da vidim to u Indiji i koliko god ta njihova umetnost bila nama kich ili smeshna, njihove zhene svaki dan pred kuchom oblikuju mandale koje im chuvaju prag, redjaju girlande od cvecha i poklanjaju se(be) pred idolima i pokraj

svega onoga iz chega se mi zapadnjaci smejemo, oni jako dobro znaju o bezoblichnom Brahmanu, koji je njihov apsolutni Bog i mnogo dobro znaju da je molitva pre svega zvuk i ritam (vibracija), a tek posle rech. Mnogo vishe poshtuju opredeljenje drugih ljudi i mnogo se lepo smeju i kada nemaju nishta. Ako ti se desi da ti neko stane na nogu izviniche ti se tako da ti dodirne nogu i ruku stavi na chelo i srce. No ipak na kraju jedino makedonci kada govore volim te, prvo stave drugoga ispred sebe.. te sakam i eto kupili ste me zauvek.

B.

PS. Onaj san je kao u filmu, a meni je nekako umetnost prilichno gola, pa me ni ne chudi, a ja sam lichno uvek mislila da pametni ljudi imaju neke neobichne nevidljive kape iznad glava koje im shapuchu  mudrosti, nikako da odrastem... ti ljudi koji kao slushaju... nekako je sve bash tako.

... Usput, bila sam na onoj izlozhbi, prilichno veliki dogadjaj, bravo za Novi Sad, ali mene niti jedan makedonac nije prepoznao (matora sam), a ni ja nisam nikoga videla, ali svih sam lepo pogledala izbliza... Slavcho je dobro pelcovan!







Славчо Спировски – Пирамидите во Н - 0

... Sep 24, 2008 (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to **kljajic.biljana**

## Камилите на Санда Д. Птолемеј

Богато патешествие е твоето фамилијарно искуство, и по крв и по географија, што секако повлијаело на бриткоста и мекоста споени во тебе.

Давчевски!? Одеднаш ми звучи познато и блиско и ако не сум имал никаков контакт, но сигурно има многу нешта од вибрациите на минатото и предците стопени во твојата интергенерациска фамилијарна мета-материја што преку тебе силно ме допира...

Верувам во култот кон предците, култот кон земјата, култот кон дождот, култот кон животните и растенијата, култот кон тие што ја населувале земјата-територијата и пред моите предци... тоа ги помирува силите однадвор и одвнатре заради сопствената полнотија, мир и рамнотежа со космичката целост. Верувам да верувам дека во нас има материја за сето тоа.

Поглавицата на Хехе-ите во Танзанија (почеток на 20- век) на група дипломати ќе им изјави: Ние ги сакаме европјаните но не им веруваме, тие пак не не сакаат но ни веруваат. Свртете се и видете што од тоа се случи.

Контекстот на целосната изјава е потребата на африканецот од традиционалните вредности, во што треба да поверува белиот човек доколку го сака мирот. Егоцентричната и рационална Европа треба, најмалку што може, да се извини на традиционалните... Јас незнам како ќе изгледаше Африка доколку не и се случеше Европа, но секако ќе беше поубава отколку што е денес, а уметноста ќе беше сеуште животот, не макотрпна работа за евтин сувенир или суровина за перверзните белци...

Дали знаеш дека во Македонија имало и лавови? Да да, тие вестинските.

Но да се вратам на моите мили камили (колку македонски звучи) кои ги имало во Македонија (земја на сонцето) благодарение на тесните трговски и други врски со Египет и Блискиот Исток уште од времето на Славниот Александар, но и понего, преку поколенијата на двајцата негови генерали кои со своите приврзаници тргнале во два различни правци (покрај за Македонија) и ги основале царските династии на Птолемеите во Египет (Клеопатра VII е последниот славен потомок - дирекна генеолошка лоза од генералот Птолемеј) и Селефкидите во Израел. Современата историја знае и нотира факти дека, се до почетокот на минатиот век неколку египетски цареви имаат македонска крв, но се посочува и на други артефакти, топоними и етнички посебности на заедници лоцирани посебно на релацијата Египет - Израел што упатуваат на македонски корени. Посебно Во 18 и 19 век многу се тесни врските на Македонија со Египет, повеќе поединци престојувале таму во интерес на работата (како и египќани во Македонија... дали знаш дека во Македонија има луѓе што се изјаснуваат како египќани - дури имаат и политичка партија) но има и ред семејства што одлучиле трајно да го променат местото на живеење.

Мекоста и несватливата толеранција до глупост, на македонците кон другите и странците (за што бараш мое мислење), до скоро си ја толкував за наша тешка глупост, но бидејќи е „нечовечка" или надчовечка, се прашувам, иако скоро да знам дека тоа мора да е од некое посебно чувство за големина, а следствено, едноставно немање чувство за загрозеност, всушност некој космополитизам што ни е вграден во генетскиот код, како наследство, а од кого ако не од предците.

Знам дека си горда што си и македонка, но исто така се повеќе знам зошто Грците, а богами и некои други од други причини се закатанчиле околу Македонија... Ете, гледаш до каде отидовме со нашите камили, преку едноставната номадската потреба за други содржини... И завидувам на твојата прабаба Санда на нејзиното

долго паметење, но сум несреќен што ни таа, но ни ние не живеевме во времето на нашите лавови.

Се плашам, кога раката ми станува камен а главата куќа на ветрови и оган.

Жал ми е што не сте се запознале со Славчо, а му нагласив да пријде на нај личната (многу ми се допаѓа оваа замена за убава) жена на изложбата и дека гарант нема да те промаши, но честопати авторите оптоварени од себе, настапот и настанот, мислат дека се самиот центар на светот. Негова е загубата што те пропуштил...

П.С. Не сум напишал толку писма во мојот живот (пола век на 14. 01. 2009) и со таква концентрација (човек да се исплаши) дури од месеците во војска (Мај 85-Мај 86, Белград, Бањица - наспроти ВМА, ВП 4589) тогаш кога мислите не им пркосат и се отворени за стандардните човечки димензии, што подразбира и пишување писма - војнички писма. Пишувањето писма е ново замене, нова димензија што недоволно сум ја познавал.

Ти благодарам што ја најде мојата мејл адреса...





# ВЕ МОЛАМ... Колку за малку забава

**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana
25.09.2008, 18:10

ГРЦИТЕ РАЗОЧАРАНИ – ШВАЈЦАРСКИ ИНСТИТУТ ТВРДИ ДЕКА СМЕ ПОТОМЦИ НА АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ

Истражувањата на швајцарскиот институт ИГЕНЕА ги исфрустрира Грците. Институтот кој се бави со генетски истражувања на Европските народи и кој важи за еден од водечките во областа на ДНК анализи, потврдува дека денешните Македонци се потомци на античките.

На прашањето кое го поставува грчка државјанка, а кое гласи: кои се корените на Славомакедонците, институтот на нивниот официјален форум одговара:

- Пред се, тие се Македонци, а не Славомакедонци како што вие ги нарекувате поради политички причини. Најголем дел од Македонците се директни потомци на античките, а многу помал дел имаат словенско потекло. Ваквите податоци институтот ги поткрепува со докази.

За да биде грчкото разочарување поголемо ИГЕНЕА открива дека само 32% од Грците всушност имаат хеленско, македонско, па дури и арапско потекло.

Останатите 31% имаат келтски корени, 12% германски и словенски, а 11% од Грците водат потекло од Илирите.

За Албанците пак, наспроти нивните верувања ИГЕНЕА тврди дека тие најмалку имаат илирско потекло. Според генетските истражувања, само 20% од Албанците имаат илирски корени. Додека пак 40% од народот кој живее на територијата на Босна и Херцеговина се директни потомци на Илирите.

Во изминатиов период официјалниот форум на швајцарскиот институт го преплавија прашања кои пристигнуваат токму од грчки граѓани, а кои најмногу се интерсираат, наместо за сопственото, за потеклото на македонскиот народ.

ИГЕНЕА во своите истражувања покрај ДНК анализи, користи историски, антрополошки и археолошки извори.

snezana.jovanovska@sitel.com.mk

http://www.sitel.com.mk/default.asp?ItemID=1AE04E349417AF43935FAA0CE301B1A6

Пребарај по клучен збор: ГРЦИТЕ РАЗОЧАРАНИ - има и видео на IGENEA што ги аргументира нивните истражувања.

PS. Побрзо и подобро пишуваш отколку што мене тоа ми успева... толку само споро ги ковам речениците за разлика на твојата разговетност што швајцарциве ми дојдоа како кец на десетка (коцкарски жаргон), но секако ќе ти надоместам за твоите соништа, искреност, вистини и посебно за она... da i**zborish** pravu **bit**ku!

## Od kamile do lavova

From Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Sat, Sep 27, 2008 at 1:26 PM

Eto da mi nisi spomenuo za Ptolomeje u Egiptu, nebi znala da su oni osnovali prvi najkomplikovaniji bankarski sistem sa sedishtem u Aleksandriji... ha, ha eto ko je kriv shto je moj muzh i danas na revijalno-pozerskom sastanku u Beogradu.

Shta su sve Aristotel i Aleksandar mogli da si kazhu i koji Bogovi su ih chuvali to je slatka tajna, ali kao shto si jako lepo napisao sve je vech zapisano u nama i kristalishe samo sebe do ociglednosti... Oh da znala sam da chesh spomenuti naivnu dobrotu makedonaca do gluposti, ali ona konstatacija s kojom zavrshavash... lepo si me iznenadio... посебно чувство за големина или немање чувство за загрозеност... to je tako dobar osechaj.

Ono sa lavovima me nasmejalo i iznenadilo jer sam noch pre sanjala neobican san, *gde se nalazim u zoo vrtu i unutra su sve sami lavovi, a ono shto mi je bilo strashno je da su svi kavezi bili otvoreni, mogli su da me pojedu samo da su hteli.* U tom istom snu sanjala sam... neobichno mi je da ti ovo pishem... Svog Boga..(josh kao mala prihvatila sam formu Jednog da ga imam za zhivot i kada se deshava neshto vazhno uvek Njega sanjam). *Nakon shto sam bukvalno kidnula iz zoo vrta nashla sam se na opatijskom maskenbalu koji se odrzhava u februaru i medju masom mladih ljudi ugledam Njega, oh kako sam se obradovala, a On sa grupom lekara ide i pregleda sve mlade ljude redom, ja stanem pred njega i poklonim se, a kada sam ja zavrshila sa klanjanjem On i lekari uzmu da me pregledaju, kao prvo grlo, uh i ja u samom snu shvatim shta se deshava i kazhem Njemu, ooo znam shta je sve ovo… pregledavate mi grlo da vidite da li govorim istinu, a kazhem oni lavovi to su sigurno bili simboli mojih niskih strasti (iako mi je to shto sam rekla bilo chudno jer nisu lavovi-niske strasti, vech tigrovi, lavovi su chuvari Bozhje kuche), pa evo bar ako nemogu da se popravim, ja chu da priznam sve i krenem*

*redom da se jadam i bez srama priznajem o svim svojim osechanjima. Nije uopste bio iznenadjen, kao i uvek, a josh manje me osudjivao, iako to nisam ni ochekivala...* Nadam se da che moja grlobolja sada biti potpuno izlechena, jer valjda nikada nisam bila ovoliko iskrena. Inache kada pochinjem sa nekim radom-procesom, uvek sanjam Njega kako "nas dvoje" igramo, nadam se da chemo uskoro da zaigramo ponovo.

Bash kao shto je sve ritam i bash kao shto sve teche kao obrnuta reka mi se vrachamo na svoj izvor... sa jako puno smisla Ti pishesh o tome kao nasledstvo u nama ili kao mozhda zbir svih sakupljenih iskustava iz blizhe i dalje proshlosti i prostora, a prostor-materija i mi-materija, pa kako bi i bilo drugacije, sve oko nas i sve u nama od nechega je sastavljeno, i konstantno se komplikuje i usavrshava, zashto bi bilo chudno da su deca sve inteligentnija, i da svet ide tako brzo napred, eto to je ochigledno, no ono shto u meni ostavlja znak pitanja je svesnost o tome da smo ljudska bicha, kao da to nismo dovoljno isposhtovali, mislechi na sve sukobe i ratove, sve te stomake sa zubima koji prozhdiru nash unutrashnji svet, - svet u nama - tek bleda slika. Zbog toga se i okrechem oko sebe i posmatram one zemlje koje nisu ishle tako strmoglavo u tehnoloshki razvoj, nadajuchi se da chu ipak nachi neki trag koji che me odvesti do chiste vode.... i eto posmatram Tebe na tim slikama iz prirode, sve te ljude oko Tebe, pa si mislim, eto to je ono shto je vredno, druzhiti se i biti dobar sa onima koje upoznajesh, raditi ono shto volish i biti iskren, nauchiti lepo komunicirati, a umetnost pricha dovoljno glasno za one koji imaju sluh i za one koji imaju hrabrosti da joj poklone svo svoje vreme.

Hvala Ti shto mi poklanjash svoje vreme, divno je to shto postojish!

PS. Vojniche jako lepo pishesh, trebalo bi da napishesh neshto za tvrde korice i da i**zborish** pravu **bit**ku!

## Mnogo dobra zabava!!!

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Wed, Oct 1, 2008 at 9:21 PM

**Proslavljeno uz makedonsko vino!**

... napokon...


He who reads, has a problem !?
TIKVEŠ
ALEXANDRIA
RIESLING
ALEXANDER
THE
MACEDONIAN
MACEDONIAN
SPIRIT

**... Oct 2, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)
Stanko **Pavleski** to kljajic.biljana

## Камилите, Лавовите, но природно и Тигри

Што животинче би се случило доколку во Македонија се спојат камилата со лавот, а драга моја? Дали ќе добиеме големи, работливи, понизни и доброчудни Лавкли, можеби мали, мрзеливи, горделиви и непредвидливи Камлаи или некои други чудовишни, но секако вредни нови видови во сега подолгиот синџир на опстанокот, кои судбоносно, низ време секако би ја стекнале обичноста да бидат сакани... нели скоро, некаде беше откриен зеброид (ни жирафа ни зебра - ко-коме, кој да го знае) што оди на конто на непредвидливоста и на природата... сакам да можам да замислам што производ би добиле доколку тигрицата го засака лавот или лавицата тигарот, но знам дека Царот ќе има тешка битка со онаа извесност на креативноста, љубовта, убавината, елеганцијата, страста - верноста, гордоста - покорноста, суетата - понизноста, преданоста - себичноста, проникливоста и доволното другости, да би го сочувал тронот.

Сакам соништа како твоите во кои животните имаат некои од главните улоги, може и споредни, но од оние што се скелет на содржината и тогаш кога се малку и копопатно во кадар (како Хичкок кај Хичкок). Дали како во басните или можеби повеќе од тоа? Тогаш на сцената ни се случува полна драма од измешани емоции што како да ги надвладуваат стравовите - најчести домаќини во соништата. Сакам да сонувам и „сосема убави“ нешта, и ако помешаните стравови со слатки емоции знаат исто така да делуваат благопријатно, балансирајќи некои иританти и сокови во нашите келии... пушти тоа Станко, нели секогаш би менувал баланс за летање, мрак за Хаваи на пладне, кашасто и лигаво за привлечна расточлива пластичност...

Во една своја драма Богомил Ѓузел од устата на еден циган кој го утешува својот недамнешен пријател ќе изговори, некако задоволно и горд на својата дотогаш неоткриена своја мудрост: *Свакад* (чуден србизам) *башка, има бар два излаза* (со акцент на средниот слог)... а во твојот со симболи богат сон, има толку многу отворени врати, но и лавови, не - да не, дал Господ. Верувај му на Твојот Бог (не се сомневам) бидејќи не е рамнодушен кон твоите емоции, иако ги знае уште пред да настанат (тој е во се и насекаде, нели?) и те поддржува во смелоста да си ја допуштиш пријатноста на емоциите и искреноста... јас пак почнав како оној циганот, поверував дека знам да толкувам соништа (сум го читал Јунг, но...) та отидов дотаму што сега се обидувам да го растолкувам и самиот Бог.

Појма си немам од толкување соништа, но знам да уживам во необичните амбиенти, дејствијата и сценичното во нив, како во расказите - ме фасцинира

таа кратка форма, како што тебе (но и мене) Твојот Бог (иако Големата суштина не секогаш соодветствува во однос со кратката форма) - всушност твоето прифаќање на формата да го имаш него за единствен во животот... споредбава што ја направив е чудникава и ако те одбива или тешко ја вариш, прифати го тоа како факт, дека ми се допаѓа токму тоа што, и како веќе си го напишала, па имам потреба одново да потсетам на истото, со ризик дека не сум го нашол правото место. Ми се допаѓаат расказите токму заради тоа што се концентрација нерастегната низ многу описи, што најчесто ја одземаат силата на повеќеслојноста, херметичното и заведувањето во искажувањето.

Појма си немам... но ми се блиски оние човечки нешта во твојот сон, вклучително и страшните слободни лавови и тигрите што сепак се тука и исправеноста пред болката - вистината... или пак се хиперактивни моите моќи за вообразби... често забегувам и во параноични фиксации, во желбата да ги допирам нештата...

Ти ветив дека ќе ти испраќам фотографии од она ново што сум сработил и еве, доследен сум, не заради тоа што ветувањата треба да се исполнуваат, туку затоа што сакам да ги споделам со тебе, овој пат:

**ТЕАТАР САРА БЕРНАР – 25 ОКТОМВРИ 1903:**
**Омаж на Жан Жорес - Модифицирано ® :**
**Про Курдистан и Баскија, и**
**Мемориски точки и дигресии - Од албумот на**
**Стојко Македон Беломорски**

Тоа е првиот дел од Проекција Балкон (пропуштив да ти го испратам пред вториот и третиот дел) што го реализиравме во Париз 2006 и со тоа ја имаш целосната слика за трите засега презентирани проекти, нели следи уште оној во Дар ес Салам. Фотографиите се од поставката и отворањето. Фотки од материјалот во делото ќе ти испратам во следните мејлови.

П.С. Имај убави соништа, убаво ги раскажуваш.

П.П.С. Во 02:15 отворив мејл за да ти го испратам мојов и многу ми се допадна виното што си ми го испратила, но јас сум сеуште на ракија (така ми тргна) и верувај не помалку добра од твоето вино, наздравје, драги мои...

## ОМАЖ НА ЖАН ЖОРЕС - МОДИФИЦИРАНО®:

Про Курдистан и Баскија, и Меморијски точки и дигресии - Од албумот на Стојко Македон Беломорски

® е дело кое егзистира во својата херметичност. На галерискиот ѕид стои реченицата: , а упатува на настан во Париз, кој (да потсетам) се случува нецели три месеци по Илинденското Востание и Крушевската Република.

Љубопитството и проективноста на реципиентот, прашалниците и загатките што произлегуваат и, возбудата во откривањето, се алатките за влез во времепловот од настани, слики и значења поврзани со Франција и Македонското прашање.

Вообразувањето и откривањето на делото е всушност самото дело.

Како дупка во делото:

Социјалистот Жан Жорес, како претседател на Комунистичката партија на Франција, 1900 - тата година формира Движење Про Ерменија и Македонија.

Во вториот дел од Омажот [папка со фотографии и документи (своевиден регистар на повеќеслојното Француско присуство во Македонија), извадоци од француски престижни книжевни дела, авторски парчиња и интервенции, и ...], како контрапункт или потврда за црно - белата слика на Францускиот однос кон Македонското прашање, стојат сликите во , кој патува низ блиското ни време: регистрира, афирмира, пермутира, првертира, дигресира, проектира, иронизира и потсетува дека Македонија има море.

Уметникува човекот и мисли дека ги тенчи линиите на правоаголникот на изразноста.

Во продолжена смисла во однос на носечката оска на делото, материјалот во папката ги допира и аспектите на оптовареноста на француското современо општество со рецидивите на колонијализмот, „проблемите“ со доселениците, всушност видовите на различноста и нетрпеливоста, што ги пронајдов и извлеков од осумте романи (во последниве 25 години) на добитниците на наградата Гонкур, преведени на македонски.

Станко Павлески, 25.03.2006


TEATRE SARAH BERNHARDT
25 OCTOBRE 1903






TEATRE SARAH BERNHARDT
25 OCTOBRE 1903


TEATRE SARAH BERNHARDT

# Mudro... mudro...

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Thu, Oct 2, 2008 at 10:50 PM

... Svog Boga... (josh kao mala prihvatila sam formu Jednog da ga imam za zhivot... Da, shvatila sam napokon shta si hteo da mi kazhesh... bash izgleda konfuzno... isprichachu ti prichu... malo njih je zna...

Kao mala… kada sam bila devojchica, desilo se da sam sticajem okolnosti i po mojoj tada proceni bila osramochena pred velikim brojem rodbine od strane mog oca koji je hteo da bude dobar roditelj tako shto mi je odvalio teshku shamarchinu, jer sam jednom svom bratichu koji me konstantno izrugivao rekla nedolichnu rech...Nije me boleo shamar, nego me bolelo to shto niko nije znao koliko je on mene vredjao, ali bio je pametan i to je radio tako da niko nevidi i nechuje sem mene, a ja sam naravno bila potpuno ne taktichna. Nikada u celom svom zivotu nisam bila toliko nesrechna i stala sam na terasu i iz sve snage vikala... hochu istinu... to je trajalo i trajalo, a ja sam vikala kao da se davim, odjednom sam se neobichno umirila, neshto me umirilo, a bila sam jako besna, chak mi se u jednom momentu uchinilo da sam neshto vidjela, iako je lako moguche da sam odbrojala sve zvezde oko glave *:) Ubrzo nakon toga susrela sam se sa Likom i prepoznala sam onaj mir sa terase koji me opchinio, a Njegovo ime...... kada se prevede na moj jezik znachi Istina.

Svog... svaki chovek u svom zhivotu ima autoritet kojeg obozhava, snaga kojom nekoga voli ili obozhava je onolika s kolikom se poshtuje Bog, ukoliko imamo nekog idola, nebitno ko je on zapravo mi stavljamo njega na TO MESTO gde bi trebalo da stoji zapravo chisti autoritet koji mozhe da nas vodi prema istini, no jako chesto to mozhe da bude osoba... potreba... jako chesto zelja (pa cak i zelja za Bogom), tako da je zapravo pitanje koliko mi zapravo verujemo ili se prepushtamo?

To mozhe da se menja u toku jednog dana mnogo puta, zato jer nam je um kao gladni majmun, no ako smo svesni svog majmuna, dobro je ponekada baciti mu neki slatkish da se zaigra, a kada je majmun miran, um se kristalishe i dozvoljava saznanju da se uoblichi i mi igramo svoju igru.

Tako su zapravo ljudi koje zovemo ateisti, veoma vazhni ljudi i ja ih mnoge veoma cenim, jer oni sa velikom snagom veruju u sebe, shto nije loshe, uporni su i tvrdoglavi ali njihova stvaralachka snaga prilichno je jaka, jedino shto je u ovom sluchaju prilicno jak ego i stalna potreba za potvrdjivanjem sebe, no bash taj veliki ego stvara velike stvari, veliki ego je mochan i jak i odlichno je kada se iskoristi za neshto dobro.

... prihvatila sam formu Jednog... htela sam da kazhem da neche dochi u nijednoj formi... ako tu formu prvo ne prihvatimo sami, kroz moje iskustvo veoma je tolerantan i nenametljiv, tek kada Ga svesno odaberemo ili mozhda prepoznamo, to je vazhan momenat, jer ono shto nemozhe da se opishe rechima je da smo duboko u sebi svesni te veze ili potrebe. Odabrala sam formu Jednog, mislechi na apsolutni subjektivitet, sveprisutan i sveobuhvatan kroz formu da kazhem jedne postojeche Osobe (iako mi je ovo smeshno jer Ga nikada nisam dozivjela kao posebnu osobu), koju imam za zhivot, zbog tuzhnog saznanja da jedan dan chak i tu formu obozhavanja moram da napustim, prepoznavajuchi sebe u toj velichini... On tako kazhe... Ali poshto nikada ne bih mogla tako da volim sebe, On me prvo rastavlja, razrushi i pokazhe sve slabe tachke i loshe temelje, a onda chvrsto gradi uz veoma jako vezivo Ljubav&Uvid.

To jasno vidim u svom zhivotu kroz neke bitne veze, kako se drugi ljudi prema meni odnose mi je veoma vazhan znak, to jasno govori o meni i o mojim slabostima, ali ono shto mi je postalo veoma vazhno i hvala na tom saznanju, je... da mi je postalo vazhno kako se ja odnosim prema drugima.

Isto tako ostala mi je urezana jedna Njegova recenica, koja otprilike glasi... da su mnogi nauchnici verovali u Boga nikada nebi doshli do chistih i velikih saznanja ili otkricha, jer bi u momentu kada bi doshli do nechega shto nemogu da reshe rekli... pa Bog je tako hteo...! Nekako je to u meni pomirilo i umirilo jednu jako komfuznu Biljanu, kojoj nikada nisu bili bliski nikakvi sistemi, pa ni religijski, oduvek sam znala da nisam religiozna i da ne mogu da pratim neshto shto nije na mojoj stazi i kada sam chula da je religija samo vozilo koje nas dovozi do nashe duhovnosti, pomislila sam da je samnom ipak sve valjda uredu, samo je do mene nekako stiglo chudnim redosledom.

I da... zashto Ti sve ovo pishem... i zashto mi je sve ovo vazhno, je da je deo mog zhivota na fakultetu preslikana slika... od prvog momenta znala sam da Te cenim i da si u mom zivotu vazhan, iako nisam imala pojma zashto? Kada sam chula da cesh predavati vajarstvo istog trena sam otishla da zamenim smer sa slikarstva na vajanje, iako sam bila svesna da chu biti sama u klasi, cak nisam stigla ni da odluchim, jednostavno je bilo tako.

I stvarno... sve moje iluzije si veoma elegantno rushio, (naravno to mozhe samo neko ko dobro poznaje tvrdi materijal)... i gradio me samo od vrednih i vazhnih tvari, a tako radi samo pravi Uchitelj. Nemam pojma u shto verujesh... chak neznam ni koliko si svestan... koliko dobro igrash! I sada kada stojim na ovom mestu i kada gledam na sve iz ove chudno okrugle perspektive, nevidim nikakvu razliku i josh manje znam ko si ti meni... ali nije mi vazhno... i dalje verujem da je dobro!

Ako je istina da smo mi ono kako nas drugi vide... i ako postoji tvoj odraz na meni, nadam se da se Lepo vidish!

PS. Jednom kad si doshao u atelje, ja sam uradila neku glupu skalameriju, a tako sam mislila da je bitna, a bila je jadna i klimava, ti si doshao i izderao se bukvalno na skulpturu, shta je ovo... bog... uspeo si i da nabrojish neke! Ja sam se smrzla... mislila sam Biljana ti si promasheni sluchaj, nikada od tebe neche biti nishta.

Chim si izashao polomila sam skalameriju i bacila. To veche sanjala sam nejneobichniji san u kome mi golub stoji na vrhu glave, toliko realno da sam mogla da mu osetim miris i kako me krila drmaju po glavi, odjednom jedna ogromna desna ruka spusti se na goluba, koji se u tom trenu pretvori u onu istu skalameriju koju sam bacila, dok je ta ruka bila na skulpturi chulo se ...mozhe ovako... a kada se ruka podigne opet je bio golub, uz komentar... a mozhe i ovako!

Neko je hteo neshto da kazhe... materija ili zhivot?... zhivot ili materija?... materija je i zivot, neznam, ali kada sam diplomirala nechu nikada zaboraviti, rekao si za umetnost, ne secham se konteksta, ali secham se svake rechi... *ima jedna velika ruka iznad svega ovoga...* a ja sam imala josh vechi upitnik iznad glave, ogroman kao planina… i pitala sam se da li chu Ti ikada ovo rechi, onda nisam mogla, a sad sam matora lavica (17.08.1976) i nije me strah :)

**... Oct 3, 2008**... (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

# ... НО И ОГАН...

Оние кои силно веруваат во себе градат храмови во себе од концентрираните големини градбени елементи: оние везивните, плод на некаква даденост допрена од бога; оние искуствените реално опитни; оние насетливите и мисловно изводливи; ... секако, вклучително и религијата, што заедно цврсто ќе ја извишат восхитувачката градба... а другите (доколку сиорановски ги сведувам луѓето на црно-бело) го чинат истото, но со поинаква редоследна поставеност на градбениот материјал. Верувањето во Својот Бог (она највисокото и во храмот восебе) каква и да е неговата појавност е „ликот“ во кој се огледуваме, всушност основната оска на повеќедимензионалното што сакаме да ја изградиме и како своја.

Со првите мои реченици во **... но природно и тигри ...** посакав уште еднаш да те насмејам со заумните конструкции што ги смисли мојот мал мозок, но очигледно не ме бидува, иако кога ги препрочитував пред да го испратам мејлот, слатко се изнасмејав, некако задоволен што сум можел тоа да го смислам, а посебно да ти го напишам. Благо инсинуирам во тоа парче и во некои други во текстот, со желба за мала елегантна леснотија низ форми што во себе заробуваат нешта што



и неможам доволно да ги објаснам - како мали пируети во желбата... што би го направиле текстот позанимлив и поприфатлив за исчитување, а притоа да не изгуби на значењата и соопштувањата што од него произлегуваат.

Мојата инсинуација со ... Svog Boga... prihvatila sam formu Jednog da ga imam za zivot... покрај суштината во инсинуиранито (во прилог на неколку можни читања) фрла сомнеж во природноста на конструирање едни-единствени рамки во кои би минувале низ животот, но допуштам дека не сум разбрал најдобро, а стои и тоа дека моите хиперактивни вообразби здраво се откачиле. На мислата како нај слободната категорија во нашата природа, иманентни и се ескиважи и размрдувања за да го обезбеди потребниот дополнителен кислород што и е неопходен и кон тоа најчесто не е врзана за реалноста или некаквите видови на рамковидна реалност.

Кога ќе ја ставам главата на перница, како да се будам, бидејќи мноштвото светови што ми прелетуваат во мислите изгледаат повеќе од живот или будност. Кога сум буден, како да почнувам да сонувам и така да ја конвертирам реалноста кон оние светови на перницата, и во таквото нивно вкрстување се случува некаквата моја реалност. Се разбира, далеку е ова од ексклузивитет, помалку или повеќе во сите нас се случува оваа иста возбудлива изместена реалност...

Прости и не ми се лути за инсинуациите што како контрадикторната реалност сонувачки се провлекле во метафорите, бидејќи вистински очекував тие да ја пробудат Лавицата во тебе (помислив и на тигрицата не-да-не) та да почнеш да се превиткуваш и преврртуваш од смеја.

.... не така јасно како ти, но успевам да си ја вратам сликата на она што се случи на Вајање, не така дамнешната 1997/1998 (станува настан, ха-ха-ха...) и ти благодарам што ме враќаш на тоа за да се обидам да си објаснам/да ти објаснам што всушност се случи, бидејќи кога ги прелиствам фотографиите од твојата дипломска (од различни причини и поводи) некако се враќам и на таа слика, веројатно затоа што и кај мене се силни причините да ти зборувам за тоа.

Мислам дека во ателјето се судрија климавата направија (според тебе) што врескаше дека е скулптура (што незначеше да биде уништена, бидејќи постоеја шанси да преживее), твоите 21 година (не се пресудни, но во овој контекст не и незначајни) и моите методи, желби и поигрувања високо-ниско со тие значајки во изучувањето на повеќеслојноста на скулпторска материја, и сето тоа наспроти моменталната моќ за апсорбирција кај тебе (практикантите) за што (убаво резонираш) честопати не сум ни свесен дека дури и добро ги склопувам коцкичките. Дури и дубење на глава и други циркузарии се во игра, но нужно со стил (дали во тој момент заборавив на стилот?), во кои се верува дека доведуваат до квалитетен резултат. Секако треба да се биде и доволно медиум во кој можат да се вкрстат тие учителски расшетувања по она што било вредо да небиде пропуштено во делото

и во самиот процес на приоѓање кон творечкото. Ти Билјана беше и доволно свесна за себе и доволно капацитет, но и доволно медиум во онаа моја смисла, па претпостави како се крши учителот кога реално констатира дека во моментот не функционираше со полн капацитет, но пушти тоа, погледот врескаше од болка пред резултатот со мноштвото протези и други патерици.

Ти можеше во тој момент да го поднесеш тој учителски удар со помалку стил, а сонот произлезен од твоите прашалници и логичниот бес и пркос ни трансверира помирлив метаговор - Јас можам...

Да се обидам и поинаку... дали во ателјето се вкрстија трите засебни енергетски круга и во точката на вкрстување експлозијата доведе до пресврт, катапултирајќи есенција што го побарува својот приемник (секако Тебе) во кој ќе се собере и ќе стане видлива, ќе се појави пред нас во вид на слика, можеби предмет, скуптура или вистина. Како кај Тесла, но тој зборува за два енергетски круга: внатреземјишниот и околуземјишниот енергетски круг што во точката на нивното сечење може да вшмукаат се што ќе се најде во тоа поле и во непроменета единица време да биде пренесено до приемникот, било каде и на било каква оддалеченост на земјата или галаксиите. Дури и денес науката тешко го капира Тесла, јас секако уште потешко, но се радувам на моментот кога во непроменета единица време од овде, пишувајќи го мејлов, би можел да се најдам во Нови Сад, Охрид, Њујорк, Сиднеј или можеби Ерековци.

Да споменам дека твојата дипломска беше една од најдобрите (и по мислењата на колегите) што се случиле на ФЛУ-Скопје и тоа зборува за тебе, но понешто и за мене, нели?

На она моето ... *ima jedna velika ruka iznad svega ovoga...* јас неможам да се сетам, ти секако повеќе го паметиш твојот голем ден, но тоа што неможам да се сетам на оваа убава реченица, како да не е од мене изговорена, уште повеќе ја потврдува суштината на искажаното, во тој момент можеби и јас сум бил допрен од истата таа голема рака.

И покрај се, ти си и здрава и жива после се што преживуваше со мене, но и успешна во HeArt-ot (дали те исполнува, би сакал да слушнам) и не ми забележувај за ова што следи натаму - а доколку и натаму сакаш да правиш уметност потсети се на себе од 1998-1999 и доколку се почувствуваш како почетник, знај дека си на добар пат... пушти ги моите раздробувања (освен ако во нешто можат да помогнат) на **Landescape**-от, тоа е добар проект. Налути се, но и подготви се за континуирано практикување уметност, бидејќи таа, нели е како љубоморна жена - бара секојдневно да и потврдуваш дека ја сакаш...

Незнам дали за време на твоите студии сум го споменувал или прераскажувал прекрасниот расказ на Богомил Ѓузел - Машина за пишување? (заради ништо друго, само затоа што е бисер и затоа што нема студент што одмене не го слушнал,

некои дури и повеќепати). Мислам дека вие сепак ја немавте таа убава можност, па еве, накратко ќе се обидам десетината брилијантни страници да ги сместам во неколку мои реченици:

... Загрижен млад писател се изјадувал на секој колега кого попатно ќе го сретнел, или неслучајно ќе го видел по повод одреден настан, и тогаш нашироко им раскажувал за својата болка што му ја причинувала неговата машина за пишување, која многу тропала и имала насебе многу непотребности: многу алкички, шрафчиња, но и строги агли што чудно ја раздробувале светлината. Сето тоа, така му ја одземало концентрацијата што станувал немоќен за било што, а камоли за оживување на белината на листот. Така немоќен, талкал кутриот по сите можни продавници со верба дека сепак ќе најде таква машина каква што нему му треба, но ништо, таквата машина што тој веќе ја беше сонувал никако да ја пронајде.

Така, несреќникот веќе предаден на неможноста, налетува на колега што има вистинско разбирање за неговата болка и длабоко сочувствува со него во желбата да му помогне. Тој, како испратениот од Господ лично, некако одеднаш, како од нигде никаде, се присетува човекот дека машина со таков опис како оној на неговиот веќе потиштен пријател, би требало да се најдува некаде на неговиот таван, помеѓу мноштвото други предмети со истата судбина. Двајцата среќници бргу пристигаат до домот на сочувствителниот господин и пред да се качат на таванот, испиваат по една лута препеченица за подготвено да можат да се сретнат со среќата-убавицата која во куферчето, целото прашливо од историските наслаги, треперливо чека на историскиот момент кога одново ќе може да ја отчукува вистината, за почеток се разбира онаа што сега така јасна му е во главата на потиштениот млад писател.

Го симнуваат куферчето, потем со невидено внимание ја чистат наслагата прашина и доаѓаат до најважното - шкљоц на отворачот... молк, ништо не се случува, уште едно тапо шкљоц, но никако да се отвори капакот, уште еден обид и повторно ништо, и по четвртиот пат кој ли веќе беше, како претходно да не се противело тоа сјајно парче спојувалка, наеднаш пред нив се отвора целата убавина на драгоцениот предмет на писателовата нужност, без кој неможела докрај да се расточи вистината која нели, веќе му е целосна во главата на доскоро потиштениот млад писател и чекала кутрата да види светлина.

Целиот среќен, набрзина го зграпчува куферчето, го зграпчува толку цврсто за да го избегне и најмалиот ризик некако да му се измолкне од рацете, некако да го испушти та целата содржина во него да се раскости на асфалтот и да се разлетаат на сите страни буквите, федерчињата, алкичките, шрафчињата, запчаниците, зглобчињата и сличните ситнини што потоа ни саатчија да неможе да ги стокми. Крајно е внимателен при поминување на улиците, посебно на непрописните места по кои поминува за да го скрати што повеќе времето, толку потребното време,

бидејќи неможе да го запре до оној така посакуван момент кога ќе ја постави оваа убавица на неговата работна маса.

И конечно доаѓа и таа возбуда - го става листот хартија и започнува: ЕДЕН ПРОЛЕТЕН ДЕН, па настапува нормалната пауза... битни моменти на очекување да експлодира секаква брана и сета содржина што го измачува силно и незапирливо да се растече... но паузата станува вечност........... можеби заради силната желба, бидејќи нели, се беше тука во неговата глава, но................. му светнува на човекот, сепак му светнува дека вистината би можел да ја напише и со пенкало, не-не, не поднесува човекот синтетика... сепак, по долго двоумење се одлучува дека е најдобро со молив да го стори тој пресвртен чекор, бидејќи тоа е убава пишувачка материја и цврста, така цврсто заробена во тие нејзини дрвени коритца. Зема лист и почнува се одново: *ЕДЕН ПРОЛЕТЕН ДЕН* , но одново истата мачна пауза, како вечност.......................... Помислуваше, сешто помислуваше младиот писател, на кого вистината сепак му беше во главата, и на крајот цврсто одлучи и не од немајкаде, дека вистината воопшто и немора да ја напише, може да си седи таа во неговата главата таква нераздробена, нели таму е целосна и секако најбезбедна и заштитена.

П.С. Те молам погледај дел од фотографиите (од вкупно 137-те, во А4) употребени во Проектот Театар Сара Бернар..., а во следниот мејл ќе ти испратам и дел од принтовите (од вкупно 124-те, во А3, А4 и А5)...




PANNEAU RÉCLAME
DE HENRI GOUGAND


JEAN JAURÈS


GRAND QUATRE,
VERSAILLES, 1919


GRAND QUATRE, DOJRAN 2006


MARSEILLE, 1934


BITOLA


Pont Alexandre III
Macédonien


CCF SKOPJE


SARAH BERNHARDT


MACEDOINE


MESSAGERIES MARITIMES
PAQUEBOTS-POSTE FRANCAIS
M.M
Guadalquivir
Salonica 1903?
AUSTRALIE
INDO-CHINE
OCEAN INDIEN
MÉDITERRANÉE


CMF
BITOLA


Monument de combattants français -
KARASLARI-VELES


Porte rouge sur
- TEATRE SARAH BERNHARDT -




He who reads, has a problem !?
ALEXANDRIA
ALEXANDER


TIAsS2
Crven Dol mine
Allchar (Roszdan)
R.Macedonia

# Na slovo O...

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Sun, Oct 5, 2008 at 11:53 AM

Oprosti, nisam stigla ni da napishem sve, bacila sam se na objashnjavanje detalja... Zato je ona pricha koju si mi poslao... odlicna, jako mi se svidja...

Naravno jako sam se lepo nasmejala i ne samo to... videla sam vech kako moj blesavi um kreira pomeshane slike i to me josh jednom podsetilo da bez strasti nema ni umetnosti, josh uvek mislim da je kreativnost ista sila kao i libido i da je to nachin na koji nastaje mnogo toga na ovom svetu... pa i Landescape, nisam stala... samo sam Te ostavila da mi prichash... to je i nastalo zbog tebe, ti si moja kisha”””””””” ... zbog tigra i lava imam novi deo koji mi je nedostajao da mi ugreje ruke… (ovde je bash hladno ove dane)... a ovaj put ne zhelim mnogo da mozgam... hochu da vidim shto mozhe ljubav, samo imam dilemu kako chu potpisati izlozbu **SBTIALJNAKNOA PKALJVALJEISCKI**?

Naravno da si nedostajem, naravno da me nishta vishe ne ispunjava nego tihi govor “mojeg” malog sveta ... ali eto morala sam prvo da uredim svoju okolinu, promenim mnoge pelene, skuham mnoge ruchkove ispeglam bezbroj koshulja, ne spavam 101- u noch zbog temperature i dechijih bolesti dozvolim svom muzu da uspe u karijeri postavljajuchi sebe kao temelj kuche proshle su godine 27.08.2008... :)

Jako si lepo opisao “uchiteljski udar”, ja sam mislila bash na to... zapravo to mi se i svidja kod tebe i nisam mislila negativno kada sam to spomenula, to mi je bio znak da ti je kao profesoru stalo... boli i kada se radja dete… pa se jako i voli... nisi me nikada povredio... samo si me malo prevrnuo u meni samoj, mislim da si divan uchitelj i ne samo uchitelj, vajar pre svega, koji mozhe da vaja i karakter, ja josh uvek znam jako malo o tome, u HeArt-u se srechem sa decom kojoj su najvishe idoli likovi iz crtanih filmova, raduje me shto sebi trazhe heroja, ali to pomalo i smeta, pa moram da igram igru na prstima, da ih ne povredim, a da ipak iscedim koju kap njihove neiskvarene slike o ovome njihovom svetu. Dok se igramo ja im spomenem, po kojeg autora, ispricham im prichu o “zvezdanoj nochi” i nekom tamo Van Gogu... fascinantno je da kada im spomenesh to da je ta osoba zhivela od… do… uopshte ne zhele da se pomire sa time da te osobe vishe nema... trazhe bilo koji nachin da je ipak moguche da ta osoba zhivi i danas... a ja si mislim ziveche i zivi, ali vazhno je i neshto znati o njima i njihovim delima, zato i jesmo tu na samom pochetku sebe, gde nam je umetnost postavila ogledalo da se prepoznamo, mogla bi da se ljubim sa ovom misli............. ali onda izadjem u svet gde npr. moja svekrva kazhe

da umetnici ne treba da imaju decu, jer nemogu da ih hrane... gde ljudi znaju sve moguche tracheve zhute shtampe, a nikada nisu priushtili sebi da prochitaju bar tri reda bilo kakvog teksta o umetnosti. Kako bi volela da se bar za mrvicu to promeni. P.S. Nisam ti pisala o delima koje si mi poslao, hochu *polako* da ih razgledam.

**... Oct 5, 2008...** (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

## Во име на дождот

Ми се допаѓа насловот... што го предлагаш и не е нужно неговата конструкција да ја направиш видлива, бидејќи со оттајнувањето ќе ја изгуби силата во јаснотијата на својата читливост. Одлично звучи, некако јужноамерикански или африкански и затоа пушти нека заведува со својата мистичност, доколку сепак гравитира врз тој корен.

.. дигресија, за момент (тешко излегувам од себе)... колку само малку посветувам на просто човечките нешта и нормално е што очекувам животниот рекапитулар да ми ја испорача сметката (континуирано сум кај него на кредит), но тоа не е тоа што ме загрижува туку чувството за пропуштената можност скриена во недоволно допрените слики на реалното бивање во реалноста и секако во можноста видно повеќе од себе да им дадам на другите што ги сакам, а за жал недоволно сум научил онака просточовечки тоа да го искажам и практикувам - толку мали нешта, но...

... уметниците? Тие се како чист воздух, само што децата најчесто многу подоцна сфаќаат колку тоа било значајно и пресудно занив...

... точно од 17-27. 08. годинава бев во Стење - Преспа, туристички незагадено и прекрасно место за опуштање... ќе ти испратам неколку фотографии..

P.S. Непотребен коментар... , но грижи се и за својата кариера...

P.P.S Ти го испраќам материјалот што ти го најавив минатиот мејл и уште еднаш мојот краток текст за проектот... фотографиите и овие принтови покрај својата самостојност сепак припаѓаат во онаа папка (албумот) на масичката и нужно во тој контекст треба да се проследуваат... уште нешто, во принтот-мејл до француска амбасада ќе забележиш дека се јавува Славчо Спировски (покрај другото ми е и внук од сестра - драгата моја сестричка...) во име на автор на проектот, бидејќи се исплашив дека може да ги налутам французите па да не ми дадат виза - кој да ги знае до каде можат да бидат осетливи тие од ГОЛЕМАТА ЧЕТВОРКА... материјалов е преобемен за проследување, но те молам посвети му толку колку те држи трпението и толку колку ти го задржува вниманието...

## MICHEL HOST
### Vallet de la nuit

Partout des faces jaunes, fermées. Sur le quai une main a écrit: JE SORT DE PRISON, JE N'AI PAS DE TRAVAIL... Une annonce, parmis les dessins sur les murs, était écrite des lettres noires: IL Y A 20.000 ANS VOS ANCETRES ONT ETE DES N[illegible]GRES. A Vitry je me suis monté en [illegible] les mêmes couleurs tombaient des [illegible] dans les rues. Les mains [illegible] volants. Villeneuve - le - Roi, avenue Maréchal Joffres, rue Liothen, rue Général De Gaulle. Le profit des guerres, de la colonisation, dans la toponymie urbaine...

Baton d'Abonos

## YANN QUEFFELEC
### Les noces barbares

…On nètait pas encore chez les nègres, à Peilhats. A pro pos de nègres, il y en avait deux à l'hotel de la plage, et pas aux cuisines, hein dans la clientèle s'il vous plait. Un couple marié soi - disant, et qui avait fait le voyage de là - bas jusqu'ici pour se reposer…

Baton d'Abonos

## AMIN MAALOUF
### Le Rocher de Tanios

"Qui porte en cette affaire la responsabilité la plus lourde? Le pacha d'Egypte très certainement, qui a dressé les Montagnards les uns contre les autres. Nous aussi, Britanniques et Français, qui sommes venus prolonger ici les guerres napoléoniennes. Et les Ottomans par leur incurie et leurs [illegible] fanatisme. Mais [illegible], parce que j'[illegible] à aimer cette M[illegible] comme si j'y étais né, seuls sont impardonnables les hommes de ce pays, chrétiens ou druzes…"

Baton d'Abonos

## TAHAR BEN JELLOU
### La nuit sacrée

- Il faut que j'y aille; les gosses sont terribles. J'essqie de leur faire apprendre le Coran somme je l'aurais fait avec une belle poésie, mais ils posent des questions embarrassantes, du genre: "c'est vrai que les chrétiens iront tous en enfer?" Ou alors: "puisque l'islam est la meilleure des religions, pourquoi Dieu a attendu si longtemps pour la faire répandre?" Pour toute réponse je répète la question en levant les yeux au plafond: "Porquoi l'islam est arrivé si tard?"… Peut-être que vous, vous connaissez la réponse?...

Baton d'Abonos

*Извадоци од четири книги, од осумте Гонкурови награди (во сите видлива е оптовареноста на француската литература со проблемите на колонијализмот ) што се преведени на македонски во периодот 1981 - 2006 (првиот и последниот мој престој во Париз)*

# Opasna osmorka!

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Mon, Oct 6, 2008 at 3:25 PM

... pokushala sam da slozhim "balkon" u prezentaciju, da lakshe razgledam, ali mi je zablokirao...

Prvo,...... svidja mi se ambijent, sigurno je tamo bilo prilicno lepo... shto postavljen u odnosu na prozor..., ali i radno za posetitelje... pala mi je na pamet misao koju sam ti poslala "da izborish pravu bitku", ali vidim da bash to radish ili radite...

Svidja mi se nachin na koji se komparira istorija i slazhe se u ovom vremenu, kako bi bilo jasno! Kao i vremenske koincidencije,... no osecham i svoju rupu u znanju u vezi toga, pa mi zato stalno neshto fali.

Vidim da je ulozheno puno truda i vrednog razmisljanja, pa chu morati da gledam iz te perspektive josh neko vreme... sedechi na balkonu... ukoliko zhelim da stvorim bar malo blizhu sliku ili da si ju nekako priblizhim, neznam kada sam svesno ili nesvesno zapostavila da li politiku ili istoriju, pa valjda i kulturu pa me to sada kochi.

Nisam znala da ti je Slavco rod, bash sam danas gledala katalog sa izlozhbe...

Imamo i mi neki plac na Prespi... nisam nikada bila i zhao mi je... nadam se da chu otichi pre nego se proda.

P.S. Hvala za podrshku!

... znam da nemam pravo da ovo kazhem, sve shto sam od tebe do sada dobila je poklon... ali... nemoj da oterash onog neozbiljnog Stanka, nedostaje mi...

(_____ ja uvek neshto negde zeznem? _____)

... Oct 7, 2008...

# До нова дупка во главата...

Stanko Pavleskii to kljajic.biljana
show details 2:54 AM

... во еден текст на Раша Теодосијевиќ има парче во кое генерално ги опишува карактерите на уметниците и критичарите (нели јас се занимавав со тој проблем) што парафразирајќи го звучи вака: ... и едните и другите имаат дупки во главата што им свират - им свират дупките во главата и се прошируваат во големи дупки...

Кога поново ќе ми се отвори некоја таква дупка во мојата глава, како оние на Раша (кај уметниците тоа стандардно често се случува, нели?) таа одново ќе почне да свири несериозности, драга моја, а тоа можеби и ќе те насмее? Ќе се потрудам да не ти недостасуваат лудости толку колку што јас неможам да бидам несериозен и луд (Бог... што тука да се прави...)... Кога го споменав Раша, незнам од каде но се потсетив на Танас Луловски (Бог да го прости, бевме пријатели...) всушност една случка што се случила во Њујорк кога со неколку колеги имале изложба, чинам во тогашниот Југословенски Културен Центар, доколку таков постоеше, не сум сигурен или можеби во некој друг простор, не е ни важно: шетајќи низ њујоршката врвулица на Тане му успеало да фати пеперутка (а ги сакаше тие нежни треперливи суштества) и крајно изненаден, повеќе засебе искоментирал - Зарем и во Њујорк имало пеперутки?... многу го сакам овој простодушен коментар... ете една убава возбудлива уметничка свирка од дупка во главата, а имаат уметниците повеќе вакви или онакви, помали или поголеми дупки што свират вака или онака, но секако им свират дупките... што туку сум се зафатил со тоа дупките та дупките - што се овој лудиов Раша може да ти направи та да не се можело да се излезе од неговиов филм...

Чао драг мој Раша, твоиве глупости знаеш дека ми се занимливи и пријатни за ментална гимнастика, но јас имам и посериозни нешта во животот... треба што поскоро да и го испратам мејлов на Билјана, ја знаеш, онаа прекрасна колешка од Нови Сад и понешто од Скопје, ја знаеш и нетуку се прави луд пријателе, кога исто така знаеш дека и нестрпливо ме очекува... не се секирај ќе ти се јавам, ајде ајде, и секако ќе ти раскажувам... иако неможам да се мерам сотебе, зошто си за гради пред моите помалку затапени моќи за прераскажување.

Куртул да се немало...

Извини Билјана, еве ме поново... Преспа е прекрасна и малку размисли што би правела со тоа ваше парче земја. Одлично што сеуште го имате тоа парче земја што и физички ве врзува тука.

За изложбата во Париз? Беше поставена во една од 7-те галерии (секој спрат галерија) во дел од скоцканиот простор на Cite Internationale des Arts. Во овој комплекс Р. Македонија 1999 г. закупи ателје на 40-годишно користење и тоа е убава прилика за уметниците (по двајца) континуирано во термини по два месеца да можат да го доживеат Париз, некои дури и да реализираат работи или проект за претставување. Србија исто така има свој простор, па би можела да се распрашаш каде и како се конкурира (кај нас тоа оди преку Министерството за култура). Тоа би можело добро да ти дојде, доколку малиот Милан и HeArt-от не бидат премногу љубоморни, размисли... кога ќе се одлучиш секако ќе имам да ти раскажам и други детали.

... Подготовките за мојот проект (но и другите два од... Балкон-от) вистински беа исцрпувачки, нужно беше да протресам еден подолг список на историска литература и неверојатно, тоа се покажа за прекрасно искуство. Покрај потешкотиите сето да се организира и договори, уживав во запознавањето одблизу на повеќето институции и личностите со кои се среќавав, што ме збогати со дополнителни сознанија, но и со нови познанства и пријателства. Убав дел од проектите што пристојно ти ги доближив го носат тој истражувачки карактер, или тоа во голем дел ги определува - тоа станува суштинско. Проектот ја поместува перспективата што западњаците најчесто ја очекуваат од уметниците од овие наши простори и затоа погледот од Ложа (кој од високо гледа подобро гледа, но нели има и она - кој високо лета ниско паѓа, што пак ние го конвертираме во кој високо лета високо паѓа) некако потешко го варат. Како и да е јас елегантно и сериозно се шегував соопштувајќи една друга вистина или можеби самата неа.

... Би ми било страшно непријатно, доколку овие мои писанија прозвучуваат фалбациски и самопромовирачки, бидејќи се трудам да внимавам на мерката во искажувањето и понекогаш тоа дури и ми успева.

P.S. Во моментот кога се обидов да те уловам на Chat, само што го завршував пречитувањето на текстов, пред да ти го испратам (уживам да ја проверувам конструкцијата на мислата) и сакав да ти испратам неколку фотографии од Преспа - Стење и Коњско, кое нели е најблиску до островот Голем Град, но гледам ме гази времево, а утре студентите неверувам дека ќе имаат разбирање што професорот заглавил на мејл...



# Chat with kljajic.biljana@gmail.com

from **kljajic.biljana@gmail.com** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Wed, Oct 8, 2008 at 1:17 AM

1:02 AM **me**: Што тоа правиш драга моја во овие доцни саати

1:07 AM Ми побегна за малку...

1:09 AM Ќе те уловам во следна прилика

1:14 AM Ми позелене во моментот кога го допишував мејлот до тебе, е сега нема да ти го испратам-ќе пребарувам некои фотки што се двоумев дали да ги прикачам во овој мејл.

1:17 AM Се се надевав дека повово ќе ми позелениш, но очигледно си фатила кревет...

1:18 AM Добра ноќ и убави соништа.

# Mesec dizhe plime...

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Wed, Oct 8, 2008 at 10:30 AM

Ehej mili! **Uopshte nisam obratila pazhnju da mozhe da se pozeleni...**
Mladi mesec i Landscape, dizhu me iz kreveta, neznam kako je tebi kada radish i eto mogla sam da te pitam... i ono shto sam bash htela sinoch da te pitam... dok sam ponovo chitala tvoj tekst o Land-u... mmm... zaboravila sam da ti kazhem
da se i meni svidja ime bez «otkrivanja» slova bojom SBTIA...
Opet mi se slazhu momenti koincidencija, a ja pokushavam da izlazhem shta treba i u kolikoj meri gde da stoji, kao kada kuvam, iako znam da... glavni Kuvar mene drzhi na vatri...
... nevezano, palo mi je na pamet da kada odlazim na neku izlozhbu nevolim utisak hladnoche u prostoru, suvishe racionalnog... ili shta vech...
Ti bash umesh da ubacish pravu kolichinu topline u svoje radove, pa cak i one jako ozbiljne, uvek sve bolje i bolje... Iako u mojim ochima uvek savrshen Stanko, ali ja imam takve ochi i nemogu si pomochi, valjda su dugo gledale u more (sa mog balkona u

Opatiji), pa je ta voda spojila neke neobichne misli i odvela u neke neobichne prostore, a more je prilichno spojeno...

Dve stvari zvone mi u glavi iz tvog teksta... jedna je kristalizacija teksta... druga je... puna figura... to sam htela da te pitam, ali valjda moram josh malo da sachekam, da bolje vidim u shta che se spojiti to shto ti kazhesh i ono sto sam napisala... iako otprilike nasluchujem vech... pa ako zhelish... poslachu ti skicu josh jednom.

Poshto sam u sebi ovaj rad stalno zvala moj mali zen, a zatim se srela sa ostalim koincidencijama kao npr. da su zhene u japanu pisale nezhne tekstove na novom japanskom pismu, dok su mushkarci josh dugo koristili kinesko pismo, fasciniralo me da sam i ja napisala onaj tekst u formi pesme, pa i ovo sada dopisivanje... sve se bash nekako sakuplja, spaja, sublimira i kao da vuche u jednu tachku iz mnogih izvedenih, valjda me bash zagrlila ova ideja o formi...

morala sam malo da proshetam po budizmu... ludo je kada "sam sebe"

iznenadish... jao... sada me ovo podseti na tvoju prichu o Tanasu i leptiru... nisam znala da je otishao... divno stvorenje... kao dete...

... i zamisli karakteristike forme prema budizmu... usrechi me providjenje...
opet i ponovo... da forma nimalo nije sterilna... bash suprotno!

Iz chetiri osnovna elementa zemlja-punost, vatra-vrelina,
voda-spojenost, vazduh-pokret

proizlaze... ochi, ushi, nos, jezik, telo, oblik, zvuk, miris, ukus

i dalje... i josh zanimljivije...

ženstvenost, muška plodnost-muževnost, život-vitalnost, srce ili srčana osnova, fizička namera ;), vokalna pojavnost, element prostora, polet, fizička plodnost ili plastika (!), fizička spretnost ili veština, fizičko grupiranje ili ucheljenje, prostiranje ili održavanje... starenje ili propadanje, nestalnost, hrana.

Spominju se neke silne knjige i tekstovi, imaju celu nauku o tome, ali ja chu i dalje intuitivno, pa gde stignem... ljubavnije je i zanimljivije...

... opet nevezano, ali neznam da li sam ti nekada rekla da ljudi mnogo tezhe podnose veliku ljubav ili lepotu, nego nesrechu ili mrzhnju...

ovo sivije nam je nekako ludo blizhe, pa se lakshe nosimo sa time, sa ljubavi obichno neznamo shta da radimo, a lepotu uvek valjda poruzhnimo bash kao i ovaj svet oko nas... ovo me vracha na Prespu... toliko ne zelim da se proda...

PS. Kako si ti, kako je na faksu?

## Alert message WARNING!

from Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Sat, Oct 11, 2008 at 9:50 AM

ZBOG NOVONASTALE SITUACIJE... "Makedonski ambasador u Beogradu Aco Vasilevski napustio je Beograd, A STANKO PAVLESKI JE PREKINUO KOMUNIKACIJU/RE**ANIMACIJU** HE**ART** TO HE**ART,** SA BILJANOM KLJAJIC U SKLADU SA NOVONASTALOM SITUACIJOM IZMEDJU OVE DVE ZEMLJE. On je već zakazao konsultacije kod ministra spoljnih poslova Antonia Miloševskog. Republika Makedonija pažljivo prati stvari na terenu, mi smo imali komunikaciju sa Vladom Srbije, oni su bili obavešteni pre nego što je Makedonija donela svoju odluku. Makedonija nije uradila ništa drugo, već je priznala jednu realnost koja već neko vreme postoji na Balkanu, kazao je Bocevski...

...I DOK BILJANA RADI SVOJ WOMEN ART PEGLANJE, CHISHCHENJE I SL… PITA SE... SHTA BI?

**... Oct 12, 2008...** (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

## Од кај Тони МНР

Се расприкажавме за многуте важни прашања за светот, а понешто и за нашиве домашни теми Балкански. Покрај сето, се разбира непропуштив да го прашам и за најважното: Што ви требаше таа работа... момче, како само можевте да ги навредите нашите пријатели од север и тоа само ден по неверојатната нивна победа со онаа банда од ООН? Како бе тоа Тони?... еј, нема да ве бесам, но не разбирам, нели беше на прагот тие-Ќерката да ја признаат Мајката... нас, нас Мајката, нели конечно сфатија дека сме им Мајка Црква... нејсе, се стори, но како само можевте бе црни Тони, а бевме на прагот на нашата заедничка светла иднина Западнобалканска. Што се не му се изназборев, жал ми падна. А тој, замислен како Роден Парижанецот, по долгата глува пауза видно резигниран некако успеа да проговори: *Морално (неизбежно) беше Пиги... како она во филмот Тетовирање... сфаќаш*? Фати нешто да ми раскажува и за Александар и тоа дека многу подалеку од тоа парче Север се всушност негови чеда и земја и продолжи со уште поголема жар и убедливост... сфаќам Тони, му велам, како да

не сум сфаќал, но по сиот наш долг и сериозен разговор јас сепак немам збор да трампам за Камила...

... Неговото Величество Кристал и Нејзиното Величество Полна Фигура... го препрочитав ВИСОКОТО НИСКО... и одново ја погледав твојата скица... сум помислил дека Песната ќе се набива и прочистува доколку и дозволиш активно да мирува, да одлежува и доколку ја препрочитуваш. Нели тие етапи честопати ги преповторуваме до хипноза, во очекување на дополнителен зрак светлина во магиското поле што го создаваме. Непотребно е да споменувам колку е творечки нормална таквата грижа и посветеност кон материјалот што однас произлегува, за да расте и надраснува... во скицата се занимаваш и со твојот портрет што станува пејзаж, покрај другото што исто тоа станува, па помислив дека е добро да се проба портретот да се замени со твоја фигура (полна/цела фигура) верувајќи дека се извесни занимливи решенија... би сакал под терминот Полна да бев затскрил некакви други убави големи значења, како Земја - Полност или близу на тоа...

Нестрплив сум да видам како се развива Твојот Мал Зен.

... а жените отсекогаш полесно ги прифаќале новите цивилизациски трендови бидејќи повеќе се во реалноста-незнам дали се и пореални, без разлика дали се гледа со очите или пак со мозокот. Тие повеќе ги спротивставуваат различните појавности што ги нарекуваме реалност, нели нешто станува реалност кога се судира со друго парче реалност. Жените секако повеќе од мажите се машини за правење реалност...

... сепак држи се за твоето интуитивно...

... за мажите и да не ти зборувам, тие се посебен случај, поцврсто се врзани и обременети со стандарди и стереотипи, дури и уметниците боледуваат од слични симптоми.

PS. Еве ме поново во возна... ниту амбасадори, ниту претседатели, а ниту седум планини и морија, драга моја, ми се сериозни препреки за мојата потреба од мистерии и магијата...

## Eh Toni, ko zna jel to za neshto dobro...

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Tue, Oct 14, 2008 at 1:33 PM

... pomislila sam na sve to… polna figura... josh dok sam chitala tvoj osvrt...

pre tri vecheri kada sam uspavala mozak, ustala sam da radim “auto” diktat i “ispljunula” ceo rad...

... i doshla do neverovatno neochekivanog raspleta, koji se sveo na to... da gde sam stala sa "zrnom i kishom", ovo se nastavlja... prvo sam pomislila da sam suvishe izbanalizirala sebe, a onda sam shvatila da je to mnogo chitljivije za druge.

Sad malo cool-iram i slazhem ideju u "virtuelni prostor" da vidim kako bi to moglo da izgleda u stvarnom prostoru, radim skicu u photoshopu...

Svodi se na prvi u redu,

**ZHELJA/FLEKA/TACHKA** - opet horizontalno postavljen slika/objekt, koji je napravljen od svilenkaste tkanine, u istoj visini sa portretom/landscape, (kao i sve ostalo) taj objekt treba da vuche da se dodirne i oseti (chak i omirisi), pa bi trebalo da bude pun (u smislu debljine) i da asocira na postelju...

**CHISHCHENJE** - opet horizontalno postavljen objekt iste velichine koji je napravljen od krpica za chishchenje, chetkica i zhica za sudove, od svega toga slozhiti zanimljiv mozaik, koji na dodir treba da bude grub.

**NESTAJANJE** - polica iste duzhine kao objekti, na kojoj su poslagane kutijice, kao za prashak za vesh na kojima od prve do poslednje pet komada, moj lik na njima polako bledi, a na kutiji pishe Vanish-ing, (izbeljivac-izbeljivanje),

**POJAVLJIVANJE/POTVRDJIVANJE** - ovo treba da ima veze sa nashim dopisivanjem, nekakav **MAIL BOX** i da opishe vazhnost komunikacije i sublimaciju idejne pare... mislila sam da sadrzhi pomeshane rechenice i ono pomeshano ime, znachi nekakav tekst, koji bi oznachio «moje» ponovno pojavljivanje, preko tvoje reanimacije... (malo je rechi hvala)

Isto tako da oznachi odvojenost i spojenost bez medjusobne razlike... kao i uticaj profesora na ucenika itd... pa, zatim

**LANSCAPE/OGLEDALO**... moje potvrdjivanje drugih koji se ogledaju na meni ili pak praznog sa druge strane kojem oznachavam prisustvo... ko sam ja?

kao shesto sada ostaje tekst ***Tu*** koji slazhem se treba josh da se sublimira, naravno i staklo za pisanje ostaje, kao deo zabave na licu mesta...

Shto se tiche pune figure, sad mala shala...

One slike nisu fotografije, vech negativ mog lika, skenovi... za vechi format morala bi do lekara!

Samo se shalim, imam brata koji je u Zagrebu diplomirao fotografiju/kameru, ali bash mi nije pri ruci, taj mi Landscape stoji tako taman posle «zrna i kishe» iz 2002 godine, pa nechu da ga iskljuchim, tu je sve pochelo.

Poslala bi ti ovo za pet dana, kako bi bila kulturna, ali nechu!


VISOKO NISKO


WISHH / ŽELJA


WILL / ĆE
NEW
fresh release
technology


VANISH / TE ISČEZNUTI
Vanish
Vanish
Vanish


CONFIRM / POTVRDI
000.2001.2002.2003.2004.2005.2006.2007.27.08.2008...
...SBTIALJNANKAO
PKALJVALJEISĆKI...


YOUR SELF / SEBE
FRAGILE
DO NOT DROP
Landscape


HERE / TU
Landscape

## Chat with kljajic.biljana@gmail.com

from **kljajic.biljana@gmail.com** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Tue, Oct 14, 2008 at 10:06 PM

9:59 PM **Biljana**: tu sam

10:00 PM **me**: Pogledna, samo shto ti go isprativ mejlot...

**Biljana**: da da chitam

10:02 PM **me**: Zanimlivo se razviva tvojot proekt, vekje ne sum siguren dali najdobro te sledam

10:06 PM Ајде нема да ти додевам, мирно исчитај си го текстот.

**Biljana**: mislim da je sve ok ali sad sam samo brzo preshla preko teksta ovaj tren sam ushla na mejl ne smetash mi sve je ok

10:07 PM **me**: Поздрав, те оставам во добро, се надевам нема да те вознемират моите коментари.

10:08 PM **Biljana**: ne... bash naprotiv... sve najbolje, uzhivaj...

**... Oct 14, 2008...** (one of the missing mails)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

## Знаев, но не до толку...

Неколку пати го препрочитав твојот мејл за да не пропуштам нешто, или друго нешто да неразберам па да ми се измолкне некое значење... ми се допаѓа замислата. Вистински го оджевуваш делото, ја препородуваш идејата отсликувајќи ги интуитивностите и со очите и со кортексот.

Турбо живееш со/во опкружувањето на делото (зборови, предмети, етерично...) во зафаќањето по линиите што ги заробуваат вибрациите на моментот, мирисот на спомените, патиштата на досегот на мистичното и надреалностите на секојдневоста во желбата да истражиш подопирлива прифатлива естетичност, што се разбира е приказна за себе... во еден момент помислив дека ќе си ја скршиш главата во машината за создавање реалност (ама те познавам...) но WOMEN ART хипнозата созрева впечатлива тактилност, треперливи дразби, притаена текстуалност, изместени значења и зрачења и другости што силно ги ангажираат сетилата...

... да да, понекогаш ми успева и без погледот да можам реално да ја видам сликата за замислената пластичност, да не ми требаат прашања и дообјаснувања, да неморам да знам како сево поединечно ќе изгледа и некако знам дека нетреба да прашувам дали „Постела-та" или пак „Чистење-то" ќе бидат врамени и како, со што би се добило на објектност, но би се изгубила чистата загатлива предметност, ете ти слатка дилема.

А пак Mail Box-от создаден од возбудливиот повод и доживувања може да изгледа секако, всушност секако е извесна убавината на самото дообликување...

... полицата - Nestajanje/ Исчезнување ќе создаде линија (дали иста или подолга од другите елементи?) што прекрасно ќе легне во просторот, токму со присуството на линеарното-тенко, како потребна мерка во визуелното цело. Доколку линијата биде подолга, не нужно би се нарушила поставеноста на кутиите, или пак нивниот веќе определен број, како условеност која го определува потребното нивно повторување и степенувањето на Бледеењето/Исчезнувањето, може да остане се исто, само се продолжува текот на линијата, незнам, ми изгледа занимлива помислата, но секако треба да се размисли и провери... нели и сама материјална линија во простор (без разлика на контекстот) е присуство, но и провоцирано присуство на она што го нема, а искуствено знаеме дека и припаѓа (како присуство во отсуството) на полицата-линијата, со можност преку нејзината материјалност, форма-профилација и обработка дури и да го сугерираме видот на предметностите што фактички ги нема.

Немам видна дилема дека Песната ќе созрева, попатно таа ќе офка-ќе вреска-ќе се протегнува-ќе се згрчува и ќе се исчисти низ количината дистанци и твојата посветеност. Нема простор за загриженост бидејќи Таа го има потребното, има самостоен центар и сосема чиста димензија на присуство во проектот.

Сметам дека нетреба да се заборави и на веќе третираното Празно, и не е ни важно кои му се можностите во новонастанатава ситуација, битно е дека празното постои и кога помалку го има.

За другите елементи во проектот веќе ти пишував, ми ги знаеш размислувањата и немам што посебно да додадам, бидејќи нешто ќе се преклопи, а нешто секако ќе се промаши и во тој контекст брилијантниот ум на Данило Киш е сосема во право (мислам дека не сум ти ја споменал реченицава... Т. Ациевски ја употреби во еден од неговите проекти во Трилогија Провинција) кога вели: *Тој што ја погодува целта го промашува се то останато.*

PS. Нестрплив сум... какви пет дена, те очекувам поскоро!

Date: Thu, Oct 16, 2008

## Chat with Biljana Kljajic

**Biljana Kljajic**
show details 1:11 AM

12:29 AM **Biljana**: pogledaj neshto na mom kanalu, ima neshto za tebe

12:35 AM http://www.youtube.com/user/kbilja

**me**: … ме честиш со уште нешто! Незнам како да се заблагодарам, ме засрамуваш. Тешко пишувам, забележуваш дека не ме бидува за... Ајјјјјдеееееее, на крајотттттт Enter

12:36 AM **Biljana**: nije smelo da ostane u mraku... previshe je dobro

12:48 AM laku noch... leka nokj... :)

12:55 AM **me**: Погледав, одлично си го спакувала материјалот. Вистински ме израдува враќајќи ме во тоа прекрасно време...

12:58 AM Добри соништа...

1:11 AM Јас ќе пеам уште малку, никако да ми успее да легнам пред 3:00, а после ова што ми го приреди веројатно и ќе се распеам.

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to "pavleskis@gmail.com" <pavleskis@gmail.com>
date Thu, Oct 16, 2008 at 2:53 AM

pun mesec... svi budni... drago mi je da ti se svidja! Lepo je to shto mozhe da vidi ceo svet, a od skoro su uveli i kategoriju izlozhba... nije bilo... i MOMA ima oficijalni you tube, valjda se ovaj svet budi...

- Biljana Kljajic

**... Oct 16, 2008...** (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

## Во колку е отворањето...?

Ми се допаѓа!

Ти се смее окото, а делото ти го гледам во зеницата. Ти требаше топлина и еве ја, сето друго натаму се само слатки маки... нормално тешко ќе заспиваш, а сепак ти е прекрасно така збунета од испревртените реалности... исто така знам дека ти е тешко, но ќе преживееш (та тоа ти се случувало) во поднесувањето на личното и на убавината што ти се отвори...

Се радувам што силно те има во делото... ти се молам, ја изгубив желбата да чепкам по деталите, наеднаш се станува извесно што и немораш да го реализираш делото, тоа веќе постои... еј, полека Станко, не не, не го земај често сериозно искусниов колега, тој отсекогаш работел на тоа како да заборави на искуството. Тој блесавиот би, доколку можело, да ги заборави искуствените нешта, би да си ги сочува само прекрасните моменти на отсликувањето и обмислувањето, бидејќи се повеќе верува дека целата суштина на полното живеење и создавање, во многу што било токму во тоа.

Нека ми прости Анте Поповски што ќе изместам еден негов стих, а изместено звучи вака:

*Кога не би постоело ова парче живот*
*јас не би знаел каде би се живеело,*
*но би знаел каде би се умирало.*

После Тебе Високото Ниско и песнава, ми се пее, не ми се зборува...

## (no subject)

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to "pavleskis@gmail.com" <pavleskis@gmail.com>
date Thu, Oct 16, 2008 at 2:37 PM

A meni se josh vishe svidja “Ми се допаѓа!”, nego bilo koje druge rechi...

Nadam se da uskoro pochinjem, idem da proverim duzhinu zida da nebi bilo zabune oko postavke...

eh... da bash tako se i ja nekad pitam... shto uopshte da nastane izlozhba... kada se meni vech desila, imam jednu takvu u sebi koju nisam stvorila i pitaj boga dali hochu..ideja mi je bila da se nashalim sa marketingom i konzumerizmom, a zhivim ju svaki put kada odem do trzhnog centra... zovem ju -plakati za plakati-, ali verojatno je nechu ni stvarati... ovako mi je zabavno, a mislim da je ima delom i u ovom sada radu u smislu samomarketinga... da li je to dobro... pa valjda zato i posvechujem svoja dela nekome... za diplomski znash… Zrno i Kisha... bilo je posvecheno mojoj mami i cela izlozhba bila je napravljena od njenih predmeta koje sam ja dozhivljavala posebno u svom zhivotu, od njenog portreta koji je ostao nezavrshen, tachnije njene ruke, jer je slikar koji ga je radio pochinuo... sve do prisustva moje mame koju sam smestila i izlozhila na dan otvorenja, evo sada opet posvecheno mom omiljenom autoru...

Zhene!... nikada ne vide same sebe... kao shto mesec nemozhe da sija bez sunca... daju svu svoju prazninu, da ostvari njegovu puninu i da se ucheli.

U hinduizmu se kazhe, a i ne samo tu... da zhena mora da poshtuje muzha kao samog boga i da samo tako mozhe sebe da ostvari... nikada to nisam razumela... sad mi je ipak malo jasnije... ima tu neshto vishe od samih rechi... neka hemija.

... kada se setim koliko sam bila zadivljena kada sam ushla na tvoju izlozhbu 1998. Barok u jednom... to niko nemozhe da uradi... to nije ljudski… mnogo dobra energija... mnogo utkanih kvaliteta i veshtine... prava stvar... prosto imash osechaj da odatle udishesh vazduh, kada na svetu vishe nebi bilo vazduha, ja bi volela da sam tamo, koliko je zhiva i koliko je stvarna, chak i da neznash nishta niti o umetnosti, niti o ideji... nebi ostao ravnodushan! Zato ne treba da se sramish, oni koji su tu bili treba da budu srechni i da se osechaju privilegovano... kao i svi tvoji uchenici.

Secham se nekih komentara mojih kolega, u fazonu… a kako me Stanko naribao... a ja sam mislila... nemate pojma koliko ste srechni zbog toga, a ja sam srechna shto se ovaj put ne osecham nimalo - naribano-, vech lepo...

e da... znam i ja jednu o cilju......... kratka je... **cilj je gadjanje**... zapravo ako ne mislish o cilju, pre cesh pogoditi...

Eh... idem da skuham ruchak sada...







Од проектот “Барок во едното”, 1998, Музеј на градот Скопје







**... Oct 17, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

## Куќата за Високото Ниско

Ти благодарам драга моја за твоите убаво срочени доживувања на Барок во едното, не сум слушнал ниту сум прочитал така убави паралели и чувства кон тој проект и, за тоа што уште еднаш ме израдува со искреноста кон моите учителски доблести што ги откриваш кај мене... ќе ти вратам за ова... ха - ха - ха...

Подразбирам дека веќе си ја определила галеријата. Кој е тој среќен простор што ќе го има задоволството да те има, можеби го знам, нели нешто малку знам за излагачките простори во Нови Сад (оние што така стануваат храмови). Дали исто така сте го определиле и терминот, всушност ме интересира како ги средуваш подготовките во тој дел... а што станува со финансиската поддршка, можеби Министерство... и сл. ... како веќе тоа оди...

Помислувањата и одлуките за потребноста/непотребноста од реализација на веќе проектно спакувано дело или проект (како за куќа) сум ги превртувал низ глава од сосема уметнички причини, но во голем дел и провоциран од ред состојби во нашиот уметнички амбиент, што честопати се неблагопријатени за Авторите. Да да, има многу уметничкост во тоа да се побарува мерката колку на одредена замисла и треба реализација, бидејќи ние се реализираме од моментот на самата иницијација, всушност најважниот допир светлина од можните други попатни...

Коинциденција... во претходниот мејл сакав да те замолам да ми испратиш фотографии од Зрно и Киша (некако незабележано се провлече во твоето второ јавување и потоа во мојот коментар дека тоа одлично звучи) но се предомислив за да не ја направам љубоморна убавицата Високото Ниско. Вечерта нејзе и ја посветував... на што би личело во тоа запрено време за друго да потпрашувам (насетував исто така своевидна убавина, но…) затоа што сум сакал да ја задоволам мојата професионална љубопитност и еве, ти ми пишуваш за делото, во делот за твојот самомаркетинг низ посвета/посветување на друг (популарно звучи, но за среќа тоа не го гледам во делата и секако знам дека немислиш така) каде зборуваш за Зрно и Киша, делото кое тогаш за момент и мене ми помина низ главата па дури и се бореше да остане вонеа, за да се натпреварува/одмерува/споредува/ со, во тој момент единствената активна точка во кортексот. Не сум се излажал дека парчињата Зрно и Киша биле исклесани од цврст материјал и тоа дополнително го зголемува мојот интерес: како ли се спакувани сите тие предмети-своевидни реликти на спомените во кои си ги заробила сликите на твоите сеќавања, доживувањата и другите појавности на сетилноста... но недо-

сликаниот портрет на мајкати е приказна за себе што одлично се вклопува во можните вообразби за суштинските релации во делото... недосликани раце... еј, колку само чувственост искажуваат нашите раце... ова ме потсети на зборовите на Луловски кон неговите студенти (ги искажуваше и во моите разговори сонего) што, некако подредувајќи ги гласат вака: сликајте ги со посветеност рацете, тие незнаат ништо да сокријат, екстремитетите колеги искажуваат многу емоции, а најчесто сакаме се да откриеме од очите и фацијалностите - та нели, најчесто само таму бараат обичните и секогаш наоѓаат вообичаени нешта, кому тоа му треба. Претпоставувам студентите го гледале бледичко, но што да се прави, за некои нешта отповеќе било потребно полно животно искуство и што се не друго... и она со живата скулптура на мајкати ми изгледа посебно занимливо и доволно блесаво, како да сакаш да ја опредметиш, за да ја имаш само засебе, како столб-фетиш околу кој и во чија слава се случува процесија - се случува уметност...

Женскиот и Машкиот принцип (женското, но и машкото писмо како што милуваат да ги именуваат најчесто феминистките) неможам да ги видам целосни без парчињата од својата спротивност, бидејќи повеќе составки на едната природа се привилегија и на другата, во рамка на избалансираност, во спротивно влегуваме во непосакувана патологија на сексуалноста и изместување до рушење на оската на идентитетот. Сметам дека, да се биде полово целосен и слободен во секаква смисла и покрај редицата ограничувања во најголема мера е проблем на личносното и индивидуална битка, освен во случаи на патолошка злоупотреба по тенките линии на половоста. Ми се чини како да е се во созревањето на слободите во општествена, колективна и индивидуална смисла, сето друго потаму станува полова песна... Жените?... се повеќе слушам прикаски за идентификација на жената со Легловното и Гнездовното, што секако се некакви вистини, но доколку не акцентираме само едни квалитети за сметка на изоставените други, туку што повеќе ја шириме палетата, верувам имаме шанси да се објасниме себеси... секако има хемија, во спротивно тешко би можеле да си објасниме голем дел од нашите однесувања... Жената? Гласам за Големата Мајка Креаторка!

Ти испраќам фотки од проектите:

- Кино Напредок 1 (нереализиран)

- Кино Напредок 2 (реализиран за инает на првиот)

- Кино Напредок 3: Трилогија Провинција (три проекти од кои во еден се занимавам и со непотребноста од реализација).




Cinema Napredok (Progress), Written Fine Artism - Image Language 1, 2001, Computorized Solution on A4 Format




Cinema Napredok (Progress), Written Fine Artism - Image Language 2, 2001, Computorized Solution on A4 Format





stanko pavleski



Cinema Napredok (Progress) 2, Dictatorship from Intermediator – Three Colors, 2003,
Akril on Canvas, 130x330 cm






stanko pavleski



Cinema Napredok (Progress) 2, Dictatorship from Intermediator – Simulated Comunication, 2003, styled Poste Box, 45x30x10 cm


ТРИЛОГИЈА - ПРОВИНЦИЈА
кино напредок 3
Народен музеј - Велес
Спомен-куќа на Васил Главинов
28.05.04, 20 ч.
ТОМЕ АЏИЕВСКИ
&
СТАНКО ПАВЛЕСКИ
Три топогноми до сето останато
I. Прв топогном - имагинација со предлог
Портрет на некој од 1975 и
Портрет на некоја од 2004
Три противправила за однос
I. Без експонат
Делосебесобирање во
манифестациите околу делота


ТРИЛОГИЈА • ПРОВИНЦИЈА
СТАНКО ПАВЛЕСКИ
ТРИ ПРОТИВПРАВИЛА ЗА ОДНОС
&
ТОМЕ АЏИЕВСКИ
ТРИ ТОПОГНОМИ ДО СЕТО ОСТАНАТО
Музеј на современата уметност - Скопје,
Мултимедијален центар – Мала Станица
28.02-13.03.2006, 20 часот



# СТАНКО ПАВЛЕСКИ
# БЕЗ ЕКСПОНАТ

## Делосебесобирање во манифестациите околу делото

Во изместениот уметнички центар на опсервација
*за периферното што се создава како центар*

Во најавата за изложбата
*за одтајнувањето низ вообразбите во меѓувреме*

Во празниот изложбен простор
*за полето означено од / со авторот*

Во говорникот и говорот за авторот и „празното“ (перформанс со Драган Миладиновски)
*за вообразбите во прво лице*

Во публиката (хепенинг со еден условен означител - време и простор на случување)
*за причинскиот центар на настанот, низ феноменот на потребите, очекувањата, навиките, предзнаењата, површностите, статусното и други состојби и вообразби во / вон делото*

# NAPREDOK CINEMA 3

## TRILOGY - PROVINCE

| | Stanko Pavleski<br>**Three Counter-rules For Relating** | Tome Adzievski<br>**Three Topognomes to Everything Else** |
|---|---|---|
| spring 2004<br>VELES | **I. No Exhibit**<br>Work-self-gathering<br>at the Events<br>Considering the Work | **I. First Topognome - Imagination with a Suggestion**<br>Portrait of a Man from 1975 and<br>Portrait of a Woman from 2004 |
| autumn 2004<br>DEBAR | **II. Issue - On the Art Critique**<br>My Anthology - Macedonian<br>Art and Critique<br>1954 - 2004 | **II. Second Topognome - Verbal Form**<br>FLUX SESSION - IN DEBAR |
| winter 2004<br>GEVGELIJA | **III. Signs of the Atrophic Culture**<br>Tired of the Art | **III. Third Topognome - Image with a Direction**<br>Zen Refrigerators |

This project is dedicated to those intellectuals who
won't abandon their home town

**УМЕТНОСТ и малку другост - ДЕФОКУСИРАЊЕ кон:**

ТРИЛОГИЈА - ПРОВИНЦИЈА?

Фолозофија на НУЖНОТО:

Широко отворени очи, слободен пад,

СТОЈ НА ГЛАВА. Дали револт, пркос,

**ПРОВОКАЦИЈА?** Чиста ЕНЕРГИЈА -

бистра вода, невестинска постела,

или во покнатините на РАБНИТЕ МЕСТА,

ПРАВИЛАТА, ПОИМИТЕ...

Пукнатините сѐ во парче ќе престорат

**СЀ Е СЕКОГАШ ЗА ПОМЕСТУВАЊЕ**

---

**ART and a little bit of otherness - DEFOCUSING towards:**

TRILOGY - PROVINCE?

Philosophy of the NECESSARY:

Eyes wide open, free fall,

HEADSTAND. Is it revolt or opposition

**PROVOCATION?** Pure ENERGY -

clean water, wedding bed,

or in the cracks of THE LIMINAL POINTS,

THE RULES, THE CONCEPTS...

The cracks will turn everything to pieces

**EVERYTHING IS ALWAYS LIKELY TO SHIFT**







# Зошто оваа книга, овој проект, или десет точки за причините

1. Континуитет на мојата прва книга - дело „Ненапишана книга до посредувачот", всушност интересот кон одредени проблеми на критиката, но не само тоа...
2. За причинската замена на „улогите" со критиката, за да се чепне (уметнички) по нештата под „владеење" на критиката.
3. Бидејќи немаме доцеловит обид на едно место да се собере највредното од македонската ликовна критика и теорија, што е неразбирливо, а за мене повод за уметничка провокација.
4. За/кон проблемите „надвор" од самата ликовна уметност, а суштествени за уметничките процеси.
5. За критериумите, за вредностите, за професионалноста и слабостите – за да се намалат произволностите и целовито да се вдоми погледот во делото.
6. За проблемите во/околу уметноста (професионални, морални, системски...), иницијално присутни во книгата, а над/надвор од нејзините корици.
7. Во слава на авторот – создавањето и попатно за тоа колку е одржлива тезата дека авторот може најдобро да ја определи вредноста на сопствените остварувања.
8. За избирањето и презентирањето, за погледот и ликовното искуство/неискуство, љубопитноста, љубовта и доживувањето на уметничкото дело, создавањето и зрачењето на зборовите...
9. За нивото и придонесот на полемиките (од денес до групата Денес), бидејќи логично е очекувањето, полемизирањето да води кон квалитетно поместување на односите, како во оваа, така и во секоја друга сфера на нашето делување.
10. За книшковната форма и поместувањето кон ликовно – уметничка.





*Со Соња Абаџиева и Борис Петковски*
*(покрај останатите со кои контактирав и ми помогнаа во дооформувањето на книгата)*

STANKO PAVLESKI

# SIGNS OF THE ATROPHIC CULTURE
# TIRED OF THE ART
## ART CRITICS, ...

*I used to "hang out" with the personalities and the characters of the "dominant currency" of the Macedonia art critique of today - with the weariness as a virtue, the delayed hedonism and the hedons of every kind, between lethargy and tragicomical apathy.*



Заморените од уметност – ЛКМЧ001 (детал од инсталација од 7 портрети во нагатив – калап), 2005, гипс и акрилик, 45x50x30

Tired of the Art - LKMC001 (part of an installation containing 7 portraits in negative – mould), 2005, plaster and acrilyc, 45x50x30





## Chat with Biljana Kljajic

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Fri, Oct 17, 2008 at 8:04 PM

8:04 PM **me**: Zdravo, kako si?... kako da imam nekoj problem so mail-ot?

8:05 PM **Biljana**: tu i tamo... veza...

ej ovo je totalno ludo... nemogu da verujem jedva chekam da spustim slike

8:06 PM znash shta, nemogu da verujem shta pishesh... izlozhba treba da se odrzhi u kafe galeriji koja se zove izba ili kucha

8:07 PM fina i topla atmosfera sa opushtenim ljudima vechinom senzibilni na umetnost

8:08 PM **me**: Veruvam kje ti se dopadne materijalot, no ne go podrediv najdobro, ti si vichna kje go sredish. Naviknat sum da pishuvam na kirilica, pa se neshto mi se meshaat bukvive...

## Chat with Biljana Kljajic

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Fri, Oct 17, 2008 at 8:42 PM

8:12 PM **Biljana**: losha je veza

8:16 PM **me**: Mislam deka go znam prostorot za tvojata izlozhba shto go spomenuvash, ne sum naj siguren no mislam deka so Sava Stepanov sum sedel tamu. Dokolku sepak e toj prostor, toa izgledashe odlichno, no dali imashe dovolno chisti zidovi nemozham da se setam, shto od alhoholot, shto od prigushenoto svetlo...

8:18 PM **Biljana**: da da... i ja sam mislila na to da su zidovi nechisti... nisam skoro bila idem da proverim, ali znam gazdu pa chu ga zamoliti da mu malo krechim...

8:20 PM nekako sam htela da ipak bude medju ljudima, galerije su pune samo na dan otovorenja i posle tu i tamo po neko... tu mi je bila i Zrno i Kisha... na zhalost nemam slike, samo jedna iz novina neshto nejasno... ako ti znachi poshaljem ti opisno u mailu...

8:25 PM **me**: … ma ne mislev na beli tuku na prazni zidovi, neli… Pomisliv i na drug prostor vo koj na Bienaleto 07 izlozhuvashe kolegata od Turcija, i toa beshe nekoj takov prostor so zidovi od fasadna cigla, se mi se izmesha, ne e vazhno. Vazhno e deka e dovolno zhiv prostor i vo toa se soglasuvam deka toa e vazhno za proektot.

8:28 PM Sepak isprati mi toa shto imash od Zrno i Kisha, veruvam deka bilo odlichno.

8:30 PM **Biljana**: ... moja mama ima negde to iz novina, ali ja se ne secham gde je stavila.. ona je sada u Skopju

8:31 PM ja sam tada radila u organizaciji... nisam stigla da obratim pazhnju da bar zamolim nekoga da slika

8:32 PM **me**: Ajde mozhe i opisno, ubavo i lesno pisuvash, veruvam vo tvoite opisi...

8:36 PM Ej, ne sum te prashal, kako ti e so decata, slushaat li tie mali mangupcinja. A Milan?...

8:39 PM **Biljana**: dobro su... Milan je upravo stigao od babe i dede... ima par njih koji bash umeju da iznenade, sve su bolji... najvishe ih posmatram... recimo Milan sam trazhi boje i ja mu dajem koje on zeli i kada se najmanje nadam on uradi neshto totalno ludo... poslachu ti jednom Milanove radove...

8:42 PM ja sutra rano idem za Beograd na jedan seminar o edukaciji... bichu zauzeta dva dana… pa sada moram momcima da ostavim sve u redu... pisachu ti kasnije na miru, kada podmirim sluzbu...

**me**: Se si mislam kako se postignuvash? Bash bi sakal da vidam shto srabotil maliot so srceto na usnite

8:43 PM **Biljana**: ok... pozdravljam te sada... do maila

## (no subject)

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Fri, Oct 17, 2008 at 11:54 PM

...trazhila, ali nisam nashla, puno mojih stvari je dole u garazhi... ja sam se selila bar 3 puta u samom Novom Sadu... brat i ja prodali smo kuchu, pa su mi mnoge stvari josh spakovane... ali uglavnom... sve je postavljeno vertikalno i...

Prvi je postavljen mamin portret, a ona je na njemu obuchena u japanski kimono, koji je dobila od jednog dechka japanca, kojeg je ona spasila da ga ne pretuche neka grupa huligana, jer je chula da se spremaju da ga tuku, a on nije imao pojma o tome, spasio je glavu zahvaljujuci mojoj mami... tako su se upoznali i ona je njemu porucila da joj sledeci put kada dodje donese pravi japanski kimono.

Drugo po redu... postavljen je vertikalno samo kostur blind rama, a gore i dole zakacheni su delovi starog tkalachkog stana kroz koji prolaze niti uzhadi, ti delovi tkalachkog stana

pripadali su mojoj prabaki, maminoj baki Sandi. Unutar niti postavljen je taj kimono i sva njegova… Kimono je beo sa crvenim velikim cvetovima, pojas/jastuche isto tako crven sa zlatnim nitima.

Sledeche po redu je isto blind ram samo sa crvenom pozadinom na kojoj je postavljeno jedna ispod druge osam pravih kashika za jelo, a do svake je ispisana losha osobina... osam malih majki... koje su... ljubomora... zavist... mrzhnja… gnev... prevara... moch… zhelja... porok... desno dole na samom ramu zakachena je kachka na kojoj visi crveno bela kuhinjska krpa.

Zatim iste velichine ram sa platnom, koji na samom dnu rama ima drvenu policu, na platnu je tekstura napravljena od peska, ali u boji zemlje...

na polici se nalazi keramichka zelena pudrijera, posudica... kada sam bila dete u njoj sam cuvala svoj zlatni prsten sa crvenim rubinom koji je bio u formi zmijice...

ja sam kao dete svaki dan obilazila tu pudrijeru... mislechi da chu videti ko zna shta, penjala se na mamin toaletni sto i uvek ochekivala chudo...

sledeche...

stara drvena komoda koja se nalazila inache tu u prostoru... postavila sam do nje stolicu... mislechi da je to zapravo sve...

... iznenadjenje vecheri je bilo da je moja mama tog trena ushla u Izbu, iako nije bilo nikakve shanse da stigne iz Skopja ona je nashla neku ludu vanrednu liniju busa, i stigla tik pred otvaranje, tog trena sam znala da joj je mesto na toj stolici... naslov u "Gradjanskom listu" je glasio, krug je zatvorila mama.

Muzika koja je ishla kao pozadina bila je od Philipa Glassa Uakti, na kojoj se opisuju reke...

## Chat with Biljana Kljajic

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Fri, Oct 17, 2008 at 10:53 PM

10:53 PM **Biljana**: shaljem ti Kishu…
10:56 PM kod kimona treba da stoji sva njegova oprema... zhurila sam

## (no subject)

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to "pavleskis@gmail.com" <pavleskis@gmail.com>
date Sat, Oct 18, 2008 at 12:23 AM

kako sam ti to maznula... shta se tu deshava... kako chu sada da spavam?

## eh!

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to "pavleskis@gmail.com" <pavleskis@gmail.com>
date Mon, Oct 20, 2008 at 11:07 AM

Poshtansko sanduche, tekst, staklo koje visi... problem negativ, prazno, puno... zbunjena sam... jako.
vidim te kako sedish tamo i smijuljish se... neka, neka...
Uopshte neznam da li da radim ono "moje?"
vibracija-radijacija-materijalizacija... valjda ono shto nisi materijalizirao... je nekako produzhilo da ozrachuje dalje... ko zna... a ja neznam shta treba da radim...

# Sitnica

from Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
to "pavleskis@gmail.com" <pavleskis@gmail.com>
date Mon, Oct 20, 2008 at 3:17 PM

MALO PITANJE !
Jel imash mozhda tekstove u word formatu, one na engleskom... shto su na sivoj pozadini, od **Tricol…?** usput... mnogo dobro :)

# Chat with Biljana Kljajic

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Mon, Oct 20, 2008 at 11:17 PM

11:06 PM **me**: Pozdrav! Gi prochitav mejlovite... kje se obidam da gi najdam tekstovite-podgotovkite za Kino Napredok... da mozham da ti gi ispratam, a dokolku ne mi uspee sekako kje ti gi dolovam proektite vo po koncentriran tekst... neshto sum zafaten so nekoi dokumenti, pa znaesh koj e toj uzhas po katastarskite i opshtinskite shalteri... shto poskoro kje soberam se shto imam i shto imam vo glavata i kje go imash...
11:10 PM Vistinski se neverojatni koincidenciite shto se sluchuvaat... sekako ima neshto i vo zvezdite...
11:17 PM Kako si pomina vo Belgrad? znaesh tie seminari, sovetuvanja i sl. znaat da bidat i davezh... ne se zamoruvaj premnogu so edukacijata, mislam deka poseduvash i znaenje i takt vo toj del, shto ti e dovolno i samostojno da se nadgraduvash... ne im se davaj na tie demagozi... zhivej zdravo i pravi umetnost, kje zrachish i vo nastavata...
11:20 PM Prespor sum, draga moja, dodeka se podgotviv... otide offline...

**Biljana Kljajic**
E pa ako se pojavish, ja josh uvek neshto radim... pogledachu ako se javish u medju...

**Biljana Kljajic** Loading... Oct 21

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to "pavleskis@gmail.com" <pavleskis@gmail.com>
date Tue, Oct 21, 2008 at 12:42 AM

Ovi seminari su ok... implementacija ljudskih vrednosti u obrazovanje... shtavishe zabavno, meni je ovo trechi takav seminar, evo ti par biserchicha...

**Prava edukacija nije povezana sa svetom, ona je povezana sa tobom.**

**Predavati nije samo metod, već to moramo biti.**

**Kraj kulture je perfekcija.**

**Učitelj treba da bude vajar i da vidi mogućnosti učenika..**

DA BI SE USPEŠNO DELOVALO NA NEKI PREDMET TREBA GA UPOZNATI, A U ODGOJU JE TAJ PREDMET DETE.

KOLIKO DECA PAMTE METODOM:

**RECI MI - ISTOG DANA ZABORAVE 90%**

**POKAŽI MI - ZAPAMTE 50%**

**UKLJUČI ME – ZAPAMTE 90% GRADIVA**

——

Biljana Kljajic

## U sluchaju da dobijesh mail koji glasi 'Life is beautiful.' ODMAH BRISHI !!!

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to "pavleskis@gmail.com" <pavleskis@gmail.com>
date Wed, Oct 22, 2008 at 7:55 PM

Dear All
Although IT have said that this is OK please read the below just in case...
Charlotte
Please,
Be Extremely Careful especially if using internet mail such as Yahoo, Hotmail, AOL and so on.
This information arrived this morning direct from both Microsoft and Norton.

Please send it to everybody you know who has access to the Internet.

You may receive an apparently harmless email with a Power Point presentation 'Life is beautiful.'

If you receive it DO NOT OPEN THE FILE UNDER ANY CIRCUMSTANCES , and delete it immediately.

If you open this file, a message will appear on your screen saying: 'It is too late now, your life is no longer beautiful.' Subsequently you will LOSE EVERYTHING IN YOUR PC and the person who sent it to you will gain access to your name, e-mail and password.

This is a new virus which started to circulate on Saturday afternoon. AOL has already confirmed the severity, and the antivirus software's are not capable of destroying it. The virus has been created by a hacker who calls himself 'life owner'

PLEASE SEND A COPY OF THIS EMAIL TO ALL YOUR FRIENDS and ask them to PASS IT ON IMMEDIATELY

**... Oct 23, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

## Коинциденциите бранови топлина...

Од твоите описи создавам сосема пристојна слика за вистинската на Вертикалите од Зрно и Киша, но она со мајкати сосема поинаку го замислував (нели нешто ти напишав...) незнаејќи дека случајот ја потикнал одлуката ДА МАМА ЗАТВОРИ КРУГ... ми се допаѓаат тој вид на брзи авторски одлуки потикнати од силината на моментот, бидејќи се неповторливи, за да небидат забележани и искористени. Јас помислив дека тоа ти е однапред планирано дело, некој вид на контролирано сценарио во кое се означува привилегираниот простор во кој ќе егзистира присуството на живата скулптура, па вистински се прашував како тоа си го решила... но ете, случајноста замешала прсти и се завршува во мигот на препознавањето дека баш таа е коцкичката што недостасувала.

Доколку изложувањето во алтернативни простори станува своевиден став, истото влијае и определува дел од естетската димензија на уметничкото дејствување и, секако зборува за твојата позиција кон сликата за уметничкото и уметничките процеси.

Landscape-от кој вотебе прета и се превртува што поскоро да го види неонот во Куќата, очигледно ги следи линиите повлечени во Првата Твоја Куќа, како одново забраздена длабока трага што убедливо те пишува и потпишува, и не ми раскажувај прикаски за некакви - коекакви причини за одлагање...

Во материјалот што ти го испратив вистински е тешко човек да се снајде... ќе се обидам да ти појаснам за што всушност станува збор: фотка 1 е насловната страна на каталогот-весник (отпечатен од дневниот весник Дневник) за проектот Кино Напредок 2 (Културен Центар Точка, март 2003) што со Томе Аџиевски го реализиравме (функционираме договарајќи го полето на нашиот интерес што се затвора во генералниот наслов на проектите, а поединечно секој презентира самостојно дело) како протест кон неубедливото Образложение на Комисијата за избор на македонски претставник за Венециското биенале 2003, што може да се чита и како незадоволство што нашиот проект не беше избран, (звучи субјективно но проектот тоа го заслужуваше); фотките 2-9 се од нереализираниот проект Кино Напредок (откако настана Кино Напредок 2 тој станува 1) всушност мојот дел од проектот со двете предложени варијанти на Пишувана ликовност-Сликан јазик I и II, со кој конкуриравме за Венеција 2003, а истиот беше виновник за 2-та и за нашата натамошна тандемска работа; фотките 01-09 се од проектот Пишувана ликовност-Сликан јазик III (наведен на насловната од каталогот-весник) во рамките на Кино Напредок 2, а фотката 10 е од изложбата Концептуален дискурс (куратор Соња Абаџиева Димитрова) реализирана во МСУ-Скопје, каде беше изложен и мојот Триколор... (оние стакла не се од моето дело); од Ворд документот 001, па натаму до 006 се фотки од проектот Без експонат-прв дел од Трилогијата - Три противправила за однос, како дел од тогаш (пролет 2004, Велес) новозапочнатиот заеднички проект со Аџиевски, насловен Кино Напредок 3: Трилогија Провинција; од 0001 до 0004 (и Адобе Акробатот 0005 и Ворд документот 0006 ) се фотки од вториот дел од Трилогијата: Дело над книгата - Книга над кориците: Моја антологија - Македонската уметност и критика 1954 - 2004 (го знаеш од Бродче од Тврдо писмо), претставен во Дебар, есента 2004: од 00001 до 00005 се фотки од третиот дел од Трилогијата: Знаци на атрофичната култура: Заморените од уметност - ликовни критичари,... , претставен во Гевгелија, пролета 2005. Во Заморените... на високи постаменти изложувам портрети на седум македонски ликовни критичари, всушност двете половини од гипсениот калап. Трилогија Провинција 1,2,3 како целост ја презентиравме во Скопје, во Мултимедијалниот центар Мала Станица, февруари-март 2006 и по тој повод ја претставивме и книгата (ја приреди Соња Абаџиева Димитрова со која ја работевме и изложбата) во која се затвора овој наш ангажман... го чекам денот кога ќе можеме да се видиме за да можам да ти ги дадам сите овие изданија за кои досега можев само да ти пишувам и да ти испраќам фотографии. Ајде-ајде Станко, па можеш сето тоа и да и го испратиш по пошта, нели?... а можам и да завршам со наведувањето; Адобе Акробатот на крајот е мојот дел во ЦД претставувањето на неколку македонски ликовни уметници, реализирано и дистрибуирано во Арт Република, списанието за уметност и култура на живеењето.

Уште некои појаснувања... на Триколорот (сито печат на платно) е отпечатено

Образложението на Комисијата... на македонски, англиски и италијански, со што тоа добива на јавност, нешто што беше нужно јавноста претходно да го има на увид преку медиумите, но тоа и беше ускратено. Дополнително ја загатнувам изместената реалност со тоа што го поврзувам делото и со Трилогијата на Кишловски: Црвено, Сино и Бело... во Рецептот (исто сито печат на платно) замешувам нелогичности и нестручности со кои обилува Образложението... а поштенското сандаче, сопственост на историчарката на уметноста Викторија Васева Димеска (и го одмонтирав од пред влез во нејзината зграда, за сега да поседува дело од мене), купено во Венеција, а кајмене со чинот на изложувањето станува уметничко дело (тоа своевидно Дишан го направи уште 20-тите години на 20-тиот ни век), но повеќе со прикаската околу Венеција и неговите значења како предмет за комуникација што публиката можеше да ги искористи.

И Пишувана ликовност - Сликан јазик I и II и Трилогија провинција 1,2,3 се прикаски за себе, во кои е вградено многу моја енергија и напор од секаква природа, па се надевам дека 10-те Ворд документи (се однесуваат на првото и на … III - та) што ти ги испраќам ќе успеат да појаснат и доближат дел од сето тоа.

Те молам пишувај ми за себе... често знам да бидам пре себичен... незнам дали тоа ти е познато...?

**Проект “Кино Напредок”**

“Кино Напредок” (Прогрес) е комбинација од проектите на Станко Павлески “Пишана Ликовност – Сликан Јазик” и “Сите ние, всушност сме Албанци” на Томе Абаџијевски, кои, на прв поглед, не кореспондираат за излагање во одреден вообичаен простор. Тие се поврзани со фактот дека тие се резултат на Македонската уметничка сцена: тие се преглед на дел од проблемите кои се третираат овде од страна на уметниците и теоретичарите. Штандот со материјалот за публиката кој ќе биде меѓу нив во собата, како и натписот “ МАКЕДОНИЈА” на ѕидот помеѓу нив ја игра улогата на поврзувачко ткиво. Но, тука тука се појавува загатката. На прв поглед, се работи за елаборирање и претставување на два различни проблеми, две естетики, два пристапа и два системи на вредности. Додека Станко Павлески се расправа со проблемот на уметничкото дело и неговото постоење и редефинирање во светската теорија за уметноста, Томе Аџиевски се справува со локалниот политичко-социолошки-етнички проблем.

“Пишана Ликовност – Сликан Јазик” прикажува комуникација помеѓу водачите на уметничката теорија, оние кои низ нивните есеи, критики и текстови ја дефинираат визуелната уметност, прикажувајќи го процесот на тескстуализацијата на уметничкиот/визуелниот јазик. Општо земено, навлегувањето кон улогата на уметникот, како промотер на нови правила во областа на естетските визуелни иновации и сензации.

“Сите ние, всушност сме Албанци” произлегува од проблемот кој е наметнат во Република Македонија, кој изгледа локален само на прв поглед, и досега се однесувал само на помалиот дел од популацијата. Концептот на ентичкиот идентитет е еден од начините на дефинирање на Различноста и Другиот. Ја нагласува и покажува политизацијата како вид на политички маркетинг кој отвора сомнежи и кој упатива директни прашања точно кон Различноста и Другиот.

Но, загатката во овие две излагања на проектите лежи во нејзината интерпретација на неколку нивоа:

1. првата интерпретација е во насловот чие локално значење е мултислоевито. “Кино Напредок” како метафора за спротивното. Во потесно локално ниво се однесува на контесктот на постоечкото кино како пример на социјална и естетска декаденција. Во поширок локално- регионален склоп му се исмејува на концептот кој не постои како таков во другите социјални системи, и е резултат на системот кој поминува покрај нас.

2. Натписот “Македонија “. Оваа формулација нема значење во ниеден друг јазик освен во локалниот. Тоа е збор, значење кое лексички не постои во ниеден друг јазик кој ја користи латинската азбука. Тивко ја изразува битката за името, и е парафраза на Ханс Хаке.

3. Насловот “Пишана Ликовност – Сликан Јазик” е парадигма на современиот процес во уметноста. Неговата цел е да си игра со местото и улогата на текстот, јазикот и теоријата на современата уметност. Со промената на улогите на лексичките и уметничките знаци во уметничкото дело си поставува замка на себе си.

4. “Сите ние, всушност сме Албанци” ги смета Албанците како метафора за да се индентификаува некој, ги поставува нив како проблем и закана за идентитетот на другите кои не се декларирани како такви, но исто така и го поставува прашањето за целиот свет. Проблемот на Различноста сеуште постои каде што изгледа дека бил решен (Ирци/Англичани, Шпанци/Баскици, Фламанци/Французи, Американци и бело/црната популација).

Изложбата:

Проектот на Станко Павлески “Пишана Ликовност – Сликан Јазик” треба да прикаже комуникација со современи имиња од теоријата на уметноста и критиката. Комуникацијата треба да резултира со нивните текстови кои ќе бидат поставени во барокни рамки. Нивните имиња ќе бидат изгравирани на плочи од месинг и поставени под рамките. Ова е симболична замена на улогите на визуелниот јазик на уметникот со теоретскиот на критичарот. Ја користи рамката и формата во која големите уметнички дела се претставени во музеите. Така што, ја открива сегашната над-теоретичност на уметноста и заменета на визуелните сензации со пишан текст. Земајќи во предвид дека пошироката комуникација е

предвидена да се појави, целиот процес на коресподенција, заедно со текстот, ќе бидат вклучени во книга како дел од целината. Уметникот има и резервен план каде имињата на истите теоретичари на месингени плочки ќе бидат поставени на ѕидот. Со натписите кои потсетуваат на поранешна иконографија како дел од идеологијата, овие личности повторно би ја имале улогата на "паднати" херои за уметноста и нивното позиционирање на педиесталот исто како и во првиот случај, не е дискутабилно. Прашањето кое се поставува е: каде е тука уметникот, во која служба е тој или во која служба би требало да биде? Службата на теоретичарот? Службата на уметноста? Кој на кому му се покорува?

Томе Аџиевски планира да прикаже фотографии, фото-секвенци од видео материјал од Кападокија на која на мажите и на жените е прикажано она што изгледало дека е само албански архетип. Субверзијата лежи во фактот дека овие луѓе се Македонци со исламска вероисповед кои се преселиле во Турција по Балканските војни. Натпис на италијански ќе биде поставен над, на кој ќе пишува "Tutti noi siamo Albanesi", што значи "Сите ние, всушност сме Албанци". Објаснување за потеклото и природата на фотографиите исто така ќе биде вклучени во каталогот.

Двата проекта, поставени на ваков начин, се всушност поврзани во нивното спротиставување; поврзани се со доминатните метафори. Тука всушност лежи комплексноста на проектот "Кино Напредок". Во нивната различност, во нивната не-компакност, не-поврзаност, локално/глобалното, уметност/политика, слика/поглед. Додека пак се поврзани со тоа што двајцата уметници се отворени кон проблемите со кои се засегнати.

*Нада Пешева, проект асистент*

## ПРОЕКТ

за Венеција 2003

*"Пишана Ликовност – Сликан Јазик II"*

**Опис на инсталацијата**

На доминантниот ѕид на галеријата, на темно кафена (кадифена) позадина ќе бидат напишани имињата на повеќе светски познати историчари на уметноста, уметнички критичари, куратори и уметнички теоретичари. Насловот ( на цел ѕид ) ќе биде со букви од месинг во големина читливи од самиот влез, но исто така адекватно димензионирани и адаптирани на ѕидот.

Крајниот впечаток треба да има некролошка и некрофилска димезија која ќе возбудува, збунува и поткренува прашања и загатки.

**Причини**:

“Пишана Ликовност – Сликан јазик” е парадигма на современите процеси во ликовните уметности.

Има промена на визуелно-уметничката оска од уметничко-визуелната кон текстот, контекстуалноста, книжевноста, раскажување на секојдневиетo банално чисто и видливо, социо-политичко, креирање на уметност низ јазикот, особено причината или резултатот од сето ова – мислењето и контролата на почетните креативни точки од страна на теоријата како средиште што не прави уметнички зависни од јазикот, реторичкото и раскажувачкото и води кон ново социјално позиционирање на уметноста кое служи како социо-политичко, но и ново позиционирање (преку смена на атрибутите) помеѓу носителите ( уметник-критичар) на процесите во современата уметност.

Во природата на теоријата е да го преферира јазикот и да иницира такви процеси во современата уметност, но мора да има неопходна одговорност да го избегне влијанието врз уметничко-визуелното и потребите од формалното пристапување кон стимулацијата на процесите, како основни особености на моменталното уметничко средиште.

Теоријата иницира и поставува уметност која е лесно читлива, бидејќи има силно теоретско правило инкорпорирано во таа уметност. Уметноста ја има збогатено со нов контекст и прашања, кои не и биле непознати на уметноста дури ни од порано, но денес е оптоварена со настани и проблеми кои се надвор од природата на уметничката дисциплина, така што влијае на самиот квалитетот на уметничкото дело, а тој квалитет постепено се повлекува пред јазичните замки, осиромашувајќи се до ниво на баналност.

Уметникот е под закана да излезе од самиот себе и да прифати да биде чиста илустрација на јазикот. Ваквите процеси на фундаментално препуштање во деперсонализација на современата уметност не биле познати до сега. Ова би било изненадување дури и во периодот на нацизмот и комунизмот.

Има неколку процеси и предуслови кои влијаат на неприродните движења во современата уметност, но заинтересиран сум за делот кој се однесува на придонесот на уметничката теорија воопшто кон овие процеси, низ неколку прашања и проблеми:

- Уметноста е под закана да се удави во море од зборови
- Што да се прави со уметничко дело лишено од уметнички а оптоварено со човечки проблеми ( Бојан Иванов)
- Уметноста треба да се гледа
- Контекстуализацијата не значи минимизирање на визуелноста
- Нивото на читливоста е намалено и сведено на банална симболика

- Визуелноста се унифицира, соодносно на процесите, во погледот и однесувањето на уметникот, како и
- Дали елитното се заменува со популаното
- Теоријата го контролира првичното во уметноста

Со подредувањето на имињата на реномираните теоретичари подредени во презентацијата, сакам да го привлечам вниманието кон нив, ставајќи акцент на потребата од отворен поглед и анализа, исто како што јас му приоѓам на уметничкото дело. Ме интересира почетната мисла која му доаѓа на памет на набљудувачот, што е од голема важност за анализата на значењето, улогата и одговорноста на теоријата во процесите на уметноста. Дискутабилно е колку теоретичарите - теоријата на размислувањето во таква форма, колку води кон заклучок дека јазикот, како нивно средство на артикулација, ја има истата јачина и одговорност како и уметничото дело во процесите на уметноста и колку има сериозна потреба од такво нешто.

*Станко Павлески, 14.01.2002*

**КИНО НАПРЕДОК 2**
Културен центар ТОЧКА

“Кино Напредок 2” е заеднички проект со Томе Аџиевски, а претставува продолжение на нашиот проект со ист наслов “Кино Напредок”, поднесен на националниот конкурс за Венецискотo Биенале - 2003.

Мојот дел од проектот “Диктаторство од посредувачот - Три бои” е кованица од темата на 50 Венециско Биенале “Соништа и конфликти - Диктаторство на гледачот” и Трилогијата Три бои - црвено, сино, бело, на режисерот Кишловски.

Насловот упатува на потребата од преиспитување на феноменот на визуелното диктаторство, всушност на потребата од релоцирање на чинителите, од уметникот и неговото дело кон теоретичарите на уметноста, кои низ еден суптилен систем ги наметнуваат сопствените фикции во уметничките процеси, вршејќи своевидно диктаторство врз тековите во уметноста и уметничките слободи и изворност. Низ текстуализираната визуелност како производ на тие процеси, се врши и диктаторство врз самиот конзумент - гледачот. Патеките кон текстуализирањето на визуелноста се чини ги замаглуваат вистинските причини за жртвуваната ликовност - сензација и празник за очите и другите сетила. Веќе се под сомнеж “добрите намери” на глобалистите и мултикултуралистите, но и силината на уметноста на секојдневното, уметноста на малите нарации, женската уметност,

уметноста на јавното и слични нешта што тие на големо ги застапуваат. Таа заводлива гама е видлива и во Образложението на нашата национална комисија за Венеција - 2003, всушност нивниот избор. Застапуваат чудни, неодржливи критериуми и со тоа ја замајуваат пошироката, но и стручната јавност. Тоа што сакаат да биде суштина во Образложението, всушност е тенка пајажина што не издржува ни благ аналитички пристап.

Која е причината што комисијата не се охрабри да излезе на прес-конференција (тоа е обврска) што бездруго поводот го заслужува, а јавноста го очекува.

Бидејќи комисијата се затскрива зад едно небаре-образложение и не се соочува со јавноста, одлучив да го реализирам овој проект - протест или реакција кон односот на комисијата кон поводот, јавноста и бледите појдовни критериуми носечки за нивниот избор.

Проблемот со изборот на наш претставник за Биеналето во Венеција, или немањето стратегија е нешто што ни се случува во континуитет од нашето прво претставување во 1993 год. па се до денес. Нам грешките не ни се поука: не го мислиме сериозно изборот за оваа врвна светска манифестација; се подготвуваме пет до дванаесет; не ги анимираме институциите и не ги прашуваме за мислење; комисиите се тесно екипирани и најчесто без искуство со оваа манифестација; неможеме да се ослободиме од лични интереси и зависности од секаква природа, но и други нешта што не прават спори и неиницијативни.

**Опис на проектот**

На доминантната галериска ѕидна површина изложувам три платна во барокни рамки, на кои е отпечатено (сито печат) Образложението на националната комисија за наш претставник за Венеција - 2003. Платната се со димензии 133х93 - на црвеното платно е отпечатен текстот на македонски, на синото на англиски, а на белото на италијански јазик. Изложувајќи ги преводите проблемот добива на широчина и докрај ја актуелизира нашата глупост и локал - филозофија. Трите бои во подлогата на текстот произлегуваат од Трилогијата на Кишловски (негов заштитен знак) и упатуваат на пребојување на вистината, што е евидентно во Образложението на комисијата. Да се жртвува вистината, чинам ќе се работи за некоја непремостлива зависност, бидејќи не ќе е плод на нестручност, нели ?! На спротивната, помала ѕидна површина, изложувам платно (100х70 см) во едноставна дрвена рамка. Со тоа ова решение се издвојува од “боената трилогија” во барокни рамки и станува засебност. Во тоа бело поле на засебност со црна и сина боја, рачно испишувам (сито печат) Рецепт - специјалитет Венецијана, во столбови на македонски и англиски јазик. Рецептот е шеговита реакција на неубедливиот - блед текст на Комисијата, што е основа на проектот. Бледите критериуми звучат како чуден рецепт за уметничко дело или што се треба да измиксате

за да добите шанса да се претставите на Венецискиот Биенале. Содржината на Рецептот тргнува од содржината на фамозното Образложение и прави пародија од неговата неубедливост . Во поставката, на една од помалите издвоени ѕидни површини поставувам стилско поштенско сандаче (набавено во Венеција од Викторија Васева - Димеска), како предмет - знак за можна комуникација, што публиката доколку чувствува за потреба би можела и да го искористи. Не ми е важно предметот да предизвика комуникација, туку ми треба сам - по - себе, како знак, комуникација, загатка, прашалник, просто - присуство.

*01.02.2003, Станко Павлески*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

*На Комисијата за избор на официјален преставник на Република Македонија на Биеналето во Венеција во 2003 година*

По Конкурсот објавен на 01.06.- 30.06.2002 г., Комисијата за избор на претставник на Венецискиот биенале опстојно ги разгледа пристигнатите проекти со сите проследувачки пеилози: текстуални образложенија, скици, цртежи, планови, фото и видео материјали и сл. Земајќи го предвид релативно кусиот рок за пријавување како и априорната хендикепираност на уметниците заради отсуството на конкретен излагачки простор и темата на Биеналето, Комисијата констатира дека приложените идејни решенија работени за фиктивен простор иако се грижливо обмислени, најголемиот број не кореспондираат со просторот и неможат да ги постигнат очекуваните творечки ефекти. Поради видливиот расчекор меѓу идејните решенија и понудениот простор извршена е консултација со авторите, по што сите изразија подготвеност да ги сообразат проектите со просторните можности.

Општо станува збор за најголем број проекти-циклуси кои во различни варијанти досега биле презентирани. Во нив доминира концептуалниот приод чија проблематика се движи на релација политика-секојдневна стварност. Отсуството на ликовната артикулација заменета е со претенциозна интелектуализација којашто во голема мера влијае на недоследноста и на творечката свежина на концептите. Поради сите наведени причини Комисијата се двоумеше помеѓу две решенија, отсуство на претставник на Биеналето, или присуство со два проекти. Но земајќи ги предвид околностите како што се јубилејот на Биеналето и ретката можност нашите уметници да присуствуваат на светската сцена, Комисијата сепак реши да ги предложи следните автори:

1. Вана Урошевиќ со проектот Промени, предлог на МСУ кој е предвиден да се изложи во приземјето на објектот.
2. Жанета Вангели со проектот Интегрализми, предлог на Уметничката галерија кој е предвиден да се изложи на првиот кат на објектот.

Прашањето за конечниот избор на претставниците за годинашново биенале за Комисијата не беше само прашање кое ја допира естетиката, туку и етичката димензија. Комисијата се надева дека предложените проекти ќе можат поуспешно да се реализираат и да одговорат како на темата така и на дадениот простор.

*Комисија:*

Проф. Др. Владимир Величковски,
*претседател* (с.р.)

Конча Пирковска, историчарка на уметноста,
*член* (с.р.)

Гоце Божурски, историчар на уметноста,
член (с.р.)

# Menjam zlatnog lava za kamilu

from Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
to "pavleskis@gmail.com" <pavleskis@gmail.com>
date Fri, Oct 24, 2008 at 11:20 AM

Nishta lepshe od prve kafe i tvog pisma... mmm... idem da stavim josh jednu... upravo sam preshla tekst za KINO NAPREDOK 2... dobar recept... muchna istina!

... Znash shta ja mislim... mislim da chak i Venecija bez obzira na svu struchnost... veoma brzo tone prema dnu mutnog mora, tako se jasno vidi... pogledala sam njihove sajtove i pre i sada, a nadam se da chu jedan dan i otichi tamo da vidim izbliza... ako mi u potpunosti ne ugase zhelju za time.

You can also change your Google picture at any time. For more information, please visit our Help Center.



# 40-ti dan je 7.01.2009

from Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Tue, Dec 2, 2008 at 9:15 PM
from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>












to Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
date Tue, Dec 2, 2008 at 10:05 PM
subject Re: 40-ti dan je 7.01.2009.

Da tokmu taka, na 7.01.2009

# Zelenoto Planeta

from Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
to kljajic.biljana@gmail.com
date Wed, Dec 3, 2008 at 1:04 PM

Vo TISHINATA komuniciram so Tvoeto Zeleno kako so zhivo jadro zad koe pulsirash...
... i so fotografiichkite na tvojata adresa koi bi sakal site, bash site da gi imam golemi.
... Dve rechenici Mal Zhivot vo Planetata Tishina...



from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
date Wed, Dec 3, 2008 at 1:16 PM

Nedostajesh mi puno...

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
date Wed, Dec 3, 2008 at 1:49 PM
subject Re: Zelenoto Planeta

Mi nedostasuvash isto tolku i znam deka toa go znaesh...

# (no subject)

from Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
to myskysteps@gmail.com
date Thu, Dec 4, 2008 at 3:27 AM











Hans Arp

# (no subject)

**Biljana Kljajic to me**

from Biljana Kljajic kljajic.biljana@gmail.com
to Stanko Pavleski pavleskis@gmail.com
date Mon, Dec 22, 2008 at 12:56 AM

Ustala sam da ti napisem nesto zbog cega imam neprijatno osecanje i neznam kako to da opisem.

Kad si mi prvi put rekao da zelis da napravis taj "projekat", bilo mi je lepo, ali nekako sve posle toga mi se ucinilo neprijatno, i meni ja sve vise postajalo neprijatno. Svaki put kada se ponovo dopisujemo ja mislim da ce to osecanje da nestane, ali ne nestaje.

Iako i sam znas koliko sam igrala otvorenim kartama prema svima, to uopste nije doprinelo sredjivanju, cak kao i jos gore.

To je nesto sto mi se nesvidja, a neznam tacno zasto mi se nesvidje i nemogu da kazem da me zbog necega sramota, jer znam da ne cinim lose, a opet se sve izvrti i okrene kako ne zelim. Svaki put kada obrisem prethodna pisma pomislim, sada je sve ok i onda nakon sledecega meni opet nije ok.

To je nesto izmedju tih redova sto ima zube i ja neznam sta je to.

Bojim se da sve ono lepo sto sam htela da ti kazem o tebi, sve ono sto te pravi velikim i vaznim i ono sto umetnost pravi pravom, sada pocinje mena da ujeda za vrat. A ja ne zelim da hranim tu zver i da na kraju umesto umetnosti uzgojum nesto otrovno.

Ja sam nekako razumela tabe i mislim da ces i ti nekako razumeti mene.

Mislim da ove sve izjeda sopstveni smisao i gubi svoju ispravnost (nedaj Boze).

Nekako ti verujem, ali me ponekad tako prepadnes (kontam da ti je to zanimljivo) da neznam gde sam i neznam sta da mislim, ali verujem u ovo tiho osecanje, u snagu ispravnosti i da ces naci pravo mesto u sebi, dge niko nemoze da bude povredjen.

Ovo ti stvarno pisem iskreno i prijateljski, jer ne znam da to drzim u sebi, a da ti i dalje pisem i zabuljavam stvar. Ako je nesto lepo Ono ne sme da povredi, a sa ove distance ja vidim prilicno sivi pejsaz i to mi se ne svidja.

Nemam pojma sta cu... bas se osecam glupo.

**... Dec 25, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana



**... Dec 27, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

## Не сум златна паричка...

Иако се подизгубувам како Златните Парички и ми е непријатно заради тоа, јас постојано сум со твојата загриженост и непријатното чувство што го бараш помеѓу нашите редови. Неверувам дека таму, помеѓу зборовите се затскриваат причините, туку во Целото - Ништото Помеѓу, всушност мојата најава дека Стануваме Проект. Оттаму и оттука почнува да се подзаматува чистотата на нашите зборови и слободата во искажувањето, исправени пред извесноста на Сцената која ни е судена. Сцената на која брутално ќе ги распростриме зборовите на нашето просточовечко живеење, живо верувајќи дека Пишуваме Уметничко Писмо, во кое ќе бидат препознаени надсодржините на споделувањето Писма, од парчињата живот.

Незнам дали имам простор за убави зборови за нашето жртвување, кога веќе го вгнездив твоето непријатно чувство, што се растрчува низ нашите зборови, истражувајќи ги до дребулиите на нивните значења, но знам дека она што го разјадува нашето Писмување е просто фактот дека ќе се изложиме на допирите на високото Ниско - Ниското високо, просто човечкото оврлено толкување на Нашето Бело Писмо.

Не сум загрижен за мојот Проект, што според тебе веќе сум го завршил, туку ме вознемирува твојата, во тој контекст сугерирана извесност дека тука веќе нема потреба од повеќе допишување. Ќе си раскажуваме ние уште многу што за нашите животи и нашето уметникување од животот, или за произлезеното од самото уметничко по себе и секако за нашите високото Ниско и Ништото Помеѓу, бидејќи силно ги љубиме и предизвиците и животот.

Негледам причини да бидеме засрамени од природноста на напишаните зборови, ниту од  потребата за нашето доближување и откривање, па како и да сакаат да го прочитаат Писмувањево, што јас дури помислувам и до Египет да го однесам и таму лист по лист од Природава да расеам по песоците и камењата фараонски, доколку бидеш среќна со Јас Птоломеј што ќе бдее над чистотата на твоите и моите ѕвездички и искрички, та и Клеопатра Македонката да поцрвени од убавината.

Дали можам да сметам на твоите отворени карти што ми велат дека никаков ѕвер нема да се изроди од нашиот слободномислечки ум и дека се ќе подредиме на мирот во душата и мирот кај своите најблиски, што веќе ја насетуваат новооткриената убавината во нас и потајно ја поддржуваат да трае и покрај нивното недоволно наоѓање под ѕвездите на Саи и Птоломеј.

Нај треперливо те молам за искреност во се што би ти засметал, и во Себе и во животот твој приврзан, да можеш да се потпреш на мојата понизност кон твоите желби, бидејќи болно ги преживувам твоиве зборови: Nemam pojma shta chu.... bash se osecham glupo… и сега јас вистински незнам како себе да се отсликам во твоите описи.

Би сакал да можеш да гледаш со моиве очи на Проектот (мораме да сковаме по прифатлив термин за ваквите, како нашиве уметнички замисли) и да видиш дека уметноста вистински може да надвиши се, и се да помири, откривајќи ги повеќето лица на стварноста и димензиите на човечката потреба од летање.

Јас и незнам, сето ова што веќе го гледам за извесно, како ќе се затвори на крајот, бидејќи и самата забележуваш дека се нови и нови помисли ти изложувам за некаквите можни, се до крајот кога ќе ти соопштам дека баш оваа/некаквата форма е вистинската за нашата содржина, што станува толку силна што не ми дава никаков простор за отстапување или повлекување. Попатно но важно, кога ти пишувам јас немам никакви сенки од Неговото Височество - Проектот, ниту подместувам теми преку моите насловени пресврти во разговорите, моите Дигресии или Раскрсниците, што доколку така можат да бидат доживеани, сигурно тоа не е однив ниту од моите можни непрецизности без пресметливост и намери, ниту пак од било какви други потреби што би произлегле од конструкции во име на Проектот, едноставно е можно, но секако ненамерно, доколку се провлекле некакви такви значења и влетале од нигде никаде низ подотворените врати на свеста. Ти го испраќам Јас Птолемеј и ројот негови придружнички над Скопје, да ти ја чуваат Тишината.



*Испратено на 27.12.2008 - 3:35 AM, по неколкудневната пауза во преписката, заради мојата презафатеност со мноштво неодложни професионални обврски и ангажираност на Факултетот. Секако требаше да не одложувам и одма да се јавам, по вистински емотивното писмо на Билјана, во кое од нејзините констатации и од дилемите, почувствував како да провејува некаква неможност пред некаквиот избор на патиштата на раскрсницата, во која вистински се наоѓаше, или пак потсилуваше некакво чувство како вистински да се наоѓа во таа видлива точка на неможности и специфична неподвижност. Не верувам дека јас со нешто сум придонел за таквата состојба на мојата исклучителна пријателка (нема да си простам доколку такво нешто не сум забележал), бидејќи замене неочекуваниот пресврт во нашата комуникација, вистински неможев да го насетам или да лоцирам причини за тоа.*

*Доколку пак причината за нејзиното исчезнување од следниот ден, заедно со сите наши писма, лежи во мојата недоволна грижа кон соодветноста на динамиката во преписката во однос на силината на суштините во писмата, јас барам прошка за мојата недораснатост на тие висини и треперења и се обвинувам што со моите постапки ја прекинав оваа Убавина на споделување на нашите парчиња жив живот.*

**... Dec 27, 2008** (еден од исчезнатите мејлови)
Stanko **Pavleski** to kljajic.biljana

## Меланхолија, Интроспекции и Астрала

Се радувам без насмевка на твојата Полнота што ми ја пренесуваш и што ми го омекнува срцето. Забележувам, те зграпчила Меланхолијата во нејзиниот центар и не ти дава да претнеш, да се поместиш од Иницијалностите за Полното, предадена на креативното поле на таа занесна убавица која те чини (од секогаш си била) ковчеже - медиум за Интроспекции, во треперливите повици на парчињата драгоцени помисли во кои ја откриваш Себеполнотата. Знаеш дека е страшно занесна љубоморната мома Меланхолијата, во чии топли прегратки се станува немоќен за одлепување, се станува Неподвижен Воздух...

*Писмово што на Билјана К. и го испратив на 27.12.2008 (вечерта пред судниот ден), како текст на страница и пол, е недовршено, всушност е елиминиран остатокот бидејќи нешто сум пропуштил со она Save и така неповратно исчезнаа убаво скованите мисли и значења, како да сакале да ми ја наговестат Апокалипсата Исчезнувања од пладнето следниот ден, кога исчезна се од преписката од 31.10.2008, но благодарение на претходната моја претпазливост успеав да ја сочувам нашата преписка заклучно со 03.12.2008, а за остатокот упорно ќе се молам да ми биде вратен. И до Севишниот ќе се молам, бидејќи на Историјата несмееше да не и биде изложен ЈАС ПТОЛОМЕЈ / НИШТОТО ПОМЕЃУ.*

# Ovo je pismo za Bile i Stanka, molim Vas chitajte samo zajedno

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
date Sun, Dec 28, 2008 at 11:04 AM

Moja jedina zhelja je srecha tvoje porodice, mir, ljubav i poverenje u njoj, zdravlje, zhivot pun sreche, zdravlja i poshtovanja. To mi ispuni, ja zhelim da vidim takvu umetnost, a ja sam to isto uradila u svojoj porodici, srechni smo i iskreni, volimo se i poshtujemo se, ja moja pisma vech dugo ne krijem od muzha i to sam zhelela... lakochu iskrenosti i istine, ali ne takve istine koja je dobra samo za jednu stranu, vech onu divnu istinu za sve i svih.

Svi mi ovde, Vama saljemo samo najlepshe zhelje. Moja jedina zhalost bila bi da bilo ko od Vas bude nesrechan i povredjen. To ti veoma dobro znash, zato sada sakupi sav svoj razum, poshtovanje prema meni i uvek budi srechan, nemoj da mi govorish o tome da chesh biti nesrechan i da sam ja kriva za to, ako ti ne pishem. Shta mislish kako se ja osecham kada tako neshto chujem, zar ti zhelish da ja strepim i patim?

Nije fer da mi tako neshto kazhesh, a kamoli da mi na savesti bude tvoja srecha i srecha tvoje porodice, shto je veruj mi isto.

Smisao svega ovoga, trebao je da bude lep i chist. Moja sva posvechenost je u poshtovanju prema tebi, a to znachi i prema tvojima i prema zheni koja svo ovo vreme stoji iza tebe, to je predivna zhrtva i tvoje potpuno poshtovanje i poverenje Ona u potpunosti i istinski zasluzhuje. Ja to znam jer sam ja isto shto i ona, moj muzh je isto tako uspeshan chovek i sigurno to govori i neshto o meni. On je divan otac koji kada dodje sa posla sakuplja zadnje atome svoje snage da se igra sa svojim sinom i da mu se posveti, ljudi malo je vremena da uistinu razumemo vrednosti tih trenutaka, zato ja nezhelim da pravim josh vechu shtetu, ono shto je u meni ostalo je duboka zhelja za ispravnosti. Jer ako je zhivot umetnost... ona ipak mora da bude lepa.

Dozvoli mi moje dostojanstvo i mir... imajte se... u potpunosti tog znachaja... imajte se za ovaj svet i za njegovu ispravnost. Ispravnost ne znachi da neko bude povredjen. Ispravnost je jedino

vozilo u kojem mozhemo da pokrechemo svoj zhivot. Ljubav prema porodici, zheni i detetu je najsvetija i to mesto zasluzhuje najvechu pazhnju, ja nikada nisam ni zhelela za vas neshto drugachije.

Josh jedna moja zhelja je da ti Egipat krene kao reka, i da josh jednom stvorish, predivno delo, uchini to bez mene i za mene, ostvari to onako kako to radi Stanko Pavleski, sa svojom punochom i bistrinom.

Zhelim samo mir i srechu za Vas i to je prava umetnost.

Nishta nesme to da narushi..

--- Biljana Kljajic

# Што е ова?! Апокалипса ли е, Драга моја?

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to kljajic.biljana@gmail.com
cc myskysteps@gmail.com
date Sun, Dec 28, 2008 at 6:18 PM

Незнам на што се должи содржината на твојот мејл и дај те молам објасни ми каде се кријат причините, за да се потрудам сам да ги пронајдам по фајловите на сите прашинки околу мене, се до нај ситните ќошиња во мојава оазичка, дури и до оние најтенките жлебови од склоповите на сите мои скулптури, во сите до една ќе пробуричкам само да ги најдам.

Што е ова? Крајно конспиративен заговор против Ништото Помеѓу?

Те молам врати ми ги писмата. Неверував дека се ќе ми избришеш, се она што го немав заштитено, бидејќи поверував дека од 03.12.2008 (од Zelenoto Planeta) наваму, се е така мирно и Големото Допишување е вистински безбедно. Ретко правам крупни грешки во проценките, но еве, наивност што нема никогаш да си ја простам.

Зошто ми го тргна Зеленото Планета, ако тебе во еден момент ти беше доволен и празен мејл (но јас ќе ти пишувам, а ти како сакаш и колку сакаш можеш да се инаетиш) мене Зеленото ми беше Писмо.

ЗОШТО?! Ова вистински ми го должиш, драга моја.

Се отепав прелистувајќи неколкупати по Inbox-от, па неколкупати во Sent Mail-от, во Chat-от, па од немајкаде и во All Mail-от зануркав, верувајќи дека од некаде сепак ќе се појават Писмата, но ни трага од Biljana Kljajic/Biljana K и Stanko Pavleski, се од 31.10.2008 наваму едноставно исчезнало. Страшно! Да видиш да не веруваш. Пот ме облеа, побледев, кога ни под Search (а и не сум вичен...) моите Пријателки Писмата несакаа да ме израдуваат. Ма и во Spam и Trash пребарав... Полудев, откривајќи како изгледала Апокалипсата.

Немоќен сум и сега сум комплетно во твои раце. Имај милост, ако не кон мене, кон Историјата која памети дека патот до големите дела никогаш не бил послан со рози.

По трет пат те молам, и како пријателка и како колешка (и кај Твојот Га ќе се молам, и кај ... Бошкова и Лира, кај Бора ќе се молам, и кај Мајка ти, и кај Стефан, но и кај Миланче ќе се молам, тој секако ќе те препадне со она неговото убаво Бааааа, за да ми ги ископаш моите миленичиња) стори се да ми ги вратиш моите Убавици, па ако немаш Срце, пушти ме да си умрам во мојата Опсесивна Фиксација кон Уметничкоста на Големото Допишување. А јас блесавиот, сакав со Ништото Помеѓу да ти го честитам роденденот, 2009-ава што ни е на праг.

Што наеднаш се случи... дал скакулци ги опустошија полињата, ил... неможев да ги дочитам твоите убави редови кога сфатив дека не станува збор само за Прекрасни

Новогодишни Честитки и Желби (и од мене, ти посакувам драга моја... Глава да неможете да кренете од Убавини и Среќа) туку и за твоето исчезнување без остаток. Не е во ред сега да ме оставиш (белки заслужувам чесна разделба па колку и да сум те обременил и колку во тоа да несакам да верувам), ваков никаков, те очекувам што поскоро да ме израдуваш..

**147 attachments** — Download all attachments



# Проблеми, проблеми...

from Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
to slavco.spirovski@gmail.com
date Tue, Dec 30, 2008 at 7:45 PM

... но не се вознемирувај и не се плаши, некои од моиве проблеми знам дека за тебе се песна... но морам да го направам овој подолг вовед...

Најпрво, морам да ти споменам дека од август наваму (до завчера) бев во силна пријателска и колегијална преписка со Билјана Поповиќ (сега Кљајиќ) што се разви до димензии на Проект, и попат се оформи до работен наслов Јас Птоломеј/Ништото Помеѓу. Проектноста, што се разбира не ја очекував дека ќе настане од пишувањето писма (ама нели знаеш дека од 2002 нешто многу сум се расписал), сега гледам дека негде во моиве чипови била забележана уште од самите почетоци на преписката, бидејќи, нели свеста за уметничките иницијалности во сенешто и од сенешто (а писмата се бисери), во нас уметниците никогаш неспие. Најголем дел од преписката, заклучно 03.12., навреме ја симнав на CD и во USB-то, знаеш дека ѓаволот ни ора ни копа, па тој некој, пази некој (Билјана или Биле) фантомски ми избришал се од 31.10. наваму, а материјалот беше и обемен и занимлив, но посебно значаен што без него некако потешко се затвора Проектот. Пушти тоа, ќе му најдам јас адекватно решение, иако морам да ти признам дека сега, баш сега не ми е во главата вистинската можност. Го прашував Пепи за можностите некако да го пронајдам материјалот што фантомски исчезна, но ни Виртуелното не го разбирало моево виртуелно барање, така вели Момчево, кое добро знаеш дека е Голем Пријател на Непросторот. И напишав и „страшно"/„страсно" писмо на Билјана, но ни тоа не ја исплаши/разнежи, за да ми ги врати моите Проектни Убавици. Не ги ни знам вистинските причини за нејзиниов апокалиптичен потег, а и кутрава глава што неможе да замисли вакво нешто ниту може да ме упати кон нешто реално. Попатно повлекувајќи се од Contacts Билјана ми избришала се (мислам дека не е Биле, која сигурно не ја знаеше новата Лозинка) и од Inbox и од Chat, но те молам, и од Sent Mail. Претпоставувам дека сепак нејзе и успеало да ми влезе во Mail, претпоставувајќи дека Лозинката можно е да се врти околу името на Александар Велики (во еден од нашите маратони на Chat во шега нешто и ми наговести, ама ајде биди паметен...), а ние нели, сега баш кога нетребало Лозинката ја променивме токму во Александар. Страшно, ниту ми се верува, ниту можам да разберам, ниту знам што да правам и како да се молам кај Билјана и кај Севишниот.

Дај те молам, помини кога ќе можеш се да прочепкаме, а и да се обидеме поново да ја имам Biljana на Contacts, Invite a friend, или каде веќе да ја имам, па да видам дали некако можам да ја смилувам.

Што ќе правиш, гледаш, никогаш патот до Уметноста не бил послан со рози...

## ................?

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to kljajic.biljana@gmail.com
date Wed, Dec 31, 2008 at 12:20 AM





# Моиве миленичиња за твојата 2009

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to kljajic.biljana@gmail.com
cc myskysteps@gmail.com
date Thu, Jan 1, 2009 at 8:26 PM

Мојата Берта и нејзиното и мое Тапанче кои исчезнаа под непознати околности, како и моите Убавици Писмата... знам дека каде и да се тие носат среќа и исполнуваат желби.






**... Jan 2, 2009** (од немајкаде...)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

# ЧЕПКАЈЌИ ПО МЕМОРИЈАТА...

Откако се созедов, по фантомското исчезнување на моите Убавици Писмата и Chat-овите со Билјана (се, и нејзино и мое, од 03.12. до 28.12.2008), тоа судно пладне на 28.12.2008 г., зедов се да прелиствам по компјутерот, во надеж дека нешто можеби сум зачувал, па се покажа дека напорот не ми бил залуден. Пронајдов неколку писма што сум ги пишувал во Word, еден мејл од Билјана што сум го симнал како JPG и некои фотографии од нејзините мејлови, но и мои, што сум ги подготвувал за испраќање.

Дел од тој материјал го подредив во мејлови, последователно по датумите на испраќање и примање, а за дел не можам да се присетам на времето и датумите (но тоа е најмалиот проблем), како на фотографииве од Комаја сесиите што грижливо ги симнував од интернет, бидејќи во Chat-овите со Билјана разговаравме и за теми поврзани со нејзините спомени на колегите од студиите, меѓу кои и за прекрасната просветлена ВС, но понешто и за Саи Баба и нејзините искуства со Индија, разговаравме и за нејзиното Високо Ниско и за моето Јас Птоломеј/ Ништото Помеѓу, потоа за местото на жената во овој свет на мажите и за жената во уметноста, и Египет го имавме во разгледувањата, но и повеќе други занимливи теми што секако ќе допринесеа за потполниот впечатокот за полнотијата на нашата преписка, иако моите планови беа да го одржиме силниот интензитетот во комуникацијата до нејзиниот роденден на 17.08.2009 г. кога планирав да ја почестам со книшката и да се случи изложбата.

Жал ми е за исчезнатиот материјал, посебно што и Билјана беше согласна истиот да го користам во мојата проектна замисла именувана како Јас Птоломеј / Ништото Помеѓу, и вистински сум лут што не ги знам причините за нејзиниот хакерски зафат се да уништи.

Среќа што јас поголем дел од материјалот го имав симнато и заштитено, инаку дупката ќе беше поголема од сегашниве 25 дена и приближно 50-тина стр.текст, па со оној материјал што сеуште се надевам дека Билјана ќе биде доблесна да ми го испрати, се надевам некако да се доближам до целината.



# Stanko has suggested a Google picture for you!

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
date Sat, Jan 3, 2009 at 6:46 PM

Hey Biljana Kljajic, I found this great picture for you!

Here's a picture Stanko has suggested for you as your Google picture. If you choose to use it, other Google users will see this picture whenever they see your name in different Google services.

To use this picture, click here.

You can also change your Google picture at any time. For more information, please visit our Help Center.





**Jan 4, 2009 at 3:00 AM** (недовршено и неиспратено писмо)
**Stanko Pavleski** to kljajic.biljana

Знам што може да биде, мора да ти цркнал компјутерот, ма како, не само твојот компјутерот, сите компјутери во Нови Сад поцркнале од Вирусот Јас Птоломеј / Ништото Помеѓу, отаму разбирливо нема ни трага ни глас од тебе и твоите бисерни зборови...

*ghytrem,kiklsdnjasdiovnisdhudh;askasdjfsdpaijhbgaslvmasvjbhasdkfjbv,abvsjkas alsjkdvasjdvbum,qw;’jwifhwbjyxhbklpqowjngbvuituitorknebc.x;lkpwegjhgbnvyuei ljkgnieruqnjklqiuergtui8943mklsdmgioghnaoaopvj90-jkgnurwhynqbiiovl,..whigy*

## 07.01.2009

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to kljajic.biljana@gmail.com
date Fri, Jan 9, 2009 at 3:24 AM

ХРИСТОС СЕ РОДИ И ВИСТИНА СЕ РОДИ,
за многугодини со НЕГО во Срцето,
АМИН

## ТЕ ЗАБЕЛЕЖАВ...

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to kljajic.biljana@gmail.com
date Sun, Jan 11, 2009 at 6:45 AM

Можеше, бар нешто и да ми напишеш...

Вечерва на една средба кај моја пријателка од Министерство за култура, каде беа и моите пријатели Т. Аџиевски и А. Мазневски, по олабавувањето со неколку пијачки, ни се разврзаа и нашите уметнички муабети и падна предлог за занимлива уметничка дружба некаде по Мариовските манастири, базирана на предизвикот секој од екипата да има свој ден во кој ќе има приликата да биде домаќин и уметнички да се одрази во подготвувањето на храната, всушност дневните оброци (ништо инвентивно, а и ми го знаеш ставот за ваквиот вид проекти). Го определивме и бројот на екипата, што покрај нас тројцата со сопругите, неслучајно се затворивме со уште двајца историчари, Соња Абаџиева и Небојша Вилиќ, а идејата за доформување на комплетната постава требаше да се затвори со имиња на наши гости, што секој од нас ќе ги предложи. Томас почна од мене да лицитира со можните имиња на лични гости, и јас онака неподготвен, но без двоумење те предложив Тебе за мој гостин во екипата. Томас ме прашува, која е пак сега мојава Биљана Поповиќ (несакајќи дополнително да ги оптоварувам со тоа дека ти всушност си Кљајиќ), но по недобивање на одговорот, а широко отворените очи, укапираа дека ти всушност ќе бидеш изненадувањето што мојата моментална уметничка мантра го нуди како прилог за уметничко збогатување на нам претпоставливата листа на можни наши гости. После мене, очигледно капирајќи го мојот неочекуван предлог, и тој самиот се одрази со неговиот предлог за Маја (друга наша пријателка од Министерство...) и на крајот Тони (Антони М.), кој почувствува дека како последен може да биде и нај инвентивен, сосема неочекувано, бар замене, го предложи Саи Баба за негов гостин

(веројатно колегите не ни претпоставуваа зошто токму јас бев нај изненадениот од неговиот предлог) убедувајќи не дека тој нема да има никаков проблем да го обезбеди ГА (мз) иако јас бев убеден дека тој всушност незнае што зборува и дека секако коинциденцијата со мојата Билјана и неговиот Саи, всушност е формулата да бидеме екипа во предложениот полн состав.

Замолен сум од моите колеги, всушност од институцијата Мариово 2009, да те контактирам и да те убедам да не ја изневериш нашата доверба и на 2 Август заедно да се молиме на Св. Илија да ни дари уметничко вдахновение и природа во срцата, а каде си Ти таму секако е и Саи.

Поздрав, Станко Павлески





Со Биле, Ана и Томас во Мариопво, 2005

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
date Sun, Jan 11, 2009 at 11:17 AM
subject Re: ТЕ ЗАБЕЛЕЖАВ...

Eh nisam zhelela da vishe pishem ali eto moram dodatno da objasnim moje nestajenje... pre svega zhelim da te zamolim da nishta ne radish sa pismima i ako je moguche da ih sve obrishesh. To je moja zhelja.

Josh uvek se osecham jako "uprljano" od dogadjaja 27.12.2008. kada mi se javila tvoja Bile na telefon, shvatila sam kolika sam nekoga uchinila nesrechnim i jedini nachin da napravim dragu Bile srechnom znam da je taj da ja nestanem bez traga. Niko nije smeo da bude povredjen na ijedan nachin, trebalo je da umetnost bude umetnost i da se u to ne meshaju emocije, vech samo chista svest. I dok sam ja kitila jelku sa svojom porodicom i trudila se da sve bude lepo za praznike, neko sa one strane je bio nesrechan, to nisam mogla da podnesem, jako me pogodila Njena nesrecha i dala bi sve na svetu da nije tako. Nichija srecha nije vredna, ni grama nechije nesreche, to sam hiljadu puta pisala, ali eto ipak me ujela sopstvena zver za vrat i eto sad stvarno vishe nemam kud, nego u sopstveni centar da u tishini lechim svoju dushu i skidam blato sa bisera svog srca. Ispala sam neshto shto nikada nisam zhelela ni za koga i sada mi treba mir i spokoj.

Zhelim Ti puno vetra u jedra, Zhelim Vam sklad u porodici i da budete kao jedno i da ne budesh slep za ljude oko sebe koji su stvarno dali sve za tvoju srechu.

Uistinu Vam zheli svu srechu, Biljana Kljajic



from Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
to Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
date Mon, Jan 12, 2009 at 5:09 PM
subject Re: ТЕ ЗАБЕЛЕЖАВ...

## РАЗБИРАМ...

но јас незнам да бришам уметност и сеуште верувам дека со отворено срце ќе можеш се да надминеш и одново да ми кажеш дека писмата можам да ги користам во Јас Птоломеј… и дека ќе ми ги вратиш сите оние после 03.10.2008. жртвувајќи се на олтарот на уметноста. Јас тоа би можел и за тебе и за уметноста.

Ти благодарам што поново те слушам и што нашето силно допишување не заврши така обично, со самото твое драматично исчезнување (вклучително причините...), носејќи се сосебе, бидејќи покрај се што имавме и она што стекнавме, сосема е неприродно да згаснеме се до последното жарче топлина.

Верувам дека дома сте прекрасни и дека таа убавина е вистинската почва за твојата уметност, што посакувам поскоро да ја видам. Ве сакам сите... и твојот сопствен центар.

Знам дека и Биле, биди сигурна, после твоиве писма ќе те има за пријателка со која сосема неоправдано и непотребно беше во недоразбирања.

Кај мене секогаш ќе можеш да се најдеш, доколку си затребаш како исклучителна и посебна. Можам да те разберам и доколку не ми одговориш, но немој да се лутиш ако одвреме навреме посакам нешто да ти напишам и така немо да се проверам кај тебе, бидејќи знам дека и таква уметност постои, а таа била и помалку и повеќе од животот.

Да живее Животот! А тој не се поздравува.

## Chernik

from Sava Stepanov <savastep@eunet.rs>
to Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
date Tue, Jan 13, 2009 at 8:55 AM

Černikovo slovo – U vojvođanskoj umetnosti sedamdesetih - Atila Černik se izdvajao osobenim stvaralačkim konceptom. Njegova opsesivna tema je letrički znak, slovo. U doba konceptualizma Černikovo slovo je tautološki insistiralo na vlastitoj - drugosti. Dakle, slova i tekstovi Atile Černika nisu ništa označavali, gubili su funkciju i umesto semantičke znakovne vrednosti - dobijali su drugačije vizuelno dejstvo, značenje (?), svojstvo. U periodu sedamdesetih godina proteklog veka, u periodu kada jenjava premoć

gutenbergove galaksije, u dobu za koje se već govorilo da je „vreme slike“ (U. Ecco) pretvaranje slova i reči u vizuelnu informaciju (vizuelnu poeziju?) - doimalo se kao potvrda umetnikove sposobnosti da registruje i shvati svet i vreme u kome je živeo i stvarao.

Kada danas, posle pune tri decenije, Černik ponovo (re)prezentuje slovo kao zaseban i autohton simbol - onda se radi o svojevrsnom kritičkom odnosu prema ukupnoj ikonosferi: slika je zamenila reč, slika nas je globalno i personalno obuhvatila svojom sveprisutnošću. Uznapredovala tehnologija (kompjuter, globalni internet, tv, video, najrazličitije vizuelne tehnologije) stalno nas, u nemerljivim količinama, „bombarduju“ slikama najrazličitije provinijencije. U nekim životnim oblastima, u nekim svakodnevnim situacijama - egzistencijalno smo zavisni od slike. Zbog toga se na karakteristični Černikov opus nesme i nemože posmatrati kao na svojevrsni kuriozum. Ovaj umetnik danas, sasvim svesno, slovo konfrontira ukupnoj „ikonosferi“ (M.Porempski). Iako defunkcionalizovano, iako upotrebljeno kao svojevrsni neutilitarni znak, iako bez jezičkog značenja Černikovom odlukom selektirani i prezentovani letrički znaci - pretstavlja svojevrsnu intelektualnu pobunu. Umetnik, u ovom slučaju, nije te razneženi čuvar tradicije. Njegov gest ima suštinsko značenje: slovo = slovo. Ovim se radovima čuvaju izvorni principi, ovde nema prenesenih značenja, nova Černikova ostvarenja ne pripadaju vizuelnoj poeziji. Njegovi najnoviji radovi, iako definisani kao logična posledica jedne višedecenijske kontinuirane stvaralačke akcije bez dramatičnih zaokreta i promena, predstavljaju kritiku sveta slike, tačnije sveta virtuelizacije gde ono što vidimo ne mora obavezno biti istinito, stvarno. Černikovo slovo - predstavlja sliku slova.

Sava Stepanov

# Chernik

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to Sava Stepanov <savastep@eunet.rs>
date Wed, Jan 14, 2009 at 2:05 AM
subject Re: chernik

Здраво Сава

Вистински ми се допаѓа ова твое Слово за Словото на Черник и неговата тивка негација на Сликата. Ваквите реактуелизирања на уметничките продукции ја чинат оваа наша работа вредна да постои, верувајќи дека сепак, со секој наш искрен творечки гест некако се тенчат рабовите на сликата и уметничката изразност и дека потаму во/вон рабовите згазнуваме во некоја поинаква сфера и искуства што одново предетерминираат состојби на Словото, Сликата, Изразот, Текстот/Контекстот, Јазикот - Летричкото - Сликовното, Концептуалното, Убавината заробена во зеницата и новиот бран на Естетизации, Нарациите Живот - Уметност... и се разбира поновите обиди за одново проширување на Ликовноста (јас и тука не би го спорел овој наш определив термин) со категориите на Јазичкото и по-

себно Научното, преточени низ алхемијата на насетувањата и вибрациите во остварувањето на ликовното, всушност презентативното, до простата Слика/Облик, на ѕид, под, или пошироката просторност по сите нејзини димензии. Но сепак, некако ми се чини дека уметноста ќе се движи до крајното поништување на границите со Животот (ништо ексклузивно ниту ново, но секако поинакво), а нејзините форми се непредвидливи и добро е што тоа е токму така.

Јас се радувам што понешто досегам до мојот живот - уметност и често се прашувам, не каде се границите, туку дали тие воопшто постојат, во бунило сум драг мој пријателе, а тогаш знам дека брановите ќе ме фрлат на некоја уметничка обала, каква и да е таа и како сака да била именлива, кога ќе можам да си ја именувам таа ќе си добие Крштеница и некако ќе стане Словлива и дајбоже Пресловлива како Словото на Черник.

Посебно се радувам што Годинава Господова ја почнуваме со Твоево Черниково Слово и прости за моево мало уметникување, но вистински ме поттикна твојот текст, и сега, зарем овој твој текст и мојата маленкост поттикната од него, не е самата уметност/самиот живот, и самата Ликовна уметност како и да е словлива.

Мала коинциденција, последниве 4-5 месеци бев во силна преписка со мојата прва дипломка (1999 г.) Билјана Кљајиќ (моминско Поповиќ), кога бев за Балкан Арт 07, нешто занеа те прашав, верувам се сеќаваш... бидејќи немав никаков траг, ниту адреса, ниту мејл адреса. Таа сега живее во Нови Сад, а ми се јави наоѓајќи го мојот мејл токму во каталогот за Балкан Арт 07, и толку многу нешта разменивме за ова време што јас во еден момент помислив (сега сигурно знам) дека нашето допишување стана вистински проект, што верувам дека во некаква си форма ќе го реализирам оваа година (еве, веќе имам и работен наслов Јас Птоломеј / Ништото Помеѓу), а знам дека ти ми веруваш кога нешто ќе наумам секако и ќе се случи.

Но ова што ти го пишувам и те информирам за она што ми се случува во мојот Живот Уметност, како логично на нашиот пријателски и професионален однос, сакам да го дополнам и воедно да те замолам да се заинтересираш (иако треба да е обратно, но и кој да го знае како требало да биде) за Билјана (kljajic.biljana@gmail.com) бидејќи е талентирана особа која лови доволно занимлив уметнички израз (знам од преписката, но и од нејзините студентски денови и прекрасната дипломска) и вреди да се поттикне да направи нешто по сериозно.

Те молам за строга дискреција, би ме убила доколку дознае дека јас нешто лобирам кај тебе и дека дефинитивно сум го наумил мојот Јас Птоломеј...

Доколку процениш дека премногу барам од тебе, заборави мој пријателе, Животот Уметност и без нас и без Билјана секако ќе си го врви патот, се разбира поскромно ќе биде тоа без нас (ха ха ха), но што пак тоа го допирало универзумот, нели?

Многу поздрави во Нови Сад и глава да неможеш да кренеш од Словена Убавина,
Станко




Знаме, прв пат изложено 2007 во Нови Сад (Србија) – Прва интернационална изложба на уметнички знамиња

# Chat with Biljana Kljajic

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Thu, Jan 15, 2009 at 11:19 PM

10:17 PM **me**: Еве драга моја, само што го скршив мразот... баш сум замрзнат во последно време... Како си ти?

10:23 PM Знам дека нешто баш не ти се пишува во последно време, бидејќи нештото што посебно би сакала да ми го пренесеш, едноставно несакаш да го изговориш, но пушти срце... пробај, ќе се изненадиш колку може да биде убаво одново нешто да се креира, тоа му доаѓа како хипнотичка потреба за одлепување, во спротивно самиот живот ништо невредел... така ме советуваше Сиоран, а јас вистински му верувам иако тој став и животот поврзан со него понекогаш доведува и до кошмари...

10:31 PM Ма се зезам сериозно, кога се создава се е така кошмарно, ти тоа многу добро го знаеш... не ми пречи што несакаш да разговараш, доволно ми е што ме следиш и ми се чудиш, од каде му доаѓа на човеков сета оваа енергија кога сигурно знаеш дека се чуствувам вистински поразено... почнува се да ми изгледа безначајно, да не ти расправам што се ми се случува со скулптурите, моите драги убавици кои ги крадат од каде веќе не, дури од музеи, депоа и други просторчиња каде мислев дека се сигурни

10:32 PM Дополнително на тоа и Ти се ми зеде и сега така се чувствувам празно што зборовите се немоќни... драга моја

10:34 PM ... што да се прави, знам јас и вакви нешта да надминам, животот ме учеше на многу нешта, но што ќе помислиш доколку и за тоа ти зборувам, три прекрасни хорора можеш да снимиш.

10:43 PM Скулптурите од Барок во едното ми беа депонирано во Хавзи Пашини Конаци (еден период беа под МСУ, а сега се под Кинотека на Македонија) кои не се добро обезбедени и тоа Бардовчаните се растргнале, варвари драга моја, не верувам дека нешто ќе можам да спасам, но и немам доволно енергија се да пресоздавам (баш се растргнати) нешто за што ми требаше толку чиста љубов онаа 1998, точно пред десет години, немораше баш сега кога сакав тебе да те создадам, да те создадам така како само јас знам кога ми трепери душата.

10:54 PM Минатата година ми украдоа две скулптури од пред Даут Пашин Амам (Национална Галерија на Македонија) две прекрасни скулптури што имаа прилика да ја прошетаат тогашната Југославија (и Сава Степанов ги излагаше во Апатин - Почетак 90-их, така некако беше контекстот)... Пред 3-4 години ми украдоа тоа

варварите од Нови Сад (опс... Бардовци) уште две скулптури од мојот меѓупериод, мошне значаен за мене (така ги третираше и критиката)... ова што ти го пишувам е само мал дел од моите несреќи, но еве сум сеуште жив, верувам и здрав...

10:57 PM ти благодарам што внимателно ме следиш и што сигурно сочувствуваш со мене и со Историјата... ха ха ха... не би бил тоа јас доколку малку не ја фатам и на шега, животот ме научил и на некои добри нешта

11:00 PM Знам дека не помислуваш да се однесуваш хакерски, но дај те молам претпостави која ми е сегашната нова лозинка... а драга моја, ајде сега да те видам, ниту господ не ќе може да ме открие, но со твојата интуитивност никогаш не сум на сигурно...

11:05 PM Се смирија страстите и сега сум со мојот Црн Сиоран постојано во друштво, како некој да ми го импутирал срцето... ма врага, не е така, секогаш кога сум трпел порази, срцето ми се наоѓаше на челото и сега го чувствувам страшно присутно тука некаде на челото и само тоа ми зборува, се друго занемело

11:10 PM Ми зборува импутираното срце на челото, баш фин наслов за расказ... нема да правам повеќе скулптура, бидејќи како нај материјална во убавите уметности, луѓето милуваат да ја крадат и несакам да трпам такви порази, а чудно, материјалното во животот никогаш не ми беше најважното... затоа ќе си пишувам, безразлика што и виртуелниов простор небил доволно сигурен

11:16 PM Добро, еве сум решил да си пишувам, но убавото пишување е дисциплина... добро добро, ќе вежбам колку што е потребно и можеби и ќе ми успее нешто сериозно и да напишам... но и да не напишам ништо нема да пропадне светот, важно дека уметноста отсекогаш ми беше самиот живот и негледам дека она пишувањето можам во таа смисла поинаку да го поставам сем наглавачки

11:19 PM Добра ноќ и прекрасни соништа... доколку во сонот ти се појави и некоја од моите убавици, ќе знам дека тие сеуште постојат...

11:20 PM **Biljana**: laku noch

11:21 PM **me**: Ти ги чувам ѕвездите... Јас Птолемеј и нема што друго да прави сем да ја чува Убавината



**Со Лазо Плавевски и Александар IV Бојан V Павлески Македонски во Хавзи... Бардовци – Скопје, Македонија, и со моите нагрдени убавици**

from Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
to Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
date Fri, Jan 16, 2009 at 12:03 AM

... Во 10:54 PM, ми се провлекол лапсуз (нешто мислев на Нови Сад па сум го вметнал во погрешен и невистинит контекст), наместо... варварите од Бардовци..., се провлекло... варварите од Нови Сад... грешка, невистина за што се извинувам (веројатно сум те ставил во недоумица), бидејќи со Новосаѓани секогаш, ама баш секогаш сум имал прекрасни искуства.

## Oprostite za samo par redova...

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
date Mon, Jan 19, 2009 at 10:58 AM

Pored toga shto je likovno ostvarenje podlozhno propadanju i slichnim radnjama, to bash i nije tako strashno, nadam se da si uspeo da se umirish i da ovo sada ne znachi da chesh prestati da radish, vech da chesh nachi snage da uistinu napravish neshto novo i lepo. Kada chovek nije vezan ni za druge, a ni za svoja dela distanca je josh lepsha, a ideje su josh univerzalnije i chishche. Kada je neshto tvoja priroda onda to dolazi samo po sebi, zar ne?

Prava prijateljstva nastaju iz nevezanosti, a konflikti iz vezanosti.

Zato nemoj da kukash nad sobom... to nije lepo!

malo zabave:

Shto se tiche pasvorda, nemam pojma koji ti je, a i onaj mi je Neko shapnuo i rekao mi da je samo zbog "chishchenja".

:) ... rekao mi je... pasvord je ime od Mister Big-a. Inache pametno postavljanje pasvorda treba da bude dve nespojive stvari, kao npr. kamile i pingvini, a johs bolje ako ubacish neki broj, recimo 2kamilei4pingvina ili mangoburek, josh bolje ako izmislish sopstvenu rech recimo kao moj Milan alimicija i sl.

Nishta Izmedju je Nishta Izmedju zato da bi ti sada mogao da sagledash sebe, a ne da pravish neshto shto nije samo sebi svrha.

Ako mi verujesh da che tvoja sledecha prava stvar biti genijalno odlichna, onda bi trebalo i da mi verujesh da treba da uklonish pisma, jer te cheka iza toga neshto jedinstveno, takav je redosled, a nichemu morash prvo da verujesh.

Ovo ti pishem da bi ostao u miru i da bi napokon razvio pravo osechanje nevezanosti, a znati chesh da si na pravom putu ako vishe vremena provedesh bez da sedish za rachunarom, a malo vishe sa sobom i svojim nacrtima.

Prichala sam danas sa jednim vetrom, kazhe stichiche u tvoja jedra...

Zhelim ti srechan rad.

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
date Sat, Jan 24, 2009 at 6:27 AM
subject Re: Oprostite za samo par redova...

## Животот Тага...

за Писмата, всушност она што остана од нив, повеќе ништо нема да ти пишувам и нивната судбина ќе ја оставам на времето и ветриштата, што некаков глас секако ќе довеат и до твоите порти.

Ништо не настанува без фиксација до неподвижност и болка, неврзувањето е лага драга моја и покрај тоа што убаво звучи и човек лесно може да поверува во тоа. Врзувањето за луѓето или нештото/ништото од сето она од/до севишниот, и покрај очекуваната болка е точката во која полносно не има, како во молитвата. Од тагата и болката произлегуваат најголемиот дел прашања што не би ги поставиле, опиени и отапени од уживањето во задоволствата и среќата, всушност тие, следните предизвикувачи на новата болка, и затоа се согласувам дека нетреба да се кука над иманентите на живеењето, за да не се истапи нивната острица - предизвикувач на силни емоции, туку живејќи сонив во полнотија ги наоѓаме одговорите на нашите следни болки. Нели, дури и меланхолијата (нешто за неа ти пишував, во оние исчезнатите мејлови) колку што е пасивна толку е таговна, иако различна од другите предизвикувачи на тагата, но таговна е како самиот живот што го имаме, а го имаме за да ги имаме создавачките потенцијали на нејзиното височество Тагата. Врзувањето е иманентно на Губењето, Губењето - на Тагата, Тагата - на Свесноста и Создавањето, а Создавањето - на следните Врзувања, и се така ќе врви ова наше човечко Врзување и Тагата што ја викаме Живот.

Ти Билјана си мојата најсвежа Тага, што ќе си ја носам природно на животот и врзувањето, заедно со другите што ги живеам, до оние новите што тие ќе ги изродат, а тоа ми ја потврдува свеста за извесното полносно тагување.

Не живеам/тагувам тогаш кога сите точки јасно ми се нудат, како проститутките, од кои некои дури биле и ексклузивни, за да ги земам во окото, туку тогаш кога сенешто ми е магловно, во кое насетувам, опипувам и доживувам изразност на некаква убавина што понекогаш и ми успева да ја фокусирам и оличам како материјална, достапна на окото. Ма каква драма, каков патос, драматично е само наоѓањето на себеси во негувањето на самата слобода да се доживува возбудливото посакување на магловното и неизвесното изразување на извесната убавина.

Моето искуство во Тебедоживувањето/Тебеодтагувањето и оликувањето низ зборовите и нивните слики, каква и да е идната слика составена однив, ексклузивно е моја убавина, а со тоа и неизвесно извесна уметнички објективна и универзална. Секако ќе те заробам во идно дело, иако велиш, тажна како Тага, бидејќи знам дека ќе ти биде топло така згрижена во вечниот круг помеѓу Создавањето и Врзувањето.

Малку звучам како онаа Мрак и Млеко на Богомил Ѓузел, а него и насловот е непотребно да го дообјаснувам. Токму така звучам во ова мое писание, нема што тука да се поместува лево - десно, се си е баш на место, нели драга моја?

Еве, си зедов малку ракија и белки ќе ти напишам и нешто повеќе од овие мои стокмени вистининити прикаски. Баш ми легнаа првиве голтки, не сум по пиењето но во вакви Таговни моменти алкохолов легнува како врз силен депресив и сосема непредвидливи стануваат речениците, а гледам и запиркиве почнаа многу често и накратко да се повторуваат, што би да значи, или нешто многу сложено сакам да ти напишам, или толку се расцепкувам затоа што всушност и немам нешто посебно во главата, а според мене тоа е баш она креативното магловно што можеби и ќе го стокмам на разбирливо ниво, и не само замене и затебе туку и за оние што ќе бидат трпеливи да не читаат, а ќе не читаат, и со твојот благослов што така тактички сакам да го изнудам, да го измолам, и не само така обично туку јасно и недвосмислено изречено со големи букви МОЖЕШ ДА ГИ ОБЈАВИШ НАШИТЕ ПИСМА ВО ФОРМА КАКВА ЌЕ ИМ ПРИЛЕГА, за да може секој и оној неконцентриран на уметничкото објективно и универзално, всушност секој слепец да го види и се разбира да разбере што сакал авторот да каже, бидејќи да се објават и така дрско да се распостелат писма, дури и за уметност да станувало е крајно не воспитано и недозволиво, иако на уметноста и е се дозволено, посебно на вакви опсесивни лудаци кон уметничкото иницијално. Како ми тргна се исплашив дека и ќе ја соборам најдолгата напишана реченица во историјата на книжевноста, чинам беше на оној реалистот Иго, што ли ќе беше, кој да проверува по меморијава, кога веќе некако вистински ми тргна Перово, како што порано го викаа течното пишување, па подоцна повеќе милуваа да кажат Чукањево, што сега би значело поново Чукање, но не чукање по оние механички преносливите, просто удари по квадратчињата букви, туку нежниве, просто милниве треперливи галења на сличниве скоцкани буквички, сегашново Везење, всушност Пафкање по тастатурава.

Знам дека ништо посебно вообразено во мојава глава непостои, туку се што нешто и постои во овие зборови, бидејќи речениците сеуште не се доволно намножени со зборовите за да поверува човек дека не сум се шегувал со намерата да го соборам Виктор, произлегува од хиперсензитивното следење на секоја моја моментална постапка, како што сега забележувам дека палам цигара за цигара, а тоа неможе да не го забележам, бидејќи доколку е така би можел и самиот да се запалам и поново да не забележам, а чувствувам дека сеуште знам што правам, а и годините не ми се за загриженост од склероичка непредвидливост, недајбоже фиксација на себе, во таа смисла тогаш би можело секое поместување на било кој дел од себе да стане опасност по себе самиот и недолжните во мојот круг, дури сфатено и во виртуелна далечинска смисла, примерно до Нови Сад, недај боже да го запалам Нови Сад, а драга моја, на што би личело тоа и како после ќе им објасниш на Новосаѓани дека тоа не го направи твојот пријател Станко Павлески Големиот, за да го избегнеш линчувањето, бидејќи во несреќата постапките на луѓето неможеш свесно и разумно да ги пред-

видиш, како и да и приоѓаш на таа нелогичност тие можат да бидат неверојатно неверојатни, но пушти тоа што сакаш да ми го кажеш дека на тој... Големиот такви постапки не му доликуваат и отаму знаеш дека, всушност го познаваш и тоа секако ти станува невозможно, но доколку си се излажала во проценките, што сега ти се врти како можност околу Новосаѓанскиот лут одговор, всушност околу твоето линчување, а во тоа извесното ти никако да поверуваш, бидејќи си ги знаеш сопствените сограѓани како умерени и слободомислечки па си спиеш на тоа дека ќе имаат разбирање за Пријателката на... Големиот и дека ќе голтнат и тоа што тој им го запалил нивниот дом и гордоста, заштитничката гордост драга моја пријателке, што секако би ја прелеало чашата на секој нормален жив и таговен, е во тоа немој да се занесуваш дека некој би ти поверувал, во спротивно моли се за побезболно сопствено згаснување, бидејќи Изгорените ќе посакаат адекватна казна на нивната болка.

Несакав многу да ти пишувам и одново со себе да те оптоварувам, но од уметниците, драга моја уметничке, нели невреди да бараш да запрат кога ним ќе им дојде Музата, а хипнотички ја молат да не ги напушта и секогаш да е покрајнив, зар би се осмелиле тогаш да ја навредат та да ризикуваат со нејзината воспитна реакција и бришење на нивната адреса во нејзините тефтери, тефтерчиња и секакви дребулии од ливчиња, бидејќи и Музите не се што некогаш беа та да се повинуваат на секаквите авторови лудости и невоспитаности, се променија времињата и кој тоа не го сфатил, нека му ја мисли што се може да го снајде, та не само што ќе го напушти Музата, треба да се биде подготвен и за други ниски и жестоки удари, бидејќи истата таа доброчудна дарителка може да биде и агресивна та да му импутира се што е поврзано со самите моќи за создавање, море и подолу од тоа, до оние просточовечки моќи и функции, до нивните сенешта, море и соништата, па дури и сеништата.

Убаво, до моментот кога до подробности си ги следев сите мои движења и треперења кои ми станувaa поводите за поголемиот, можеби и поинспиративниот дел од текстов, и што ѓавол ми требаше да помислам дека сенешто што помислував, додека во моментот го пишував она што веќе го пишував и не толку различно од она на што помислував, и баш тогаш да помислам дека требало во кратки црти тие нешта да ги забележем на хартија, исплашен да не ми исчезнат многу убавите, демек неизоставните и за целоста на текстов многу важните иницијалности, изгледа токму тогаш ја утнав работата и сега веќе ја изгубив свежината на лудувањето низ зборовите и смислата, и вистински немам повеќе што сериозно лудо да ти напишам.

Доволно доволно, јас и ова незнам како ќе можеш да го исчиташ, а ќе бидам најсреќниот доколку во сето ова најдеш некаква смисла па макар и бесмисла, што секако ќе биде ред во однос на оваа моја хаотичност и некаков анархизам во третирањето на просточовечките обични животни нешта и понешто ненамерна авторска надменост.

Јас сум дух што љуби со истомислениците од неговиот род по подолги вакви неповрзани писанија и да се поздрави, за да не изгубам контакт со реалноста.

Станко

# Chat with Biljana Kljajic

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Thu, Jan 29, 2009 at 2:45 PM

1:52 PM **me**: Еве ме, како си драга моја

1:53 PM **Biljana**: Dobro, pishem bratu pismo

1:55 PM **me**: јас полудев, дефинитивно нешто значајно ќе се изроди од ова лудилово... Брат ти е сеуште во Нови Сад... ма не е тој човек за убавиот Нови Сад, повеќе му стои убавиот свет...

1:56 PM **Biljana**: U Indiji je

1:58 PM **me**: доколку ти додевам во пишувањето, ќе одлетам... како ти оди Бајката, немој да ми кажеш дека си ја баталила... ете, некако знаев дека Стефан негде веќе одлетал

**Biljana**: Sada mnogo radim za skolicu, ali nadam se da che nastaviti, ali eto Swami brine o tome i hvala Bogu neda mi da budem loshe

2:04 PM **me**: нешто ти напишав за Лира Грабул, но незнам дали ти стигна, бидејќи јас го немам кај мене

2:06 PM **Biljana**: neznam stoji mi neka sitnica u umu ali samo kao da si je spomenuo, jel to cherka od pokojne Iskre

2:09 PM **me**: Да ќерката на Искра... имаше промоција на нејзиниот превод од некое англиско издание на Багават Гита (незнам дали добро го напишав) но јас неможев да присуствувам на промоцијата и на перформансот на Сатја Саи - Скопје

2:10 PM **Biljana**: da da postoji takva knjigica, to je valjda osvrt bhagavat gite jednog Sai sledbenika… performans smeshno zvuchi kada je Swami u pitanju

2:11 PM mislim, lepo shto su preveli

2:13 PM **me**: ... можеби јас нешто сум вообразил погрешно, читајќи ја информацијата за настанот, што можеби и не бил перформанс... така некако јас го подразбрав текстот... ја знаеш Лира?

2:14 PM **Biljana**: Ne bash, malo neshto sam je sretala kod Iskre jedno vreme, ali se centar u Skopju podelio na dva dela, a ja sam ti bila autsajder i vishe znam one starije chlanove

2:17 PM **me**: Ма знам дека Искра беше со Саи, но и Лира е баш со Саи, нели?... а јас ја пропуштив промоцијата, но пред се можноста да ги потсетам малку и на тебе, онака попатно

2:18 PM **Biljana**: Vidjam neke na seminarima za uchitelje. No dobro....

2:21 PM **me**: Каде најчесто се одржуваат Саи семинарите?... дали доаѓа и твојата убава учителка за која ми зборуваше, а јас никако да се сетам која е таа убавица што едно време била блиска со Влатко

**Biljana**: E pa sada ti nechu rechi

2:22 PM **me**: добро, ќе морам да ја прашам Лира... јас помислив дека таа убавица е токму Лира, но добро...

**Biljana**: nije nije

2:23 PM a i nije bitno

2:24 PM ustvari samo sam htela da znam da li si dobro... a ne trista drugih stvari... da li je Bile ok isl. Ali mogu i ja da napishem neshto onako... tu pada sneg… a i moram da zavrshim ruchak

2:25 PM **me**: во ред, гледам дека си добра, одлично звучиш и тоа ми беше најважното кога те забележав дека си ми Зелена... баш во исто време помислуваме на истото

**Biljana**: nisam htela da sve ostane u nekom sivilu i da sve ostane glupo

2:26 PM bilo bi mi drago da mi napishesh da si najzad ok

2:27 PM Neki dan moja kuma prichala mi je kako je bitno da se ljudi potvrdjuju i kazhu jedni drugima da su vredni... ja sam se nasmejala i rekla joj da je divna... ali nije mi se javio njen muzh da me nagrdi zbog toga

2:28 PM Sada pishem samo rodbini i zhenama, bolje je

**me**: Биле е одлично, а и јас некако се скоцкувам... ма ОК сум, вистински растргат на многу страни, но сега баш ми тргна работата откако сум повеќе време дома, нели сме на зимски одмор

2:29 PM **Biljana**: e bash mi je drago, pozdravi mi Bile i budi joj dobar. Nisam zhelela da krshim mir, naprotiv

2:30 PM **me**: јас пак сенешто се допишувам само со жени, што тука не е во ред баш неможам да знам... инаку и јас ја поздравувам твојата кума и те молам тоа да и го пренесеш.

2:31 PM **Biljana**: idem, zhurim

**me**: ОК... Поздрав

**Biljana**: poz

**me**: Бакни го Миланче, а и Бора се разбира

2:36 PM Сакам од тебе да ми пристигне и едно баш големо писмо. Отворам мејл и се молам да чујам нешто повеќе за тебе, ми треба да знам како ти оди, всушност да чујам дека си баш Топ.

2:45 PM **me**: Сакам да чујам како ти оди со изложбата во КУЌАТА/ВИЗБАТА, всушност сакам да чујам дека високото Ниско ќе се реализира, затоа што тоа е одличен проект и јас нема да пропуштам повремено да те потсетувам на тоа иако

ризикувам да ти станам досаден и воопшто да ја изгубиш желбата било што да ми напишеш, а тоа би ме поразило драга моја.



# Еве ме, во форма... но не формален...

from Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
to kljajic.biljana@gmail.com
date Tue, Feb 3, 2009 at 3:55 AM

два-три дена се бавам со досредување на себе и тука сум дефинитивно при крај, па сега се префрлив на Тебе-внимателно ги пречитувам мејловите и корегирам основни технички грешки... морам да ти признам дека во првиве 10-тина мејла си фантастична, но и јас не сум за потценување-незнам како звучам во Chat-овите кои во најголем дел ги подредував кај тебе, но после ова прекрасно задоволство (вчера вистински се распеав) негледам причини таму да сме фалширале.

Баш убаво сме се распеале, и нема никакви шанси да се откажам од овој материјал, па ти лути се колку сакаш. Како да е драга моја, ќе заврши оваа убавина во Александриската библиотека негде напролет и затоа турбо се нафрлив меѓу редовите, каде често ме дружи и онаа наша Мува од рабовите на мониторот, која сенешто ми подвлекува, така концентрирана како за нејзиниот живот да се работи, сигурна е и знае дека со мене е безбедна. Прекрасната моја пријателка око не склопува заедно сомене.

Верувам ќе ти значат и бројките што сакам да ти ги соопштам, а пристојни се: 267 стр. вкупно Чист текст и само кај мене околу 300 фотографии, од кои ќе се обидам да направам пристојна селекција што би ја сместил во 30-тина стр., а од твоите фотографии и некои од оние од линковите на кои ме упатуваш, ќе се стокмат уште 20-тина, и тоа сега почнува да ми тежи во рацете, пушти што веќе ми ја растури главата.

Можам многу понадолго да ти раскажувам за овие лебдења и треперења над иднава книга, но би било добро вечерва да те поминам уште низ неколку мејла, за да не почне да ме гази времево та во брзањето да почнам да правам и глупости.

Не настојувам, но доколку сакаш да го провериш и корегираш твојот материјал (можам да ти го испратам вака дефинитивно подреден), се разбира доколку сакаш и доколку сеуште постои таква можност и да го дополниш со оној фантастичен материјал што исто така фантастично исчезна оној апокалиптичен ден на 28.12.2008.

Од целава прикаска која ми се мота низ главава оваа недела, произлегоа и некои други идеи како да се затвори или можеби надгради ова наше текстуално суштествување, а се плод на пунктови на интерес и отворени теми во преписката, што заслужуваат помисла истите да ги ставиме одново на разгледување, но овој пат како теми за концептуална разработка од кои би произлегле решенија, такви какви што би можеле без двоумење да ги потпишеме, сеедно каква е нивната

форма, но нужно сместлива на А4 формат, нели во одредена смисла за некаква таква можност зборувавме и во еден од четовите кога се договоривме да влеземе во Тишина до 07.01.2009. Јас ќе се обидам да ги извлечам и да ги именувам тие општи места и сериозно да поработам со нив, па да се надеваме дека и ќе ми успее да се одразам и да се изразам убедливо, но ќе се радувам доколку и ти ме дружиш и посакаш да влезеш во оваа возбудлива игра која не можеме вистински да предвидиме на кој брег може да не фрли.

Сакам да ја споделам и следнава дилема, се се мислам форматот на книгата да биде А5 или некој Б формат, како на пример 25 x 19 (во тој формат е и мојата портокалова Книга над кориците), бидејќи тоа изгледа по книшковно, но веќе не се мислам дека ќе отпечатам само по 10 примероци (на македонски и на англиски), нагласувајќи ја уметничкоста на сега Арт-мултипликатот.

Инаку, во Галеријата на Александриската Библиотека (во преписка сме и станува извесно дека ќе ни ги отворат вратите) Јас Птолемеј… ќе си се врати дома и ќе се разложи по нејзините ѕидови. Е ова баш ми се допаѓа, во Птолемејевата библиотека Птолемеј се враќа со книга, и дај те молам охрабри ме, знаеш колку се радувам и колку тоа ќе ми значи.

Верувам дека до крај на неделава ќе ми стане се побистро од ова што ти го напишав, а 03:50 АМ за мене е веќе бистро време, па да можам да се занимавам со наоѓање на луѓе за преводот што нема да ме заколат премногу длабоко.

Те поздравувам и дај те молам пишувај ми за себе, па макар и за доживувањата на веројатно веќе стопениот Новосадски снег... ми недостасуваш...



***Stanko Pavleski***

*...Два-три дена се занимавам со досредување на себе и тука сум дефинитивно при крај...*

from Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
to Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
date Tue, Feb 3, 2009 at 9:26 AM
subject Еве ме, во форма... но не формален......

... neznam shta da ti kazhem posle ovoga, vidim da uopshte nisi pomislio da me isposhtujesh u onome shto ti govorim i opet spominjesh obrisana pisma, ona su obrisana i nema ih vishe.

Ja definitivno ne zhelim da me ishta igde baca na neku obalu, ja sam u svojoj dubini i ne marim vishe za ikakve talase. Ispala sam nevidjeno glupa u svojem sopstvenom poverenju, a ti se ponashash prema meni kao da sam od gvozdja i kao da nemam bash nikakav odnos prema onome shto mi se desilo.

Kada sam prichala sa Borom o tome shto se tada desilo, bilo nam je prilichno neprijatno, s obzirom na to da smo oboje bili toliko otvoreni, ali ne s namerom, da nam zbog toga bude loshe, naprotiv.

Nisam zhelela da se zhalim, ali definitivno nije fer prema meni. Svi su udarci pali po meni, a ti krojish i prekrajash i zabavno ti je i govorish o trnovitom putu umetnosti. Jedva sam doshla k sebi, tebi se niko nije javljao na telefon niti ti je govorio o tome ko si ti. E pa ja sada napokon znam ko sam ja, a znam i da sam pre svega svoja ali i naravno Milanova i svakako Borislavova zhena, htela sam da budem i neshto dobro drugima i tebi, da ti kazhem da si vredan i vazhan u zhivotima studenata i onih sa kojima zhivish, da ti bude lepo zbog tebe samoga, ALI... za uzvrat sam dobila malo tezhi udarac i lekciju, mislim da mi vishe nishta ne treba, sada imam sve, Imam sebe i hvala na pitanju dobro sam.

# А тоа што ми недостасуваш...

from Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
to kljajic.biljana@gmail.com
date Wed, Feb 4, 2009 at 2:59 AM

... тоа воопшто не те секира, те секира само чувството дека сум те третирал како железо. Супер, доколку е вистински така, бидејќи тогаш, покрај мене, тоа би го оправдало и оној А. Вајда, во спротивно и тој би морал да ги запали сите свои филмови.

Зошто сакаш да ме растажуваш, кога и самата знаеш дека се случува нешто добро и посебно што вреди да се сподели со другите и да се поверува дека нашите животи и искуства можат нешто да им значат во проверката на сопствените погледи кон човечкото поимање на различните димензии на живеењето што ни е дарувано.

Го читам и пречитувам твоево писмо, знаеш колку се радувам кога ќе те видам во Inbox-от, а никогаш не си ме оставала предолго да чекам, но во последново што го пречитувам вистински ме растажуваш со твојот железен и мермерен звук во твоите реченици, и покрај тоа што го сакам Вајда а и оној Станко што посакувал да те кали и челичи. Не не, несакам да верувам дека целата топлина си ја истрошила, добро те познавам за да поверувам дака всредоточениот борец ми паѓа во непродуктивни меланхолии.

Прости, но каде попатно ја загуби жената во себе, Големата Мајка Плодотворка.

Еве и Бодан Леб и Сол со Недоглед ми поткрева таговност, но јас сум учен да живеам со Тагата како со добар ден. Пишувај ми што друго те растажува за да се справиме со таа натрапничка што те подјадува, покрај јас кој длабоко сум те разочарал, што дефинитивно е извесно дека некаде дебело сум ја утнал работата.

Не ми дозволуваш, ме одбиваш да те дружам во длабочината на твоето внатрешно огледало. Ех Станко - Неверни Тома, каде само ја потроши целата доверба на твојата верна пријателка, не се сигурно виновници само Јас Птоломеј и Ало 27.12 2008, та тие се човечки и разбирливи, нели така ме советуваше?

Морам да ти признам дека имав, незнам дали можам да кажам имам, бидејќи ниту ги гледам ниту ги слушам повеќе, една силна пријателка што по малку личеше на тебе (прости за споредбите... следново е само вовед за мојата поента) и уште една исто така исклучителна пријателка, но тебе несакам да те изгубам, не дека нив сакав, но едноставно ми исчезнаа, иако ќе си ги носам во срцето и без можноста да спорам со нив, како во мноштвото возбудливи и плодни ситуации во кои не

имаше и од кои, неверојатно, но честопати малку ми станува и мачно од дозата сериозности со кои бевме обземени, но животот не е имун и на ваквите убави прикаски, во спротивно велат, на што би ни личел живот.

Блесаво е да заклучувам, но повеќе како прашање ќе си/ти го поставам: Возможно ли е маж да има жена за пријател? Премногу сериозно е прашањево дури и за мене (ха ха ха), но сепак без двоумење, мислам дека не само што е возможно туку според мене тоа се и најсилните пријателства што сум ги имал и траеа долго. И покрај тоа што мојот вовед заведува кон погрешен заклучок во однос на мојот одговор, доколку ова го слушне мојот Сиоран ќе ми залепи две жешки воспитни, но и многумина умни би биле пред сличен предизвик, а поагресивните дури и пиштол вадат на вакви ставови.

Еве, баш сега и Бесконечниов Равел што шиба на радио ме потсетува дека не сум во право во ова што ти го пишувам, иако и самиот е свесен дека во неговото преповторување на Едното всушност го вградил целиот турбулентен живот за кој и јас се обидувам нешто да ти пренесам.

Ти благодарам за сите убавини што ми ги даруваш, што ме потврдуваат и ме чинат посебен, но те молам не ги отфрлај моите дарови за твојата посебност, бидејќи нештата за кои ми пишуваш се само моментна сенка, а животот е вистински краток во однос на ѕвездите.

Нема простор за непријатност за која ми зборуваш, ни кај тебе ниту кај мојот пријател по машкост, а и Биле ја надрасна нашата искреност со која живее и сега се радува дури и повеќе одмене, пред вистината и силното живеење што ќе го заробам во возбудливата убавина што ќе се вдоми, не било каде туку во Чудесната Александриска Библиотека.

Зарем со ништо неможеш да ме насмееш, а јас и покрај се се обидувам да те чепкам по тенките линии на твојата тага и разочарувањата во човекот што го почитуваш и на кого му веруваш, за да те насмејам, бидејќи се ми се чини дека ништо не се променило и дека сум и натаму истиот оној што од порано го знаеш и не полош од таквиот каков што беше.

Се потрудив веднаш да ти одговорам штом го прочитав и два-трипати го препрочитав твоето писмо, за да бидам на твоето рамниште и навременост што вистински ми се допаѓа, но никако тоа да ми успее веднаш или барем во истиот ден, туку премногу проверувајќи се низ пречитувњето на текстот и одложувајќи го испраќањето во надеж дека нешто баш исклучително ќе ти напишам, нормално загазувам до раниве сати и тоа ми преоѓа во некаков ритам на функционирање, верувајќи дека по 12:00 се исклучени можните сенки и бледи места во содржината, како да станувало збор за пладне а не за црнава темница што веќе загазува кон мојот среќен број 03:00. и сега се станува така непредвидливо.

Те почитувам и те сакам драга моја пријателке и од мене неможеш да направиш твој непријател... Знам дека Саи те чува, па можам на спиење...

## На поклонение?

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
date Wed, Feb 11, 2009 at 4:21 PM

Во еден од мејловите ми ја најави можноста дека овој месец може да се случи да отпатуваш за Индија на поклонение кај твојот заштитник Га, па си велам дека веќе си пред неговите порти бидејќи никако да те видам во Зеленото Планета.

Се радувам што ќе можеш да се молиш и замене, што малку се подизгубив во редовиве дотебе, но имам силна вера што се надевам ќе ми овозожи да се доближам до неговиот Лингам, доколку веќе сум ги изгубил шансите и да го освојам Него.

Незнам што посебно би можел да ти напишам за мене, бидејќи знаеш колку силно сум во ова со што сум преокупиран од Август наваму за што несакам да ти пишувам, но сакам да ти пренесам дека сум добро и дека самиот Живот со кој сум преокупиран веќе е пред Уметничкитете порти, иако исто така знам дека ова за што ти пишувам повеќе не те допира или те допира поинаку одмене, но верувам дека од тие твои специфични допири ќе се изроди нешто сосема Убаво.

Би сакал да можев и јас да се најдам пред твојот Га па да биде и мој и со топлината да го стопам мразот во кој ми се затскрива самиот остаток од целата си Уметност и самиот Живот Уметност, за потоа да можам, колку за промена, да ги тестирам и можностите на некристализираната форма на суштествување (за формата зборувам и те молам не ме сфаќај погрешно), но секако ќе работам на тоа што ќе ме исправи и пред твојот Га, та и тоа искуство да го имам за свое.

Те мислам и убаво ми е што некако знам дека не ти е неопходен никој покрај Га, Себеси и Световите...



## До Александриска Библиотека

from Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
to Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
date Sat, Feb 14, 2009 at 10:29 PM

Станко Павлески

Во предходното обраќање до вашата институција јас го најавив видео проектот "From the filminging of Marcus Garvey..." документарното видео од фото и видео сесијата за фото проектот "Marcus Garvey & Man Ray Theatre 1913"..., изложен во New York 2008, што требаше да биде презентирано на три монитора, но сега сум на идеја да го изложам проектот "Me Ptolemy & Miss Nothing - Theatre", всушност моето интензивно неколкумесечно e-mail допишување со Билјана Кљајиќ, моја поранешна студентка и прва моја дипломка, која сега живее во Нови Сад (Војводина-Србија), 500 км. одалечена од мене и моето Скопје (Р.Македонија).

По нејзиното првично обраќање од 13.08.2008, веднаш штом дошла до мојата e-mail адреса, меѓу нас се разви прекрасна преписка и разговори што интензивно се одвиваа се до 28.12.2008, но трат се до денес.

Во нашата интензивна преписка ние ги отсликавме нашите животи во последниве 10 години, периодот по нејзиното дипломирање, зафаќајќи и теми од биографиите на нашиот севкупен досегашен живот, допирајќи се покрај во уметноста и до занимливи теми од сферите на религијата, науката, образованието, општеството, семејството, машкото и женското писмо и сл. и сето тоа заличе на сосема убедлив материјал во кој самиот живот постана возбудлива уметничка точка. Од нашата преписка произлегоа околу 300 стр. текст и 50-тина стр. фотографии што ги разменувавме пишувајќи за своите дела, уметничките иницијации, намери и идеји и за другостите од нашето живеење и искуства.

Оваа можност нашиот проект „Проекција Балкон 3-Зебра“ да биде изложен во Александриската Библиотека, наследничката на онаа древната и славна основана од Македонската династијата Птолемеи, ме потикна мојот проект да биде во слава на книгата, во што би се затворила силната преписката со мојата Билјана.

Вистински е возбудлив предизвикот во славната куќа на книгата да влезам и изложам книга.

Планирам 350-те стр. А5 формат (вкупен формат на презентацијата: 9,60м x 1,30м) да бидат изложени на цел ѕид, последователно поставувани во шест низи достапни за исчитување, иако самото исчитување не е најважното, туку преку парцијалното исчитување сметам да се почувствува сериозната и возбудлива човечка димензија на комуникацијата и споделувањето на парчињата живот и искуства.

Всушност на ѕидот ќе биде разложена целата книга што планирам да ја отпечатам во 10 авторски примероци, на македонски и англиски јазик, со што истата станува Арт мултипликат, нагласувајки ја ликовно-уметничката димензија на проектот.

... Драга моја јас не сум ти непријател, ниту неразумен што настојувам нашето допишување да добие форма на книга и да биде изложено така како сум наумил... очекувам да се појавиш...

Сакам да те замолам и за мислење, кој би бил адекватниот англиски превод на насловот „Театар Јас Птолемеј & Госпоѓицата Ништо“ (внимавај на македонското членувано... Госпоѓицата) или за солутивната варијанта „Театар Јас Птолемеј & Неговото Височество/Екселенција Ништо“, но евентуално и за „Театар Јас Птолемеј & Ништото Помеѓу“

Верувам дека си добро... Мислам на тебе и баш ми недостасуваш,

Станко







# Chat with Biljana Kljajic

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Sun, Feb 15, 2009 at 6:11 PM

5:59 PM **Biljana**: GOSPODJA KLJAJIC, I NE RADUJEM SE VISHE TOME

6:00 PM POSTALO JE JEFTINO ORUDJE KOJE ME JE POVREDILO! A TI TERASH PO SVOJEM...

6:01 PM SVE IMA SVOJU MERU I EKVIVALENT, NEKADA SAM SE RADOVALA TOM DOPISIVANJU, A SADA ME POVREDJUJE, TO JE VALJDA EKVIVALENT TADASHNJE SRECHE.

6:02 PM SADA SAM HVALA BOGU I HVALA BOLU OK! ALI NE ZHELIM DA ZNAM NISHTA I OSTAJEM PRI SVOJEM NICHEMU.

6:03 PM MOJE NISHTA PREPUNO JE TIHE SRECHE I NEMA ZLIH NAMERA.

6:11 PM **Biljana**: DRAZHE MI JE DA BUDEM ONO SHTO JESAM KAO MAJKA I ZHENA, NEGO DA ISPADNEM GLUPACHA KAO JEDNOM VECH!

HVALA NA TOJ UMETNOSTI

6:12 PM MENI NE TREBA RUZHNA UMETNOST... JA SAM IPAK ZA TO DA UMETNOST TREBA DA BUDE LEPA!!!

JA SAM PONOSNA NA GOSPODJU Biljanu Kljajic.

# Chat with Biljana Kljajic

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to pavleskis@gmail.com
date Sun, Feb 15, 2009 at 10:22 PM

9:11 PM **me**: Zdravo, samo sho se doblizhiv do kompjuter

9:18 PM ... инаку вклучен сум од 12:00, за да немам сенки

9:25 PM … & Госпоѓицата Ништо е само метафора за нашето убаво Ништо и ти тоа го знаеш, но поново сакаш да гледаш на Ништото како на категорија на Празното, како да е пониска состојба од Полното, па и се самонавредуваш поврзувајќи го со себеси што веќе не си Г-ца... Зошто сакаш самата да си нанесуваш болка

9:28 PM ... ја познавам таа димензија и потребата од изместување на значењата, но несакам да поверувам дека Ти несакаш тоа да го видиш како што знам дека го подразбираш... а и не е воопшто сложено за да не се разбере, нели...

9:30 PM Очигледно во овој господов миг не си расположена и подготвена да согледаш дека целата уметност па и онаа распеаната го третира и „грдото" на свој начин...

9:33 PM Она грдото во уметноста добива естетската димензија, бидејќи грдото всушност и не постои, тоа е само конструкција на несовршената наша човечка природа...

9:35 PM Многу сум несреќен што во мене почнуваш да гледаш непријател, но да те потсетам дека од мене можеш да очекуваш само убави нешта

9:36 PM ... она со книгата е едно од моите убави нешта како подарок до тебе, бидејќи ти тоа го заслужуваш

9:37 PM ... многу убави нешта се заробени во тие наши страници и верувај ми незнам зошто оваа убавина ја одбиваш како страно тело

9:41 PM Денес конечно ги завршив пречитувањата на текстот, два пати уживав во прекрасните нешта што ги споделуваме и можам да ти кажам дека е блесаво да се откажеме од она што е наше и фантастично убаво

9:49 PM ... јас сеуште се прашувам со што тоа толку те повредив што дури не го поднесуваш ни моето Зелено... еднаш ти напишав, сега уште еднаш ќе те потсетам дека секој од нас човечкиве несовршени суштества поединечно одговараме за своите постапки и јас вистински несакам да имам никаква вина за она што Биле ти се јавила и што сте си кажале тоа што пријателски веќе сте си го кажале... доколку се концентрираш само на моите постапки кон тебе секако ќе сфатиш дека од оваа страна на виртуелново имаш Голем Пријател кој те почитува и те сака така како што се сакаат пријателите

9:55 PM но морам да ти го кажам и ова, толку ми е мачно да ти пишувам за баналниве нешта што всушност се самиот извртен живот или лимонади за потребите на човечките по ниски треперења... бидејќи за повисоките треба подлабоко да се загребе во себе... површинските категории на болка или некаквите такви инсинуирани неприродни видови едноставно не ме допираат и не сум подготвен да расправам

9:58 PM ... од секогаш сум пријател со Болката, другарувам од раѓање и баш сум се дружел со длабоките големи болки, не со гребнатинките по кожата

10:04 PM ... неверојатно ми е со тебе да неможам да комуницирам, посебно сега откако два пати, море повеќе, повторно го свртев нашето парче живот споделено во текстовите и кога гледам дека тоа е едноставно добро... наместо да ја споделиме и оваа среќа на преоткривањето и на проектната убавина што очигледно се случува, ти залудно се трудиш од мене да создадеш непријател

10:05 PM имам молк што вистински не го разбирам

10:07 PM разбирам да посакаш да бидеш со себе во себе, тоа вистински го разбирам и можеш едноставно така да ми соопштиш, но неприфаќам да имам вина дека те повредувам, тоа и за мене ќе биде премногу, драга моја

10:12 PM верувам дека наскоро ќе се појавиш... тука сум, оној истиот од пред Нова 2009, кога почна да го изградуваш Станко Непријателот на Убавата Уметност

10:14 PM ... доколку нешто неможам да разберам од ова што ми го пишуваш верувај ми јас не сум виновен за тоа, толку сум можел да се избрусам иако сум се трудел, не да не

10:17 PM ме повредуваш што ми стануваш далечна и ова ќе го разберам како твоја моментална потреба да се повредуваш

10:19 PM ... нестрпливо ја очекувам онаа Билјана К/П едната од неколкуте што јас ја познавам

10:22 PM Појави се те молам, не ме оставај вака еднонасочен со моиве писанија... и на пустината и треба Зеленото.



# Chat with Biljana Kljajic

**Biljana Kljajic**

9:11 PM me: Здраво, само што се доближив до компјутер
9:18 PM инаку вклучен сум уште од 12:00 за да немам сенки...

from **Biljana Kljajic** <kljajic.biljana@gmail.com>
to Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
date Mon, Feb 16, 2009 at 9:42 AM

NE SLAZHEM SE! KRIV SI...
KAO SHTO SAM JA KRIVA SHTO TE BORA SASVIM OK RAZUMEO I TO SHTO SAM JA MOGLA BEZ IKAKVOG STRAHA I BRIGE DA SE PO CELU NOCH DOPISUJEM SA TOBOM, JER JE ON IMAO POVERENJA U MENE I NISHTA NISAM KRILA, CHAK SHTAVISHE OBJASNILA MU SVOJE NOVO STVARANJE, KOJE JE NASTALO ZBOG TEBE I POJAVILA SAM SE U SVOJOJ POTPUNOSTI PRED NJIM I NARAVNO DA JE UMETNOST LEPA, JER JE U ISTINI, ALI NE ONOJ ISTINI KOJA SAMO NAMA ODGOVARA... TAKO SI I TI KRIV SHTO TVOJA ZHENA NIJE RAZUMELA SVE TO I SHTO JE BILA ZABRINUTA I SASVIM JE RAZUMLJIVO DA NE ZHELIM DA SE VISHE DOPISUJEM SA TOBOM I TO NIJE ZBOG TEBE NARAVNO, TO JE ZBOG MENE I NJE! ZHENE SU DIVNE I NE DVOLICHNE, NADAM SE DA CHU DA IMAM KCHER JEDAN DAN. PRIJATELJSKI ILI NEPRIJATELJSKI... POZDRAVLJAM TE !

## Виновен сум! Признавам!

from **Stanko Pavleski** <pavleskis@gmail.com>
to Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
date Mon, Feb 16, 2009 at 10:03 PM

Виновен сум и разбирам зошто...

Виновен сум што Животот го разбирам како Уметност, круг во која
се станувало Убаво.

Виновен сум што во тој Круг не користам пасош.

Виновен сум што не те разбирам кога бараш да уништам пет месеци Живот.

Виновен сум што тој Живот ќе го мултиплицирам затворен
меѓу редовите во Книгата...

Виновен сум што Верувам Во Твојата Уметност.

Виновен сум што согорувавме на Chat надевајќи се дека ќе влеземе во Гинис...

Виновен сум за Метафорите, Дигресиите, Раскрсниците и
Несериозностите во кои уживаше.

Виновен сум за Убавината која Не Потврдуваше.

Виновен сум за последниве 10 г. и Желбите да знам повеќе за Тебе.

Виновен сум за Разбирањето на мојот роднина по Машкост.

Виновен сум за Ѕвездите што те чуваа.

Виновен сум за Зелената Планета...

Виновен сум за твојот Поздрав иако обично не се поздравуваш.

Но не сум виновен што Животот е Уметност

и што несакам да умрам стар

иако Убавицата е отворена и за Грдото.

Исто така нема да бидам виновен што твојата Ќеркичка ќе биде
Лична на тебе и твојата Убава Уметност

Поздрав од Биле

а јас не се поздравувам.



# ПОГОВОР

## Се охрабрив...

from Stanko Pavleski <pavleskis@gmail.com>
to Biljana Kljajic <kljajic.biljana@gmail.com>
date Thu, Mar 26, 2009 at 12:57 PM

Здраво драга моја,
ова неможев да не го споделам со тебе.

Еве ги моите пријатели со кои ги проверувам моите уметнички лудости...

## Real Net Story

Најновиот проект на Станко Павлески е конструиран од спонтаниот процес на реалната деинтимизација низ интернет кореспонденцијата со една негова некогашна студентка и сегашна уметничка. Иако е неплански зачнат по електронски пат, овој проект е доказ на можноста за создавање во двајца низ неколкумесечно контактирање преку skype, chat или e-mail алатките. Суровата девственост на таквото мисловно-чувствено-сетилно разголување низ искреноста и вистинитоста во релационата размена на гледиштата, сништата и фантазиите, упатува на нова граѓа за создавање дело кое од своја страна бара и нова терминолошка одредница. Каква и која ќе биде дефиницијата и не е толку суштествено, колку што е значајно сознанието за напуштањето на старата матрица на проективната уметност и нејзина замена со неинтервенираната вистина: односно супституција на уметничката со вистинската стварност. Ова е од особена релевантност познавајќи ја генезата на уметниковото творештво која почнува со металната моќност на линеарната или компактнта форма, продолжува со текстуалните записи врз металните подлоги односно со летризмот и концептуализмот врз хартија и во овој проект кулминира во виртуелната дијалошка естетика на интернетот.

*Соња Абаџиева*

историчар на уметност и ликовен критичар

# Мојата омилена тема

Најнапред, учителот го препознава својот вистински ученик. Потоа, подуката завршува, ученикот заминува и врската е прекината. Конечно, со текот на времето, ученикот станува учител и се обидува да се присети на она што пропуштил да го чуе и научи - мудроста на сопствениот учител. Така, врската е обновена.

Ова е, накусо, устројството во коешто е предадена најновата приказна на Станко Павлески. Станува збор за една современа епистоларна форма, за преписка на одложениот настан во којашто случките се наредени на нишката без вистински почеток и крај. Содржините на ова допишување се од разновидна природа: размената на себепосветените монолози блика со цинична рамнодушност - што е само друго име за мудроста на занаетот и на животното искуство; оние, пак, не толку чести, вистински дијалози на вистински соговорници, ги чинат јадрата на едно знаење за дисциплината и за светот. Се разбира, во текстот на Павлески, сето тоа е употребено како неопходна дидактичка поткрепа на темите што се понудени за обработка.

Всушност, предмет на допишувањето е политиката на знаењето за уметноста, односно, разгледувањето на просторот и одредувањето на границите на уметничкото дело. Следствено, приказната ниту може, ниту треба да се доврши. Ученикот не го знае тоа ... сè додека и самиот не стане учител.

*Бојан Иванов*

историчар на уметност и ликовен критичар

# Дуплерица

Здраво Стане. Се сеќаваш на мојот проект од 2004 година „Портрет на некој од 1975 година", перформанс со читање на туѓи писма изведен во Велес во рамките на проектот Трилогија - Провинција. Во убеденоста дека уметноста е контролирана и автоцензурирана духовна активност - била и ќе биде штом станува збор за проектирана духовност, во моментот кога ги пронајдов (купив) тие интимни писма на сосем непознати , во тоа време двајца млади луѓе, почувствував потреба јас а и јавноста да ја ставам во нецензуриран амбиент во улога на „колективен воајер", во бесрамно ѕиркање во туѓата интима со безобразно јавно читање на стотина туѓи писма и тоа без нивна дозвола. Тоа беше со намера неетичен проект во кој интимата во никој случај не беше контролирана, а јавноста не предупредена за случката, перверзно се забавуваше со неа. Во твојот случај повторно интима - јавно соголување, но

сега по сопствен избор и тоа во името на како што велиш „неговото височество проектот". Да се читаат туѓи писма , туѓа интима, колку и да е провокативна - возбудлива (малку секс, многу памет) сепак е неетично. Но кога самиот ми ја понуди да ја прочитам и побара мое мислење за неа во форма на текст, таа за мене стана интима -неинтимна, проект кој тоа несакал да биде а станал - проектирана интима – ДУПЛЕРИЦА.

Контекстуализацијата на твојата интима како некое логично продолжение на твојата досегашна пишувачка активност ме потсетува на изложбата на Симе, кога ги излагаше шиткачките слики од Италија и ги наслови како континиутет на неговата концептуална активност, во што беше подржан и од некои негови пријатели критичари.

Вакви примери на алиби контекстуализација има повеќе Конде, Шијак, Анастасов во минатото, а оние од денес не требе да ги спомнуваме по име, зошто се во друга општествена функција, зошто луѓето веќе немаат ниту прашања ниту одговори само го следат ритмот во (се е дозволено), се разбира во гротескната форма зошто содржината станала непотребна -ирелевантна. Постои само месо што се тресе во ритам, пот измешана со парфем, и радост до болка, Личните драми и возбудливата интима изложени јавно се фолклорна форма, фундамент на бестемелноста за која порано пишував во „Fluxus во Дебар", за процесите кои треба да течат по својот природен тек. Токму затоа во истијот тој контекст како метафора и Серафимовски и Божиновски и Филиповски и Башевски и Аџиевски и „Малиот Александар" и.... имаат свое место на улица Македонија, зошто секој поинаков обид за временски скок е контрапродуктивен, видовме а и осетивме невозможен.

И на крај, има нешто егоцентрично лудо кај тебе, чудна креативна фиксација во целиов случај што мене ми се допага - чист уметнички апсурд. Апсурд да се печатат 220 страници писма во форма на книга, апсурд во бројот на примероци на истата, апсурд во нејзиното нечитање, и сам знаеш дека никој не чита ваква артистичка литература кај нас. Но небарај од нив сами да ја видат сопствената примитивност. Луѓето сеуште кршат чаши во кафеана и рацете им крварат, а повикуваат на анархија на рушење, на скврнавење на она што се гради, повикуваат дури и на нов Скопски земјотрес. Каков апсурд. Но и тој има свое место во бестемелноста. Незнам какви реакции очекуваш од луѓето на кои им нарача текст за овој проект но се надевам дека ќе ти бидат од корист.

*Поздрав,*

*Томас (Томе Аџиевски),* скулптор

И одново јас... те молам јависе.

Твојот верен Ptolomy MKD..

**Јас Птоломеј МКД & Н.В. Ништото**
Станко Павлески, 2009

Изданието е дел во заедничкиот уметнички проект
„ Проекција Балкон 3 - Зебра“, реализиран во Александрија, Египет,
со авторите Т. Аџиевски и Ј. Шумковски

---

*Ликовно обликување*
Станко Павлески

*Графичко уредување*
Симчо Шандуловски

*Печатт:*
Девол Маркетинг

*Тираж:*
10 примероци

Ова самостојно издание и проектот се финансиски подржани од
Министерството за култура на Република Македонија.

---

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

7.038.532(497.7) Павлески, С.

ПАВЛЕСКИ, Станко
Јас Птоломеј МКД & Н.В. Ништото / Станко Павлески. – Скопје :
Павлески С., 2009. – 345 стр. : илустр. ; 20 cm.

ISBN 978-9989-2997-0-4

а) Artist book – Македонија
COBISS.MK-ID 77483530

ISBN 978-9989-2997-0-4